БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Анализа на финансиската писменост во основното образование:

## меѓународни добри практики и моментална состојба и предизвици во Северна Македонија

# Анализа на финансиската писменост во основното образование: меѓународни добри практики и моментална состојба и предизвици во Северна Македонија

подготвено за потребите на Бирото за развој на образованието

проф. д-р Радмил Поленаковиќ и м-р Љуан Имери

Декември 2025, Скопје

**Наслов на публикацијата:**
Анализа на финансиската писменост во основното образование:
меѓународни добри практики и моментална состојба и предизвици во Северна Македонија
**Издавач:** Биро за развој на образованието
**Уредник:**
м-р Милка Тримчевска
Ајше Ајрулаи
**Автори:**
проф. д-р Радмил Поленаковиќ
м-р Љуан Имери
д-р Жанета Чонтева
м-р Валентина Гоцевска
**Стручна поддршка:** м-р Афродита Давко - координатор, м-р Александар Јолевски, Ајше Селмани, Ангела Ангелова, Антоанета Шмит – Таневска, Башким Мислими, м-р Бети Денков, д-р Блага Панева, Борјанка Јанакиева – Заева, Ванче Маневски, м-р Виктор Баџуков, Весна Наумофф, Весна Торбовска – Василевска, д-р Габриела Дурчевска – Георгиева, Гордана Цветковска, Горан Стојанов, м-р Гордана Здравевска – Томеска, м-р Диана Садику – Рамадани, Ѓулај Исаки – Усеини, м-р Емилија Вељаноска, Емилија Пановска, Есин Алији, Жаклина Марковска, Ирена Борисовска, Ирина Ѓуроска – Пејоска, м-р Илир Мемеди, Јасминка Иваноска – Несторовска, Јасминка Богдановска, Кристина Ристова, м-р Кети Димковска, д-р Лидија Кондинска, Латифе Бајрами, Љумние Ајдари, Маре Бојческа – Савеска , м-р Мирјанче Милошевска, Мерзије Гаши – Сулејмани, Масар Авдиу, Марјан Бошалевски, Нафије Елезоска – Садиковска, Надица Василева – Мешкова, Оливера Тодороска, Олгица Наумоска, Онур Абди, Рабије Љоку, Суби Ајро, Сања Димитријевиќ, Сејхан Кадриу, Сејхан Таравари, м-р Татјана Лазарова Осоговска, м-р Трајче Калески, Фросина Божиновска
**Лектор:** м-р Татјана Нанкова
**Дизајн и техничко уредување:** „СТУДЕНТСКИ СЕРВИС“ ДОО - Скопје
**Година на издавање** – 2026
**Место на издавање** - Скопје
**Електронско издание**

## Содржина

Користени кратенки ........ 5

Извршно резиме ........ 6

1. Глобален фокус и базично разбирање на финансиската писменост во основното образование........ 8

1.1 Значењето на раното финансиско образование (на возраст од 6-14 години): когнитивни и долгорочни придобивки........ 9

1.2 Меѓународни перспективи: улогата на ОЕЦД, УНЕСКО, Светска банка и други меѓународни институции во развојот на финансиската едукација ........ 10

1.3 Основни концепти и компетенции: дефинирање на финансиска писменост за ученици на возраст од 6-14 години........ 11

1.4. Развојот на финансиската писменост ........ 12

2. Водечки меѓународни рамки за младинска финансиска писменост ........ 19

2.1 Рамка за финансиска компетентност на ОЕЦД/ЕУ за деца и млади ........ 19

2.2 Компаративни сознанија: клучни елементи од Коалицијата за лична финансиска писменост (Jump$tart Coalition) и стандардите на Националниот совет за финансиски едукатори........ 22

3. Меѓународен преглед на добри практики на програми за финансиска писменост и наставни пристапи (на возраст од 6 до 14 години) ........ 27

3.1 Преглед на добри практики на Европската Унија (ЕУ) ........ 27

3.2 Соединетите Американски Држави........ 32

3.3 Канада........ 34

3.4 Обединетото Кралство (ОК)........ 36

3.5 Австралија........ 39

3.6 Јужна Кореја ........ 41

3.7 Нов Зеланд........ 42

3.8 Примери на успешни проекти за финансиска писменост на програмата АФЛАТОУН ........ 46

4. Резиме на најдобрите меѓународни практики: клучни компоненти на ефективни програми за финансиска писменост ........ 49

4.1 Дизајн на наставна програма: соодветност на возраста, прогресија, интеграциски наспроти самостоен пристап во воведување на финансиското образование ........ 49

4.2 Педагошки стратегии: искуствено учење, решавање проблеми во реалниот свет, гејмификација, дигитална интеграција........ 50

4.3 Двигатели за поефикасна имплементација: професионален развој на наставниците, ресурси, вклученост на родителите, партнерства........ 51

4.4 Вреднување (оценување на учениците) и евалуација: техники и фокус ........ 52

5. Меѓународно признати алатки за мерење на финансиската писменост ........ 54

5.1 ОЕЦД ПИСА Проценка на финансиската писменост........ 54

5.2 Национален совет на финансиски едукатори - НФЕЦ (NFEC) Тест за финансиска писменост ........ 55

5.3 Други релевантни пристапи за проценка и размислувањата на младите поврзани со финансии ........ 56

6. Анализа на моменталната состојба со финансиското образование во Република Северна Македонија....58
6.1 Стратегија за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 и улогата на Народната банка (деталната анализа е презентирана во Прилог 2)....58
6.2 Анализа на наставните програми за вклученост на елементи на финансиска писменост (деталната анализа е презентирана во Прилог 3)....59
6.3 Анализа на застапеност на елементи од финансиска писменост во учебниците во основното образование (деталната анализа е презентирана во Прилог 4)....61
6.4 Анализа на наодите од теренското истражување (деталната анализа е презентирана во Прилог 5)....62
6.5 Заклучоци и препораки за зајакнување на финансиската писменост во основното образование....72
7. Заклучни согледувања за унапредување на финансиската способност на идните генерации на Северна Македонија....78
Користени литературни извори....80
ПРИЛОГ 1. Терминологија поврзана со финансиската писменост....85
ПРИЛОГ 2. Стратегија за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 и улогата на Народната банка....88
ПРИЛОГ 3. Анализа на наставните програми што содржат елементи на финансиска писменост во основното образование во Република Северна Македонија....93
ПРИЛОГ 4. Анализа на застапеност на елементи од финансиска писменост во учебниците во основното образование....101
ПРИЛОГ 5. Анкетни истражувања....110

## Користени кратенки

| Кратенка | Целосен поим |
|---|---|
| БРО | Биро за развој на образование |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИНФЕ | Меѓународната мрежа за финансиско образование |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| НФЕЦ (NFEC) | Национален совет за финансиски едукатори |
| ОЕЦД (OECD) | Организација за економска соработка и развој<br>(Organisation for Economic Co-operation and Development) |
| ОК | Обединето Кралство |
| ПИСА<br>(PISA) | Програма за меѓународни тестирања на учениците<br>(Programme for International Student Assessment) |
| СБ | Светска банка |
| САД | Соединети Американски Држави |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура |
| ЦОР<br>(SDG) | Цели за одржлив развој<br>(Sustainable Development Goals) |

## Извршно резиме

Овој извештај дава преглед на меѓународните добри практики во образованието за финансиска писменост за ученици од основните училишта на возраст од 6 до 14 години, како и увид во анализата на состојбата со финансиската писменост во основното образование во нашата земја.

Целта на овој извештај е да се идентификуваат успешни програми и стратегии од земји со развиени образовни системи во сегментот на финансиска едукација, да се согледа моменталната состојба со нивото на развиеност на финансиската писменост во основното образование во насока на генерирање заклучоци за активности и препораки за поголема и поквалитетна застапеност на финансиската едукација во системот на основно образование во Северна Македонија.

Анализите од истражувањата на меѓународно ниво ги опфаќаат програмските структури, резултатите од учењето, педагошките пристапи, методите на оценување и стратегиите за имплементација од земјите на Европската унија (Финска, Хрватска и др.), САД, Канада, Обединетото Кралство, Австралија, Јужна Кореја, Нов Зеланд и други земји. Од друга страна, во рамки на практичниот дел од истражувањата, анализирани се добрите практики и искуствата кои произлегуваат од спроведувањето на „Националната стратегија за финансиска едукација и финансиска вклученост (2021-2025)“ во нашата земја, вклученоста на елементи од финансиии во наставните програми и во учебниците во основното образование, а направена е и сериозна анализа на финансиската писменост на учениците, наставниците и родителите со над 7000 испитаници.

Водечките меѓународни истражувања јасно укажуваат на значајните и долгорочните придобивки од воведувањето финансиско образование уште во најраните години од основното образование. Истражувањата покажуваат дека финансиските навики и ставови се формираат уште од најрана возраст, што ја прави старосната група од 6 до 14 години критичен период за развој на основни знаења и позитивни однесувања поврзани со управување со пари, штедење, буџетирање и одговорна потрошувачка. Ефективните програми за финансиска писменост се карактеризираат со содржини соодветни на возраста, со теми, често интегрирани во постојните наставни програми и со користење партиципативни, искуствени, реални и сè почесто дигитални педагошки методи. Успешните меѓународни практики доследно покажуваат дека инвестицијата во наставнички капацитети, квалитетните ресурси и соработката со семејствата и заедницата е неопходна за одржлив и успешен финансиски образовен систем.

Меѓународно признатите студии и рамките за финансиска писменост, како што е Рамката за финансиски компетенции на ОЕЦД/ЕУ за деца и млади, обезбедуваат сеопфатни насоки за основните компетенции - кои опфаќаат знаење, вештини, ставови и однесувања - што треба да ги развијат младите ученици. Оценувањето на финансиската писменост кај младите се базира на комплексен пристап, многу повеќе од класичното меморирање на информации - проверката на стекнатото знаење се одвива преку проверка на здобиените вештините во тестови поврзани со реалниот свет и е во функција на негувањето здрави финансиски навики.

За нашата земја, „Националната стратегија за финансиска едукација и финансиска вклученост (2021-2025)“ обезбедува силна основа за правилни политики и активности поврзани со основното образование. Надградбата на оваа стратегија и искористувањето на позитивните искуства од минатите иницијативи, како што беше пилот проектот за социјално и финансиско образование на децата во рамки на предметот животни вештини, е од клучно значење за продолжување на моментумот за зајкнување на финансиската едукација. Со цел да се провери степенот на финансиска писменост на училишната популација, како и

ставовите на наставниот кадар и родителите по основ на ова прашање, во координација со Бирото за развој на образованието направена е обемна анализа во која учествуваа над 3600 ученици од 4-то, 7-то и 9-то одделение во основното образование, над 1200 наставници и над 2300 родители од 68 училишта од сите осум плански региони на нашата земја. Добиените резултати од анализата препознаваат некои од недостатоците во познавањето на елементи од финансиската писменост, но и даваат насоки за подобро инкорпорирање на финансиската едукација во формалниот образовен систем во основното образование во наредниот период.

Дел од препораките во овоја извештај вклучуваат: интегрирање на теми поврзани со финансиите и заштита на потрошувачите во наставни предмети како што се: животни вештини, математика, општество, иновации и сл., и тоа почнувајќи од најраната возраст. Внесување на содржини од финансии кои би се предавале во текот на едно цело полугодие во некој од предметите (на пример Иновации во 9-то одделение). Ова треба да биде поддржано со активни педагошки пристапи насочени кон учениците, сеопфатен професионален развој на наставниците, балансирана стратегија за оценување на знаењата која ќе базира на реални примери, како и постигнување на појака формализирана соработка меѓу разните чинители (финансиски институции, пред сè, Министерство за финансии и НБРСМ, невладини организации, понудувачи на обуки, медиумите, и сл.), а под раководство на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Зајакнувањето на финансиската писменост кај најмладите претставува значајна долгорочна инвестиција во зголемувањето на капацитетите на идните генерации со основни и напредни финансиски познавања за лична благосостојба и национален социо-економски напредок.

# 1 Глобален фокус и базично разбирање на финансиската писменост во основното образование

Воведувањето на финансиско образование во основното образование претставува значаен глобален тренд насочен кон обезбедување на основни знаења и вештини за одговорно управување со личните финансии. Истражувањата и меѓународните искуства сугерираат дека успешната имплементација на финансиската едукација во основните училишта е возможна, особено кога е поддржана од соодветни политики, ресурси и професионална обука за наставниот кадар[1].

Ефективноста на финансиското образование се заснова на неговата интеграција преку различни наставни предмети и практични активности, што ја засилува применливоста на финансиските концепти во реални ситуации. Покрај наставните методи, одржливоста на овие програми зависи од политичката волја, ангажманот на наставниците и активното учество на родителите и локалната заедница[2].

Со оглед на комплексноста на финансиските одлуки со кои граѓаните се соочуваат уште од рана возраст, финансиската писменост игра клучна улога во личниот и економскиот развој. Според меѓународни истражувања, раното финансиско образование има долгорочни позитивни ефекти врз индивидуалната финансиска стабилност и општествениот напредок[3].

Различните модели на имплементација покажуваат дека критични фактори за успешноста на финансиското образование се институционалната поддршка, професионалната обука на наставниците и интегриран пристап кон наставната програма. Овие искуства можат да послужат како основа за развој на слична програма во нашата земја, следејќи ги добрите практики и адаптирајќи ги кон локалниот контекст[4].

Клучните цели на финансиското образование вклучуваат:

- Рано градење на финансиска писменост;
- Подобрување на навиките за штедење и одговорно трошење;
- Справување со потрошувачкиот притисок и медиумите;
- Спречување на прекумерна задолженост и финансиски измами;

Финансиската едукација во основното образование претставува клучен фактор за градење на финансиска писменост кај младите. Меѓународните искуства покажуваат дека успешното интегрирање на финансиските концепти во наставните програми овозможува учениците да стекнат практични знаења за управување со личните финансии, што позитивно влијае врз нивните идни економски одлуки.

1 OECD (2012). *PISA 2012 Assessment and Analytical Framework: Mathematics, Reading, Science, Problem Solving and Financial Literacy.* OECD Publishing.
Lusardi, A., & Mitchell, O. S. (2014). *The Economic Importance of Financial Literacy: Theory and Evidence.* Journal of Economic Literature, 52(1), 5–44. https://doi.org/10.1257/jel.52.1.5
2 Fernandes, D., Lynch Jr., J. G., & Netemeyer, R. G. (2014). *Financial Literacy, Financial Education, and Downstream Financial Behaviors.* Management Science, 60(8), 1861–1883. https://doi.org/10.1287/mnsc.2013.1849
3 Hastings, J. S., Madrian, B. C., & Skimmyhorn, W. L. (2013). Financial Literacy, Financial Education, and Economic Outcomes. Annual Review of Economics, 5, 347–373.
4 OECD (2020). OECD/INFE International Survey of Adult Financial Literacy. OECD Publishing

### 1.1 Значењето на раното финансиско образование (на возраст од 6-14 години): когнитивни и долгорочни придобивки

Императивот образованието за финансиска писменост да започне во основно училиште сè повеќе се препознава на глобално ниво, поддржано од сè поголем број истражувања кои ги истакнуваат неговите когнитивни и долгорочни придобивки. Доказите сугерираат дека основните финансиски навики и ставови почнуваат да се обликуваат уште од најмала возраст, при што некои студии покажуваат дека овој процес започнува уште на петгодишна возраст[5]. Овој ран период на формирање го нагласува критичниот прозорец на можности во основното образование (обично на возраст од 6-14 години) да се воведат и негуваат основни финансиски концепти, вештини и однесувања. Финансиската писменост не е само за разбирање на парите; се смета за клучна за водење продуктивен и квалитетен живот, бидејќи способноста на поединецот вешто да управува со финансиите значително влијае на неговата севкупна благосостојба и безбедност во иднина[6]. Широко присутно е уверувањето дека воведувањето концепти за финансиска писменост во рана возраст го поттикнува развојот на здрави финансиски навики кои можат да опстојат до зрелоста и позитивно да влијаат на идното финансиско одлучување[7].

Периодот од 6 до 14 години е особено чувствителен за когнитивниот и емоционалниот развој, што го прави идеален за воведување на основите на финансиската писменост. Во текот на овие години, децата постепено го зголемуваат својот капацитет за разбирање на апстрактни концепти како што се штедењето за иднината, целта на буџетирањето и субјективната вредност на производите и услугите. Ако овие основни концепти не се воведат и негуваат во текот на оваа развојна фаза, постои ризик децата да стекнат лоши финансиски навики, како што се импулсивно трошење или недостаток на разбирање во врска со штедењето, што може да стане потешко за променување подоцна во животот[8].

Истражувањата покажуваат дека кога финансиското образование е систематски интегрирано во наставата, резултира со значајни подобрувања во знаењето, ставовите и однесувањето на учениците. Врз основа на мета-анализи, структурата и контекстот на интервенцијата се клучни фактори за нејзината ефективност, особено кога се комбинираат со интерактивни методи и поддршка од наставниот кадар. Иако директното влијание врз финансиското однесување може да изгледа помало на краток рок, сепак е значајно и упатува на подолгорочно негување на одговорни финансиски активности[5]. Оваа цврста база на докази ја потврдува инвестицијата во развивање и спроведување на сеопфатни програми за финансиско образование во основните училишта. Позитивното влијание и на стекнувањето знаење и на постепеното обликување на однесувањето обезбедува силно оправдување за рана интервенција.

Недостатокот на финансиска едукација во раните години од детскиот развој може да резултира со „дефицит на знаење" кој потешко може да се надополни во подоцнежните години. Ова имплицира дека интервенциите во текот на основното училиште не се само

---

5 Образование за финансиска писменост во Соединетите Држави ... - ExcelinEd, https://excelined.org/2025/03/04/financial-literacy-education-in-the-united-states-landscape-analysis-and-next-steps/

6 Вештини за финансиска писменост: Разбирање на свеста за штедење на учениците од основните училишта, https://www.researchgate.net/publication/390651421_Financial_Literacy_Skills_Understanding_Primary_School_Students›_Saving_Awareness

7 journal.iainlangsa.ac.id, https://journal.iainlangsa.ac.id/index.php/atfaluna/article/download/5724/2649

8 Важноста на финансиската писменост во училиштата: опремување на учениците од Сингапур со основни животни вештини за управување со пари - Educare туторство, https://www.educaretutoring.sg/post/the-importance-of-financial-literacy-in-schools

за непосредно стекнување на знаење, туку се клучни за воспоставување на доживотна траекторија кон зголемена финансиска способност.

Исто така, се смета дека финансиската писменост делува како значаен „заштитен фактор". Во сè покомплексниот финансиски свет, младите се соочуваат со предизвици како што се управувањето со личните долгови, притисокот за непосредна потрошувачка наспроти штедењето, како и сериозна ранливост на софистицирани финансиски измами[9]. Базичното финансиско образование подразбира запознавање со концепти како што се разбирање на ризикот, важноста на одговорното трошење, придобивките од штедењето и како да се идентификуваат потенцијално лажни финансиски практики и измами, итн., односно ги подготвува децата со алатки за поефективно справување со овие предизвици. Овој „превентивен аспект" на финансиската писменост е особено релевантен со оглед на брзата дигитализација на финансиските услуги и новите форми на финансиска изложеност што таа ги носи за младите луѓе[10]. Така, финансиската писменост не е само „подобрување" на наставната програма, туку суштинска животна вештина неопходна за навигација во економската реалност на современиот свет.

## 1.2 Меѓународни перспективи: улогата на ОЕЦД, УНЕСКО, Светска банка и други меѓународни институции во развојот на финансиската едукација

Залагањето за подобрување на финансиската писменост кај младите не е изолирана активност, туку глобално признат приоритет, кој го поддржуваат влијателни меѓународни организации. **Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД)** стои како истакнат лидер во оваа област. ОЕЦД активно им помага на земјите во развивањето и спроведувањето на силни политики и програми за финансиско образование, постојано нагласувајќи дека **финансиската писменост е основна животна вештина** од суштинско значење за индивидуалната благосостојба и економската стабилност[11]. Клучна компонента на работата на ОЕЦД вклучува спроведување на меѓународни компаративни истражувања, особено модулот за финансиска писменост на Програмата за меѓународно оценување на учениците (PISA - Programme for International Student Assessment). Овие анализи обезбедуваат непроценливи, споредливи податоци за финансиските знаења и вештини на 15-годишните ученици од земјите-учеснички, овозможувајќи им на земјите да ги мери нивните перформанси, да ги идентификуваат областите за подобрување и да учат од најдобрите меѓународни практики[12]. Фокусот на ОЕЦД на политиката заснована на податоци и нејзините сеопфатни рамки нудат мноштво истражувања и насоки за нациите како Северна Македонија кои се обидуваат да ги развијат или усовршат своите национални стратегии за финансиска писменост.

**Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО)**, исто така, игра значајна улога во промовирањето на финансиската писменост, честопати истакнувајќи ги иновативните и културно-чувствителните пристапи кон образованието. На пример, УНЕСКО поддржа иницијативи што користат креативни медиуми, како што се стриповите, за да ги направат сложените финансиски концепти помалку застрашувачки и подостапни, особено за помладите ученици[13]. Покрај специфичната програмска поддршка,

9 Financial Education Resources - OSPI, https://ospi.k12.wa.us/student-success/resources-subject-area/financial-education/financial-education-resources

10 Улогата на финансиската писменост - ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/blogs/2025/03/the-role-of-financial-literacy.html

11 Финансиско образование - ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/topics/financial-education.html

12 Улогата на финансиската писменост - ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/blogs/2025/03/the-role-of-financial-literacy.html

13 Донесување на животна финансиска писменост преку секвенцијална уметност -

УНЕСКО се залага за соодветни и одржливи јавни инвестиции во образованието, гледајќи го како глобално заедничко добро и основно човеково право[14]. Ваквиот пристап на УНЕСКО ја нагласува важноста државите да покажат посветеност за финансирање и приоретизирање на иницијативите за финансиско образование во националните образовни системи.

**Светската банка** е уште еден клучен меѓународен актер кој активно ја промовира финансиската писменост. Институцијата ја гледа финансиската писменост како основна за економското здравје и стабилноста на земјите и има поддржано различни проекти на глобално ниво кои се фокусираат на подобрување на финансиските знаења и вештини на децата на училишна возраст[15]. Вклучувањето на големите меѓународни финансиски институции ги сигнализира пошироките импликации за економски развој поврзани со поттикнување на финансиски писмено население, поврзувајќи ја индивидуалната финансиска способност со економската отпорност и раст на националната економија.

Заедничките напори на овие влијателни меѓународни тела - ОЕЦД, УНЕСКО и Светската банка и други - укажуваат на силен глобален консензус за критичната важност на финансиската писменост на младите. Ова веќе не е периферна образовна тема, туку е препознаена како основен приоритет за поттикнување на индивидуалната благосостојба, придонесување за општествената стабилност и промовирање одржлив економски развој. Оваа широка меѓународна посветеност кон финансиската писменост обезбедува сериозно образложение и силна поддршка за напорите на национално ниво во Северна Македонија да се даде приоритет и да се инвестира во финансиската едукација за доброто на нејзините млади граѓани.

Забележителен тренд во дискурсот и рамките промовирани од овие меѓународни организации е концепциско поместување од тесниот фокус на „финансиската писменост“ (често подразбира само знаење) кон пошироки термини како „финансиска компетентност“, „финансиска способност“ и „финансиска благосостојба“[9]. Оваа еволуција во терминологијата рефлектира посеопфатно разбирање кое опфаќа не само стекнување финансиски знаења, туку и развој на практични вештини, позитивни ставови, одговорно однесување и најважно, пристап и способност за користење соодветни финансиски услуги. Оваа поширока перспектива има значителни импликации за тоа како програмите за финансиско образование се дизајнирани, имплементирани и оценуваат, поттикнувајќи чекор кон сеопфатно финансиско зајакнување наместо само трансфер на знаење.

## 1.3 Основни концепти и компетенции: дефинирање на финансиска писменост за ученици на возраст од 6-14 години

Дефинирањето на финансиската писменост за учениците на возраст од 6 до 14 години подразбира поедноставување на сложените финансиски концепти во компоненти што се соодветни за нивниот развоен стадиум. За оваа возрасна група, образованието за финансиска писменост најчесто опфаќа основни теми како што се разликување помеѓу желби и потреби, разбирање на парите и нивната намена, штедење, буџетирање и одговорна потрошувачка[16].

---

УНЕСКО, https://www.unesco.org/en/articles/bringing-financial-literacy-life-through-sequential-art

14 Финансирање на образованието | УНЕСКО, https://www.unesco.org/en/education-policies/financing

15 Финансиска писменост – помагање на граѓаните да направат паметни финансиски избори - Светска банка, https://www.worldbank.org/en/news/opinion/2018/06/21/financial-literacy-helping-citizens-make-smart-financial-choices

16 Вештини за финансиска писменост: Разбирање на свеста за штедење на учениците од основните училишта, https://www.researchgate.net/publication/390651421_Financial_

Усвојувањето нови знаења и самото учење треба да има прогресивна димензија. За помладите ученици, обично на возраст од 6 до 10 години, финансиското образование често започнува со конкретни концепти како што се препознавање на различни деноминации на пари, разбирање на основната разлика помеѓу потребите и желбите и разбирање на едноставниот чин на заштеда на пари, како на пример во детски касички. Како што созреваат децата, веќе за возрасната група од 11 до 14 години, концептите можат да се прошират во посложени за да вклучат практични вештини како креирање и следење едноставен буџет, разбирање на основната механика на каматна стапка (на пример, за штедење), почетна свест за кредити, па дури и воведни идеи за инвестиции и создавање на претпријатие[17].

Значаен придонес во дефинирањето на овие концепти кои треба да се изучуваат во основното образование доаѓа од Рамката за финансиски компетенции на ОЕЦД/ЕУ за деца и млади[18]. Оваа рамка систематски опишува четири главни области на содржини клучни за развојот на финансиската писменост: 1) Пари и трансакции, 2) Планирање и управување со финансии, 3) Ризик и награда и 4) Финансиски систем. Оваа сеопфатна структура обезбедува јасен патоказ за тоа што треба да опфати образованието за финансиска писменост за оваа возрасна група и служи како непроценлив ресурс за развој на наставни програми.

## 1.4. Развојот на финансиската писменост

Економијата претставува основен столб на човечкото општество, влијае на различни аспекти од секојдневниот живот и ги обликува социјалните и деловните интеракции. Ефикасното финансиско управување игра клучна улога во економските процеси, овозможувајќи им на индивидуите рационално да располагаат со ресурсите, да инвестираат во иднината и да ја одржуваат финансиската благосостојба преку планирање, штедење и контрола на трошоците.

Финансиската писменост е неопходна за ефективно управување со личните финансии. Концептот на разбирање и управување со личните финансии различно се дефинира во различни земји и области:

- **Обединетото Кралство и Канада** го нарекуваат „финансиска способност“.
- **САД и други земји** го нарекуваат „финансиска писменост“.
- Други термини што се користат вклучуваат „финансиска свесност“ и „финансиско образование“.

Финансиската писменост претставува фундаментален аспект на индивидуалната и општествената благосостојба, овозможувајќи им на луѓето да донесуваат информирани и одговорни финансиски одлуки во секојдневниот живот. Недостатокот на финансиска едукација може да доведе до негативни последици, како што се прекумерно задолжување, некоректен избор на заемни продукти и проблеми со отплата на хипотеки. Иако финансиското образование не може целосно да ги елиминира овие предизвици, тоа значително го намалува нивното влијание, поттикнувајќи финансиска стабилност и одржлив економски раст.

Родителското влијание игра клучна улога во финансиското образование кај младите,

Literacy_Skills_Understanding_Primary_School_Students›_Saving_Awareness

17 Наставна програма за финансиска писменост за домашно училиште | САД и Австралија — MoneyTime | Онлајн курс за финансиска писменост за деца, пристапен на 5 јуни 2025 година, https://www.moneytimekids.com/for-homeschool

18 Рамката за финансиски компетенции на ОЕЦД/ЕУ за деца и млади https://www.oecd.org/en/publications/financial-competence-framework-for-children-and-youth-in-the-european-union_bf059471-en.html

неретко надминувајќи ја важноста на формалното учење. Истражувањата покажуваат дека раните разговори за финансии во семејството значително придонесуваат за долгорочната финансиска стабилност на индивидуите. Културните фактори, исто така, имаат значајно влијание врз финансиската писменост, бидејќи во одредени земји дискусиите за пари меѓу родителите и нивните деца се табу тема, што го ограничува нивното разбирање за финансиските концепти.

Недостатокот на финансиско образование од најрана возраст може да доведе кај младите да се развијат штетни финансиски навики. Истражувањата укажуваат дека уште на седумгодишна возраст, децата веќе формираат основни финансиски однесувања кои можат да се задржат во повозрасните години. Затоа, навремено и сеопфатно финансиско образование е од суштинско значење за развојот на економски свесни и одговорни граѓани.

Од анализата на научната литература, се согледува дека финансиската едукација е предмет на истражување на различни автори, истражувачи, меѓународни организации и институции, при што истата се разгледува од повеќе перспективи и во различни контексти.

Важно е да се нагласи дека термините „финансиска едукација" и „финансиска писменост" не се идентични, при што финансиската едукација се третира како поширок поим што ги опфаќа образовните политики, наставните програми и способностите потребни за долгорочно управување со финансии[19]. Сепак, и покрај оваа разлика, истражувањата укажуваат на постоење на одредени празнини во клучните аспекти на финансиската писменост.

Еден од клучните концептуални предизвици во областа на финансиското образование е честата употреба на терминот финансиска писменост како синоним за финансиска едукација или финансиско знаење. Иако овие поими се меѓусебно поврзани, нивното неразликување може да доведе до терминолошка нејаснотија и методолошки заблуди во процесот на формулирање и имплементација на образовните политики. Финансиската писменост опфаќа поширок спектар на способности, вклучувајќи критичко размислување, донесување информирани одлуки и практична примена на финансиските концепти во секојдневниот живот[20]. Затоа, прецизното разграничување на овие термини е од суштинско значење за унапредување на ефективни, контекстуално релевантни стратегии за финансиска едукација.

Финансиската едукација има долга и еволутивна историја, преминувајќи од неформални совети пренесувани од генерација на генерација до стратешки развиени програми и истражувања.

- Во XVIII век, значаен момент е **колумната на Бенџамин Френклин**, „Хинт фор доус ху вуд би рич" ( „Hints for Those Who Would Be Rich" -1737), која се смета за еден од првите обиди за промовирање на финансиското образование[21]. Тоа е еден од првите обиди за популаризација на личните финансии и промовирање на вредностите на штедење, трудољубивост и одговорно управување со пари — што денес се сметаат за основа на современото финансиско образование.
- Во XIX век, фокусот се префрла кон практични аспекти, како управувањето со парите и нивно чување. **Џејмс Гилбарт**, автор на лични

19 Retzmann, T., & Seeber, G. (2016). *Financial Education and Financial Literacy in Europe: A Comparative Evaluation of Current Initiatives.* In: Kaiser, T. & Menkhoff, L. (Eds.), *Financial Literacy and Financial Education.* Springer.
20 Potrich, A. C. G., Vieira, K. M., & Kirch, G. (2015). *Determinants of Financial Literacy: Analysis of the Influence of Socioeconomic and Demographic Variables. Revista Contabilidade & Finanças*, 26(69), 362–377
21 Money Fit by DRS (2021). *A Brief History of Financial Literacy and Education in America*

финансии, во 1849 година објавува текст„Тен минитс адвајс абаут кипинг а бенкер“ („Ten Minutes' Advice about Keeping a Banker“), нагласувајќи ја важноста на банкарските сметки за поединците.

- XX век носи значителен развој во предметната тематика, бидејќи финансиската писменост почнува да се изучува формално. Оваа ера се карактеризира со пораст на институционализирани напори за финансиска едукација, посебно по големи економски настани како Големата депресија и финансиските кризи[22].

Во современиот финансиски свет, потребата за финансиска едукација станува сè поважна, особено во контекст на глобалните финансиски кризи и намалената државна поддршка. „Финансиската едукација е поважна од кога било“, но не треба да се гледа како единствено средство за решавање на финансиската исклученост или градење финансиско свесно општество[23], односно финансиската едукација во контекст на социјалните нееднаквости и структурната финансиска исклученост (иако таа е суштинска алатка), не смее да се претвори во алиби за намалување на институционалната поддршка и регулаторните политики.

Анализата на стручната литература покажува дека во финансиската едукација се применуваат три клучни теории:

- Теорија на планирано однесување (ТПО) – оваа теорија објаснува како намерите, ставовите и социјалните норми влијаат врз финансиските одлуки. Според неа, индивидуите носат финансиски одлуки врз основа на своите ставови, перцепцијата за контролата врз сопствените финансии и во зависност од надворешните фактори[24].
- Транстеоретски модел (ТТМ) – оваа теорија ги прикажува финансиските навики како процес на постепена промена, кој се одвива низ различни фази. Индивидуите се движат од незаинтересираност кон свесност, подготовка, акција и на крај кон одржување на здрави финансиски практики. Овој модел се фокусира на **претворање на теоретските концепти во практични апликации**, при што главната цел е советување и насочување кон постепени промени во финансиското однесување[25].
- Теорија на самоопределување (ТСО) – ја истакнува мотивацијата како клучен фактор за финансиските одлуки. Според оваа теорија, луѓето се повеќе склони да донесуваат одржливи финансиски одлуки кога имаат внатрешна мотивација, а не само кога се водени од надворешни стимули. Теорија има за цел **да поттикне интерес и доверба кај поединецот**, овозможувајќи му автоматски да ги применува стекнатите знаења и вештини во своја корист.

Примената на овие теории во финансиското образование помага за подобро разбирање на индивидуалните однесувања, поттикнување на позитивни финансиски навики и креирање на стратегии за едукација што соодветно ги адресираат предизвиците во финансиското управување.

Џинг Џијан Ксијао е еден од научниците кој детално го истражува применувањето на **Теоријата на планирано однесување (ТПО)** и **Транстеоретскиот модел (ТТМ)** во финансиското

---

22 Rose, J. (2022). The Evolution of Financial Literacy Education in the United States. Journal of Financial Education and Research, 10(2), 45–60

23 Appleyard, L., & Rowlingson, K. (2012). *Financing the Future: Money Advice and Financial Capability. The British Journal of Politics and International Relations*, 15(3), 514–533.

24 Amoah, P. (2016). Financial Decision Making and Behaviour: Insights from Psychological Theories. Journal of Behavioral Finance, 17(1), 40–50.

25 Xiao, J. J. (2008). Applying Behavioral Theories to Financial Counseling and Education. In J. J

однесување. Според него, „финансиското однесување може да се дефинира како секое човечко однесување што е релевантно за управувањето со парите. Вообичаените финансиски однесувања вклучуваат готовина, кредитирање и однос кон штедењето“. Ксијао нагласува дека овие **две теории** не само што се применливи за специфични финансиски однесувања и популации, туку имаат поширока примена за различни типови на финансиско однесување и различни демографски групи. На пример, многу држави развиваат **онлајн платформи за даночни пријави** за да им помогнат на потрошувачите со ниски приходи да добијат даночни поврати.

Според Ксијао, економистите кои работат со потрошувачи би можеле да соработуваат со **владините агенции и финансиските институции** за да ги применат овие теории при дизајнирањето на ефективни **образовни програми** и **теренски активности.** Ова би обезбедило поголемо влијание на социјалните иницијативи, овозможувајќи поефективни финансиски решенија за граѓаните.

Постојат бројни меѓународни институции и иницијативи посветени на унапредување на финансиската едукација, особено со акцент на финансиската писменост. Нивната цел е да обезбедат клучни знаења и вештини што ќе им помогнат на младите генерации да станат финансиски способни и свесни за управувањето со своите средства.

Една од водечките организации во оваа област е **Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД)**, која од 2005 година активно работи на промоција на финансиската едукација како средство за подобрување на личните финансии на глобално ниво. ОЕЦД ја потенцира потребата од финансиска едукација уште од најрана возраст, интегрирајќи ја во образовните програми како дел од наставниот процес.

Според ОЕЦД, „Меѓународната мрежа за финансиско образование (ИНФЕ) ги поддржува креаторите на политики и јавните власти во дизајнирањето и имплементирањето на национални стратегии и програми за финансиска едукација, истовремено предлагајќи иновативни методи за подобрување на финансиската писменост кај населението во партнерските земји“[26].

Овие меѓународни иницијативи играат клучна улога во намалувањето на финансиската исклученост и создавањето на информирани и финансиски одговорни граѓани. Со континуирана поддршка и адаптирани програми, финансиската едукација може да стане суштински дел од образовните системи ширум светот.

ИНФЕ, со поддршка од Русија, Светската банка и Фондот за финансиска писменост и едукација на ОЕЦД, спроведе сеопфатна иницијатива за оценување на програмите за финансиска едукација. Овој процес вклучува анализирање на искуства од различни земји, идентификување на клучните предизвици и извлекување вредни научени лекции.

Врз основа на собраните податоци, ИНФЕ разви низа политички инструменти за евалуација на програмите за финансиска едукација, меѓу кои се издвојуваат:

- Принципите на високо ниво за евалуација на програмите за финансиска едукација[27] – насочени кон воспоставување стандарди за мерење на ефективноста на различните образовни иницијативи во оваа област.
- Два не-технички водичи за евалуација на програмите за финансиска писменост– обезбедуваат практични насоки за анализирање и подобрување на финансиската писменост на индивидуално и национално ниво.

26 OECD (2013). OECD/INFE High-level Principles on National Strategies for Financial Education. OECD Publishing.
27 OECD/INFE (2011). High-level Principles on Evaluation of Financial Education Programmes.

Овие алатки се основа за развивање подобри стратегии за финансиска едукација, со цел да се зголеми нивото на финансиска писменост и да се овозможи поефикасно управување со личните и општествените економски ресурси.

Според **ОЕЦД (2006)**, клучен аспект за иднината на финансиската едукација е **освестувањето на потрошувачите** за нејзината важност и обезбедувањето пристап до соодветни едукативни ресурси. Особено значајна препорака на ОЕЦД е дека е потребно што поголемо **интегрирање на финансиското образование во училиштата**, бидејќи новите генерации треба да бидат многу починсмени од своите родители за да можат успешно да управуваат со своите лични финансии во текот на животот.

Еден од најголемите придонеси на ОЕЦД во областа на финансиската едукација е **вклучувањето на финансиската писменост во меѓународното тестирање на ПИСА во 2012 година**. Ова истражување ја проценува **способноста на 15-годишните ученици** да:

- **Идентификуваат, разберат и анализираат** финансиски информации,
- **Донесуваат информирани одлуки** и ги предвидуваат нивните финансиски последици,
- **Управуваат со финансиските ресурси** и ги применуваат научените концепти во реални ситуации,
- **Усвојат одговорно финансиско однесување** кон себе, околината и заедницата[28].

Во 2007 година, Европската комисија ги прифати заклучоците за финансиска едукација, со што официјално ја призна клучната улога на финансиската едукација во политиките на домашниот пазар и нејзините придобивки за поединците, општеството и економијата.

Понатаму, Европската Унија и ОЕЦД/ИНФЕ заеднички развија Рамка за финансиска компетентност за возрасни, која не претставува традиционална наставна програма, туку концептуален модел врз кој се градат политики и мерки за финансиска едукација. Оваа рамка обезбедува структурирана основа за унапредување на финансиската писменост преку:

- Поддршка на развојот и ажурирањето на национални стратегии за финансиска писменост.
- Дизајн на образовни програми и материјали за финансиска едукација, вклучувајќи ги високообразовните институции.
- Изработка на специјализирани алатки за финансиска едукација насочени кон ранливи групи.
- Промовирање јавни и приватни кампањи за подигнување на финансиската свест.
- Олеснување на проценката на нивото на финансиска писменост и евалуација на националните програми за финансиска писменост[29].

Оваа рамка игра значајна улога во унапредувањето на финансиското знаење и компетентноста кај граѓаните, овозможувајќи им да донесуваат информирани финансиски одлуки и поефикасно да управуваат со своите ресурси.

---

28 Sudakova, A. (2018). *Financial Literacy in the PISA 2012 Assessment: Overview and Key Findings.* International Journal of Educational Research, 87, 1–12.

29 European Union / OECD (2022). Measuring Financial Literacy and Financial Inclusion in the EU: Policy Guidance and Good Practices. Publications Office of the European Union

Според **Извештајот на АППГ/**APPG[30] (Парламентарна група на сите партии) за финансиска едукација и наставна програма, во Англија сè уште не постои законска обврска за изучување на теми поврзани за лични финансии. Иако програмата за лични финансии беше воведена во **Националната наставна програма** уште во 2000 година, таа останува нестатутарен елемент, интегриран во предметите за **лична, социјална, здравствена и економска едукација**.

Во обид да го подобри квалитетот на финансиската едукација, извештајот повикува на конкретни владини мерки, меѓу кои се издвојуваат следните препораки:

- **Интеграција на едукацијата за лични финансии како задолжителен дел** од наставната програма, со што ќе се обезбеди формална и систематска подготовка на учениците за управување со финансиски ресурси.
- **Обезбедување пристап до квалитетни ресурси од надворешни организации**, кои наставниците ќе можат да ги користат врз основа на нивната корисност, релевантност и доверливост.

Препораките имаат за цел да ја зголемат финансиската писменост кај младите, овозможувајќи им подобро разбирање на финансиските концепти и донесување информирани одлуки во нивниот личен и професионален живот. Ефективната финансиска едукација не само што придонесува за индивидуалниот развој, туку има и поширок позитивен ефект врз економијата и општеството во целост.

Освен тоа, Целите за одржлив развој (ЦОР)[31], познати и како глобални цели, беа усвоени од Обединетите нации во 2015 година како универзален повик за акција за ставање крај на сиромаштијата, заштита на планетата и обезбедување до 2030 година сите луѓе да уживаат во мир и просперитет. Гледано од аспект на улогата и важноста, финансиската едукација е клучна за постигнување на некои од целите за одржлив развој, особено:

- **1 (Да нема сиромаштија)** – Да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде;
- **2 (Да нема гладни)** – Да се стави крај на гладот, да се постигне снабденост со храна и подобрена исхрана и да се промовира одржливо земјоделство;
- **5 (Родова еднаквост)** – Постигнување на родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки; и
- **8 (Чесна работа и економски раст)** – Промовирање, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите.

Во согласност со член 23 од Универзалната декларација за човекови права, кој ги утврдува основните трудови права — вклучувајќи право на работа, еднаква плата, праведни услови и синдикално организирање — правото на вработување се заснова на принципите на човекови права и достоинство, и се дефинира на следниов начин[32]:

1. Секој има право на работа, слободен избор на професија, правични и поволни работни услови, како и заштита од невработеност.
2. Без оглед на какви било форми на дискриминација, секое лице има право на еднаква плата за еднаква работа.

---

30 All-Party Parliamentary Group on Financial Education for Young People (APPG) (2011). Financial Education and the Curriculum: An Inquiry into the Statutory Status of Personal Finance in England. London: APPG

31 https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs

32 United Nations (1948). Universal Declaration of Human Rights, Article 23, United Nations General Assembly

Еден добар пример на подобрување на финансиска писменост кај младите во САД е програмата MoneyTime. MoneyTime претставува онлајн курс за финансиска писменост дизајниран за деца на возраст од 10 до 14 години (обично 5-то до 8-мо одделение)[61]. Клучна карактеристика на MoneyTime е неговиот интерактивен пристап, комбинирајќи структурирани лекции со ангажирана игра за управување со пари каде децата заработуваат виртуелни пари со правилно одговарање на прашања во вид на квиз. Тие потоа одлучуваат како да ги потрошат, дали да ги заштедат, донираат или инвестираат овие виртуелни пари, а со тоа практикуваат финансиски одлуки од реалниот живот во симулирана средина. Наставната програма е сеопфатна, опфаќа теми како што се заработка, штедење, буџетирање, разбирање на задолжувањето, инвестирање, избор на кариера и паметно трошење. Користејќи различни спонзорски програми и аранжмани, програмата MoneyTime често е бесплатна во училиштата во САД за учениците од 6 до 8 одделение[62].

***Стратегии за интеграција на финансиската писменост во наставната програма во САД***

Покрај посебно дизајнираните програми, концептите за финансиска писменост се ефективно интегрирани во постојните наставни предмети во многу училшта во САД. Овој пристап овозможува учениците да ги поврзат финансиските теми со реални животни ситуации преку математика, општествени науки, мајчин/странски јазик и граѓанско образование. Практичните стратегии нагласени со ресурси како Едутопија (Edutopia) покажуваат како оваа интеграција може да се случи без нужно да се бараат обемни нови блокови на наставната програма или дополнително време за настава кое би барало дополнителен ангажман и на наставниот кадар и на учениците[63]:

---

60 ExcelinEd, https://excelined.org/2025/03/04/financial-literacy-education-in-the-united-states-landscape-analysis-and-next-steps/

61 Наставна програма за финансиска писменост за домашно училиште | САД и Австралија — MoneyTime | Онлајн курс за финансиска писменост за деца, https://www.moneytimekids.com/for-homeschool

62 https://www.moneytimekids.com/

63 Финансиска писменост во основно училиште | Едутопија, https://www.edutopia.org/article/financial-literacy-elementary-school/

- **Развој на речник:** Теми и зборови поврзани со финансии (на пр. дивиденда, профит, долг, кредит) можат да се вклучат во предметите како мајчин јазик и/или странски јазик.
- Читање: Наставниците можат да избираат делови (пасуси) од книги, весници или различни извештаи за читање на глас со текст соодветен на возраста кои содржат финансиски теми, опишуваат одговорно управување со парите или опишуваат концепти како претприемништво или пак опишуваат примери на успешни приказни за локални претприемачи.
- Математика: Паричните единици можат ефективно да се интегрираат во наставата по математика, надвор од стандардните лекции за вредноста на монетите. Тие овозможуваат практично вежбање на броење, аритметички операции и развој на смисла за броеви и комбинаторика. Примери за примена:
    - Користење пари за броење по десетици или стотици, со цел развој на концептот за групирање и декомпозиција на броеви.
    - Следење на бројот на училишни денови преку симболична парична валута (на пр. евра, денари, долари), каде секој ден се „заработува“ одредена сума, што поттикнува разбирање на акумулација, штедење и пресметување.
    - Вежби за собирање и одземање со реални сценарија, како купување предмети со одреден буџет или пресметување кусур.
    - Претставување на проблеми со повеќе чекори, каде учениците решаваат задачи поврзани со трошоци, заштеда и избори.
- Социјални**/општествени** теми**:** Финансиските теми може да се интегрираат во наставни единици кои се однесуваат на помош на заедницата, еколошки теми (на пр., учење за улогата на банкарите, улогата на зелените кредити), улогата на државата, владата и како на економијата влијаат, на пр., даноците, итн.
- Учење базирано на игра: Класичните друштвени игри како Монопол може да бидат корисна алатка за подобрување на финансиската писменост за време на одмор или за време на слободните активности кои се реализираат во затворен простор во училиштето. Едукативните видеа достапни во САД од платформи како Бреинпоп (BrainPop) или ПБС Лернингмедија (PBS LearningMedia), исто така нудат финансиски поврзани предмети и активности кои обработуваат теми од историјата на парите до инвестирањето.

Примерите во САД илустрираат двоен пристап кон образованието за финансиска писменост на основно ниво: употреба на структурирани, често дигитални и гејмифицирани програми како MoneyTime, и систематска, креативна интеграција на финансиските концепти во структурата на наставната програма и постојните предмети во основното училиште. MoneyTime нуди сеопфатна наставна програма која се реализира со самостојно темпо[64], која може да биде особено корисна кога стручноста на наставниците во однос на финансиите може да е ограничена или каде што се посакува имплементација на стандардизирана програма. Истовремено, стратегиите за интеграција наведени од Едутопија[65] обезбедија флексибилен и ефикасен начин за воведување и зајакнување на финансиските концепти преку искористување на постојното време за настава и наставните рамки. Ова сугерира дека **комбинираниот модел би можел да биде многу ефикасен за Северна Македонија, каде што основните финансиски концепти се воведуваат и зајакнуваат преку интеграција на повеќе наставни предмети, потенцијално дополнети со наменски модули, посебен предмет со оптоварување од барем еден час неделно, како и пристап до дигитални платформи за учење за подлабоко запознавање и истражување на специфични теми**.

Американското искуство го нагласува предизвикот за обезбедување подготвеност и конзистентност на наставниците, особено ако моделот за интеграција е широко прифатен.

64 ритам на учење прилагоден според сопствените можности и потреби на ученикот.

65 Финансиска писменост во основно училиште | Едутопија, https://www.edutopia.org/article/financial-literacy-elementary-school/

Додека некои ресурси сугерираат дека вклучувањето на финансиската писменост во постоечки лекции не бара големо дополнително време или експлицитна нова подготовка од страна на наставниците, ефективната интеграција сè уште бара наставниците да се чувствуваат удобно со самите финансиски концепти и да се опремени со соодветни педагошки стратегии за да ги претставаат пред учениците финансиските концепти на најдобар можен начин, кои треба истовремено да бидат интересни и разбирливи за учениците.

Анализите што покажуваат дека некои американски држави дозволуваат секој лиценциран наставник да предава финансиска писменост, без оглед на неговата предметна експертиза, го отвора прашања за квалитетот и конзистентноста на наставата. Ова укажува на фактот од потреба за целно-насочена и континуирана обука на наставниците, јасни и применливи насоки за наставната програма, и системска поддршка за наставниот кадар. Само преку овие пристапи може да се обезбеди дека финансиското образование, било како самостојна компонента или интегрирано низ наставни предмети, ќе биде висококвалитетно, ефективно и усогласено со целите на учењето.

### 3.3 Канада

Канада користи повеќеслоен пристап кон финансиската писменост во основното образование, кој се карактеризира со базична интеграција на теми од финансии во наставната програма, активно вклучување на невладини организации (НВО) во образовниот процес и поддршка и придонес од финансиските институции.

***Програма Јуниор ачивмент (Junior Achievement - JA)***

Junior Achievement (JA) Канада, и нејзините регионални под-единици како JA Јужна Алберта, играат значајна улога во обезбедувањето програми за финансиска писменост, работна подготвеност и претприемништво на учениците од градинка до 12-то одделение. Овие програми обично се нудат бесплатно на училиштата и честопати се олеснети од наставниците со поддршка на волонтери од локалната бизнис заедница[66]:

- **„Ние самите“ (градинка):** Користи книги со приказни и практични активности за да воведе концепти како што се индивидуален избор, пари, важност од штедење и позајмување, и канадски монети.
- **„Нашите семејства“ (1 одделение):** Програмата истражува како работните места на членовите на семејството придонесуваат за благосостојбата на семејството и заедницата, ги воведува потребите наспроти желбите, го појаснува семејното финансиско планирање и ги запознава учениците со монетите и основните алатки за плаќање како кредитни и дебитни картички.
- **„Повеќе од пари“ (одделение 4):** Ги учи учениците за теми поврзани со заработка, трошење, позајмување и заштеда на пари.
- **„Наш сопствен бизнис“ (6-то одделение):** Учениците водат сопствен бизнис за малопродажба во училницата или дворот на училиштето, како и онлајн продавници кои се базираат на бизнис симулација; потоа учениците учат за старт-ап компанија, промоција на производи, финансиско следење на работата и тимска работа.

Овие програми за JA претставуваат пример за модел на ангажман во заедницата и обезбедуваат јасна прогресија на финансиските концепти согласно возраста на учениците, почнувајќи од основните идеи за многу мали деца и движејќи се кон посложени, реални симулации на бизнис процеси за постарите ученици од основно образование.

***Улогата на финансиските институции и дигиталните алатки***

66 JA Јужна Алберта - Финансиска писменост, https://jasab.ca/programs/our-programs.html

Канадските финансиски институции придонесуваат и за финансиската писменост на младите. На пример, Мајдох (Mydoh), апликација за управување со паметни картички и пари, развиена со поддршка од Ројал банк оф Канада (Royal Bank of Canada (- RBC), е дизајнирана за ученици од основното образование и за тинејџери[67]. Оваа алатка им овозможува на учениците, под родителска контрола, да управуваат со парите правејќи најразлични финансиски трансакции, но во контролирана дигитална средина. Ваквиот пристап ја нагласува зголемената улога на практичните алатки засновани на технологија, но и важноста од вклучување на родителите во процесот на финансиско учење.

***Национални и локални стратегии за финансиска писменост во Канада***

На национално ниво, Канада има Национална стратегија за финансиска писменост (2021-2026), која има за цел да им помогне на Канаѓаните да изградат финансиска отпорност во сè поразвиениот дигитален свет[68]. Иако оваа стратегија поставува широка рамка за финансиска писменост, таа е фокусирана на подобрување на комуникацијата, решавање на различни потреби, подобрување на дигиталната писменост, поставување на принципи на етичко однесување и зајакнување на заштита на потрошувачите, сепак таа директно не налага интервенции во наставните програми за основно образование. Наместо тоа, Стратегијата ја нагласува потребата на имање на сеопфатен пристап за подобрување на целокупниот екосистем, со цел поттикнување на финансиската благосостојба на индивидуите.

Развојот и имплементацијата на наставната програма во Канада се првенствено одговорности на локално ниво (покраина/провинција). Неколку провинции презедоа значителни чекори за интегрирање на финансиската писменост во нивните формални образовни системи:

- Онтарио: Од септември 2020 година, финансиската писменост е дел од наставната програма по математика за 1-8 одделение[69]. Оваа наставна програма опфаќа три широки области: концепти за пари, финансиски менаџмент и потрошувачка и граѓанска свест.[48] За секое одделение се наведени специфични исходи од учењето. На пример:
    - 1-во одделение: Идентификување различни карактеристики на монетите.
    - 2-ро одделение: Пресметување на парични износи до 100 долари.
    - 3-то одделение: Правење промени, разбирање на улогата на центите (како дел од доларот).
    - 4-то одделение: Идентификување на фактори кои влијаат на одлуките за купување.
    - 5-то одделение: Буџетирање, поставување финансиски цели, проценка на трошоците вклучувајќи данок на промет (HST).
    - 6-то одделение: Споредување на различни начини на плаќање, разбирање како се применуваат каматните стапки.
    - 7-мо одделение: Идентификување на типови финансиски цели и како да се постигнат.
    - 8-мо одделение: Учење за вредноста на креирањето буџет, различните видови штедни сметки и импликациите на каматните стапки. Оваа наставна програма често се надополнува со работилници испорачани од организации како што се Дежарден (Desjardins) за ученици од 4-то одделение и нагоре[70].
- Британска Колумбија (BC): Финансиската писменост е исто така

67 Учење на вашите деца за финансиска писменост - RBC Wealth Management, https://www.rbcwealthmanagement.com/en-ca/insights/teaching-your-kids-about-financial-literacy

68 https://www.canada.ca/content/dam/fcac-acfc/documents/programs/financial-literacy/financial-literacy-strategy-2021-2026.pdf

69 Resources Financial Literacy - OntarioMath.Support, https://ontariomath.support/?p-g=results&type=subject&lang=EN&subject=FinLit

70 https://www.moneysense.ca/financial-literacy/kids-teens-ontario-financial-literacy-education/

интегрирана во наставната програма, особено за 4-7 одделение. Често е вградено во предмети како математика и применет дизајн, вештини и технологија[71]. Опфатените теми вклучуваат броење канадски пари, разбирање на данокот на продажба, буџетирање и донесување финансиски одлуки. Достапни се ресурси од различни издавачи за поддршка на наставниците при пренесувањето на овие содржини.

Канадското искуство, особено во провинциите како Онтарио и Британска Колумбија, покажува дека задолжителната финансиска писменост како формален дел од наставната програма, често во рамките на основните предмети како математика, е клучна стратегија за да се осигура дека сите ученици добиваат соодветна настава во оваа витална област. Оваа системска интеграција, со јасно дефинирани исходи од учењето за секое одделение, е различна во однос на пофрагментираните пристапи забележани на други места, како на пример во делови од американскиот образовен систем К-8. Ова сугерира дека за широк и правичен пристап до финансиско образование во Северна Македонија, неговото вградување во националната наставна програма со специфични очекувања за различни образовни нивоа би бил правилен избор.

Канадскиот модел илустрира непосредна соработка меѓу државно дефинираните наставни програми и поддршката што ја обезбедуваат невладините организации и финансиските институции. Додека покраинските министерства за образование ја утврдуваат рамката за наставната програма, организации како Junior Achievement и финансиски институции како Дежардинс (во Онтарио) и RBC (преку апликацијата Mydoh) играат клучна улога во обезбедувањето дополнителни програми, практични ресурси и иновативни алатки за учење.

Овој пристап претставува вреден холистички модел со повеќе засегнати страни, каде владата ја воспоставува основната образовна рамка а граѓанскиот и приватниот сектор активно придонесуваат кон нејзиното спроведување, збогатување и практична примена.

Како резултат, учениците добиваат посеопфатно, релевантно и влијателно искуство за учење, кое ги подготвува за реалниот финансиски живот преку комбинација од формално образование и практична поддршка.

### 3.4 Обединетото Кралство (ОК)

Обединетото Кралство нуди различен систем за финансиско образование во основните училишта, со посебни барања и пристапи за наставната програма во нејзините четири држави: Англија, Велс, Шкотска и Северна Ирска. Додека финансиското образование е дел од училишната програма во сите држави во Обединетото Кралство, сепак постои одредена загриженост во врска со соодветноста и доследноста на нејзината примена во практиката[72].

Пристапи на наставните програми во државите во ОК:

- Англија: Финансиското образование е задолжителна компонента на националната наставна програма за средните училишта, првенствено во рамките на граѓанско образование и математика. Во основното образование, не постои законска обврска за систематско предавање на финансиско образование. Сепак, наставната програма по математика вклучува учење за парите, а од училиштата се очекува да понудат и часови за лична, социјална, здравствена и економска едукација (PSHE - Personal, Social, Health and Economic), кои обично вклучуваат некои елементи на финансиското

71 https://www.teacherspayteachers.com/browse?search=bc%20financial%20literacy

72 Финансиското образование во училиштата - Библиотека на Домот на лордовите, https://lordslibrary.parliament.uk/financial-education-in-schools/

образование.

- Велс: Новата наставна програма, која започна да се спроведува во 2022 година и за основните и за средните училишта, вклучува елементи на финансиска едукација. Содржините се интегрирани во предметите како што се математика, но и во општествените науки кои вклучуваат грижа за здравјето и благосостојбата. На велшките основни училишта им се достапни низа бесплатни ресурси, како на пример, Јанг ентерпрајс, Капоу прајмери, Џаст фајнанс фондејшн (Young Enterprise, Kapow Primary, Just Finance Foundation) и други, кои претставуваат сериозна поддршка во наставниот процес во Велс[73].
- Шкотска: Содржини поврзани со финансиската едукација се интегрирани во т.н. Наставна Програма за Извонредност, која е наменета за ученици на возраст од 3 до 14 години. Оваа програма има за цел да поттикне развој на основни животни вештини, критичко размислување и практична писменост, при што финансиската едукација се третира како клучна компонента за градење на одговорни и информирани граѓани. Главно овие содржини се вклучени во математиката, но исто така се вклучени и во општествените предмети поврзани со грижа за здравјето и благосостојба на учениците. Наставната програма за извонредност ја обезбедува сеопфатната платформа, а достапни се конкретни одредници и рамки за учење кои им помагаат на наставниците во предавањето на теми од финансиска писменост[74].
- Северна Ирска: Финансиското образование е законски дел од националната наставна програма за ученици на возраст од 4 до 14 години. Овој вид на образование првенствено се испорачува преку математика, но истовремено се интегрира низ целата наставна програма[75]. Советот за наставна програма, испити и оценување (CCEA) одобрува насоки и ресурси за поддршка на училиштата во оваа област.[56]

Службата за пари и пензии (MaPS), тело на Владата на Обединетото Кралство, игра значајна улога во развојот на Стратегијата на Обединетото Кралство за финансиска благосостојба и обезбедува насоки и поддршка за финансиска едукација во училиштата за сите држави во рамките на ОК.

***Клучни понудувачи на програми за финансиско образование и примери во основните училишта:***

Различни организации, вклучувајќи добротворни организации, невладини организации и социјални претпријатија, нудат програми и ресурси за финансиско образование за основните училишта во ОК и тоа често пати бесплатно.

- Претпријатија за млади**/**Пари за млади (Young Enterprise/Young Money)**:** Оваа организација е главен понудувач на програми за претприемништво и финансиска едукација, како од аспект на наставни и нагледни ресурси, така и од аспект на соодветни обуки за наставниците[76]. Дел од специфичните програми кои се нудат се:
  - Направете раст од 5 фунти (Make £5 Grow) (**за ученици од 9 до 11 години):** Бесплатна програма каде што учениците добиваат мал заем за да започнат свои мини-бизниси, да ги учат основните елементи на бизнисот, но учат и финансиски вештини.

73 Ресурси за финансиско образование, https://www.schemesupport.co.uk/subjects/financial-education-resources

74 Упатство за финансиско образование за основните училишта во Шкотска – ноември 2020 година, https://maps.org.uk/content/dam/maps-corporate/en/work-with-us/maps-financial-education-guidance-for-primary-schools-in-scotland-november-2020.pdf

75 Упатство за финансиско образование за основните училишта во Северна Ирска https://maps.org.uk/content/dam/maps-corporate/en/publications/research/2024/maps-education-primary-guidance-n.ireland.pdf

76 Young Enterprise/Young Money, https://www.young-enterprise.org.uk/teachers-hub/resources/page/3

- ○ Свесност за **„мазги пренесувачи на пари“** (Money Mules Awareness) (**за ученици од** 9 **до** 14 години**)**: Ресурси за едукација на учениците за ризиците да станат „мазги“ кои пренесуваат нелегално заработени пари за трети лица.
- ○ Игра „**Island Saver“** (**за ученици од** 8 **до** 12 години**)**: Привлечна игра, со придружни водичи за родители, за учење финансиски теми преку интерактивна игра.
- ○ **„Seren's Farm/Fferm Seren“** (**за ученици од** 7 **до** 11 години**)**: Проект за финансиско образование развиен за руралната велшка училишна заедница.

- Базични КАПОУ (KAPOW) принципи за основно образование**:** Фокус е на „Економска благосостојба“ која е интегрирана во теми поврзани со општествени науки за возрасна група од 5 - 6 години па нагоре. Се одликува со прогресивна наставна програма со видеа за подучување кои им помагаат на наставниците и содржи содржини привлечни за учениците. Темите се движат од разбирање на парите и функцијата на банките, до буџетирање, вредност за парите, потреби наспроти желби, задолжување и финансиска сигурност итн. Оценувањето е поддржано со квизови и т.н. „фаќачи на знаење“ (структурирани умни мапи или табели за да се измери претходното и ново освоеното знаење).
- Лајфсејверс **(LifeSavers) (Фондација** Џаст фајнанс**/Just Finance):** Бесплатна програма за финансиска едукација заснована на вредности за основни училишта финансирани од државата низ ОК. Обезбедува планови за часови, активности, прирачници и дигитални алатки усогласени со наставната програма што се поврзуваат со математика, општествените науки, мајчин јазик и уметности. Бесплатните ресурси вклучуваат „5 големи прашања“ за учениците под 5-годишна возраст, книгата со приказни „Парите на Мајло“ и ресурси за возраст од 5-7 години, играта „Money Adventure“ за возраст од 7-9 години и „Moneybox Productions“ која користи драмски пристап во објаснување на финансиските поими[77]. Програмата нуди и бесплатна обука за наставниците.
- Мајбнк**-Мани твист (MyBnk - Money Twist):** Оваа програма е наменета за деца на возраст од 7 до 11 години. Се состои од интерактивни сесии кои ги водат различни експерти, надополнети со работилници, однапред подготвени материјали и ресурси за наставници и пакети за семејни активности[78]. Сесиите опфаќаат теми поврзани со начини на заработка, разбирање на правењето на избор при купување (потреби наспроти желби, последици од донесените одлуки) и поставување на идни цели за пари, вклучително и штедење. Од педагошки аспект, програмата MyBnk Manga користи стрипови, интерактивни ресурси и видеа. Програмата се базира на насоките за финансиско образование на Ofsted (англискиот училишен инспекторат) и рамките за финансиска едукација на OECD, PISA и MaPS[79]. Податоците од евалуацијата на знаењата на учениците укажуваат на позитивни влијанија од примената на овие програми, како што е зголемениот процент на ученици кои остваруваат цели за штедење, додека истовремено наставниците известуваат за подобрено разбирање на финансиските термини и процеси од страна на учениците. Како дополнителни ресурси и во функција на нивна доедукација постојат посебни видео записи кои им стојат на располагање за сопствено надградување[80].

Во контекст на Северна Македонија, ова отвора простор за критичко преиспитување и мапирање на постојните наставни предмети во основното образование, со цел да се идентификуваат оние кои најприродно и најефикасно можат да ги инкорпорираат концептите на финансиско образование. Таквиот пристап овозможува органска интеграција, наместо

77 LifeSavers - бесплатно финансиско образование за основни училишта - Just Finance Foundation, https://www.justfinancefoundation.org.uk/lifesavers
78 https://www.schemesupport.co.uk/subjects/financial-education-resources
79 MyBnk - Нашата работа - Финансиско образование - Money Twist - Upper KS2, https://www.mybnk.org/our-work/financial-education/money-twist-ks2upmb/
80 MyBnk- Семејни пари | EdTech Impact, https://edtechimpact.com/products/mybnk-family-money-twist/

наметнување, и создава услови за одржлива и развојно соодветна финансиска едукација.

И покрај различните пристапи кои се користат во Обединетото Кралство, сепак една заедничка карактеристика за сите 4 држави е улогата која ја играат трети страни - невладини организации, социјални претпријатија, финансиски институции и образовни организации како Young Enterprise, Фондацијата Just Finance (LifeSavers) и MyBnk. Многу од овие организации ги нудат своите програми и ресурси бесплатно на училиштата, често поддржани од финансиери и други добротворни лица или институции.

## 3.5 Австралија

Австралија воспостави силен, национално координиран пристап кон образованието за финансиска писменост, со значителни владини инвестиции и лидерство од клучните регулаторни тела. Овој системски пристап е поткрепен со Национална рамка за потрошувачи и за финансиска писменост, која обезбедува развојно базирани насоки за финансиската писменост почнувајќи од првата година од формалното образование, (обично на возраст од 5-6 години) до 10-та година. Оваа рамка е поддржана од Национална стратегија за финансиска писменост[81]. Во Австралија образованието на следните генерации и вклучувањето на финансиската писменост преку формалниот образовен систем е препознаена како стратешки приоритет.

**Програмата Манисмарт (MoneySmart) на АСИК (ASIC-Австралиска комисија за хартии од вредност и инвестиции):**

Централно место во напорите на Австралија за зголемување на финансиската писменост на популацијата е програмата MoneySmart на ASIC, развиена и управувана од Австралиската комисија за хартии од вредност и инвестиции (ASIC). MoneySmart служи како сеопфатен национален центар за ресурси, обезбедувајќи им на училиштата, наставниците, учениците и родителите широк опсег на наставни ресурси, работни единици усогласени со наставната програма, интерактивни дигитални алатки и професионален развој за воспитувачите[82]. Сите наставни ресурси на MoneySmart се мапирани во австралиската наставна програма и во Националната рамка за писменост за потрошувачите и финансиите.

За учениците од основните училишта, ASIC MoneySmart нуди специфични ресурси[83]:

- Планови за лекции: Прилагодени за различни нивоа на возраст на учениците, како што се:
  - Од градинка до 2 одделение: „Разбирање на австралиските монети“ (учење за карактеристиките и вредностите на монетите).
  - Од *3* до *4* одделение*:* „Ајде да се забавуваме! (истражување на потребите наспроти желбите додека се буџетира за роденденска забава).
  - Од *5* до *6* одделние*:* «Купи ме!» (разбирање како рекламирањето влијае на изборот на потрошувачите) и „Поседување милениче“ (учење за трошоците поврзани со купување и грижа за домашно милениче)
- Дигитални активности и игри:
  - **„MoneySmart Town“**: Интерактивна игра

81 Политика за едукација за потрошувачи и финансиска писменост | Австралија, https://www.ato.gov.au/about-ato/research-and-statistics/in-detail/research-for-individuals-and-families/teaching-taxation-and-superannuation-at-school/consumer-and-financial-literacy-education-policy

82 ASIC, Австралија, https://download.asic.gov.au/media/4153965/greg-medcraft-speech-financial-capability-breakfast-16-february-2017.pdf

83 Федерација на потрошувачи на Австралија, https://consumersfederation.org.au/asic-digital-activities-help-primary-students-get-cash-savvy/

наменета за ученици од 3 - 4 одделение, каде учениците успешно управуваат со парите на своето виртуелно семејство за да ја обезбедат нивната среќа и здравје. Оваа игра се наоѓа на веб страницата Skooville[84], која претставува безбедна, модерирана платформа за социјално вмрежување за деца до која се пристапува преку училиштата. Овие дигитални алатки имаат за цел да го направат учењето привлечно и да ги отсликуваат секојдневните интеракции на учениците со технологијата.

- Професионален развој на наставниците: ASIC обезбедува **MoneySmart on-line** настава и обуки преку Интернет, што всушност е програма за професионално учење со посветени модули и за наставниците од основното и од средното образование. Овие онлајн модули се усогласени со Националните професионални стандарди за наставници и имаат за цел да ги надградат знаењата, вештините и довербата на наставниците во обезбедувањето образование за потрошувачите и за финансиската писменост. Тие содржат експертски интервјуа од предметната проблематика, училишни студии на случај и практични вежби и сценарија.

**Манитајм (MoneyTime) програма во Австралија:**

Слично на активностите кои се спроведуваат во САД, програмата MoneyTime е достапна и во Австралија за деца на возраст од 10 до 14 години (обично 5 - 8 одделение). Тоа е онлајн, гејмифициран курс за финансиска писменост кој опфаќа теми од заработка и буџетирање до создавање на профит, инвестирање и водење едноставен бизнис[85]. MoneyTime се нуди бесплатно на австралиските училишта за ученици во 5-то и 6-то одделение, додека за учениците од погорните одделенија се плаќа одреден надоместок. Програмата е дизајнирана за независно учење од страна на учениците и според ритам кој секој ученик може да го прилагоди за сопствени потреби. Исто така, обезбедени се практични часови и за наставниците и за родителите кои сакаат да бидат повеќе вклучени во целиот процес на учење[86].

**Интеграција на наставната програма:**

Во Австралија, рамката за потрошувачката и финансиската писменост не е самостоен предмет, туку е интегрирана во различни области за учење во австралиската наставна програма. Одделот за образование на Јужна Австралија, на пример, наведува како се поддржува учењето за финансиска писменост интегрирано во следните предмети[87]:

- Математика: Учениците учат стратегии за проценка и заокружување на финансиските трансакции (примарни) и користат математичко моделирање за финансиски проблеми кои вклучуваат коефициенти и каматни стапки (секундарни).
- Хуманитарните и општествените науки (HASS): Учениците од основно образование учат за влијанијата врз изборот на потрошувачите и развиваат стратегии за информирано донесување одлуки. Средношколците може да ги оценат економските прашања користејќи „cost-benefit“ анализи.
- Дигитални технологии: Учениците учат одговорно да избираат и користат технологии (на пример, апликации) за финансиски решенија. Понатаму, темата за **„разбирање** на парите**“** е клучен елемент, каде што учениците учат да идентификуваат ситуации кои вклучуваат пари, да вршат пресметки, да решаваат проблеми со готовина и да ги разбираат концептите како данок на доход,

84 https://effectivecurriculumideas.weebly.com/social-networking-in-educational-settings.html#:~:text=Skooville%20is%20a%20paid%20protected,skills%20in%20a%20fun%20environment.

85 Австралиски курс за финансиска писменост за деца - MoneyTime, https://www.moneytimekids.com/australia-financial-literacy-for-children

86 https://www.moneytimekids.com/australian-financial-literacy-for-kids

87 Финансиска писменост во училиштата и предучилишните установи - Одделение за образование | Јужна Австралија, https://www.education.sa.gov.au/parents-and-families/curriculum-and-learning/financial-literacy/financial-literacy-in-schools-and-preschools

камата, конверзија на различни валути и причини за создавање на долгови. Училиштата исто така може да користат интерактивни активности како училишни прослави или добротворно собирање средства за да им овозможат на учениците реални можности за решавање на финансиски проблеми, како што се планирање буџети, реална продажба, донесување финансиски одлуки и справување со пари.

Австралија нуди силен пример за интегрирана и ефективна финансиска едукација преку програмата MoneySmart, развиена од Комисијата за хартии од вредност и инвестиции (ASIC). Во сржта на овој модел е централизиран ресурсен центар, поддржан од државата, кој служи како национален извор на доверливи, квалитетни и наставно усогласени материјали. Овој централизиран пристап помага да се обезбеди конзистентност во квалитетот на финансиското образование, ја подобрува пристапноста до информации и ресурси за сите училишта низ земјата и значително го намалува товарот на поединечните училишта или наставници да развиваат свои материјали од почеток (од нула).

Овој модел претставува убав пример на кој што може да се огледа нашата земја, односно со цел да воспостави национален „едношалтерски“ систем (централизиран пристап) за финансиска едукација. Таков систем би обезбедил централизирана платформа за ресурси, обуки и стручна поддршка, овозможувајќи рамноправен пристап до финансиска писменост за сите ученици, без оглед на нивната средина или образовен контекст. Истовремено, би се создадени услови за природна и одржлива интеграција на финансиските концепти во постојните наставни предмети, без потреба од радикални промени во програмската структура. Со ваков пристап, Северна Македонија би можела да изгради стабилна и инклузивна основа за финансиска писменост кај младите, поддржана од системски решенија и јасна национална визија.

Критична компонента на националната стратегија на Австралија е експлицитното вклучување на професионалниот развој на наставникот во рамките на програмата MoneySmart. Дури и со пристап до одлични ресурси, на наставниците им е потребна специфична обука и постојана поддршка за ефективно конципирање и спроведување на финансиско образование. Ова подразбира дека секоја сеопфатна стратегија за спроведување на финансиската писменост во основните училишта во Северна Македонија мора да вклучи обемна и одржлива компонента за професионален развој за наставниците.

## 3.6 Јужна Кореја

Јужна Кореја има подолга историја на фокус кон финансиското образование кај различни возрасни групи[88]. Во поново време, истражувањата во земјата сè повеќе го истражуваат доменот на Дигитална финансиска писменост ДФЛ (DFL) и неговото влијание врз задоволството од животот, како одраз на високо дигитално интегрираното општество на нацијата. Овој фокус на DFL е особено релевантен со оглед на глобалниот тренд кон дигитални финансиски услуги.

Клучните компоненти идентификувани во Јужна Кореја кои придонесуваат за ефективно финансиско образование вклучуваат интеграција на можности за искуствено учење, стратешка употреба на дигитални алатки и активно вклучување на родителите во образовниот процес[89].

88 Дигитална финансиска писменост и задоволство од животот: докази од Јужна Кореја, https://www.mdpi.com/2076-328X/15/1/94

89 Млади, пари и однесување: влијанието на програмите за финансиска писменост, https://www.researchgate.net/publication/385221219_Youth_money_and_behavior_the_impact_

Она што е карактеристично за Јужна Кореа е фактот дека специфичните програми за финансиска писменост се нудат за возраста од 6 до 14 години во основните училишта, а акцентот е ставен на Дигиталната финансиска писменост. Во свет каде што финансиските трансакции, пристапот до информации, па дури и финансиските ризици се повеќе се посредувани од дигитални технологии[90], подготовката на децата со вештини за DFL од мали нозе станува најважно. Ова вклучува не само знаење како да се користат дигитални финансиски алатки, туку и разбирање на безбедноста на интернет, приватноста на податоците и ризиците поврзани со дигиталните финансиски средини. Проактивниот ангажман на Јужна Кореја со DFL сугерира важна насока за Северна Македонија да размисли, обезбедувајќи дека нејзините иницијативи за образование за финансиска писменост се фокусирани на иднината и соодветно ги подготвуваат децата за сложеноста на дигиталната финансиска околина со која неизбежно ќе се сретнат.

### 3.7 Нов Зеланд

Во рамките на тековната реформа на националната наставна програма, Министерството за образование на Нов Зеланд ја поставува финансиската писменост како клучен приоритет. Владата најави дека финансиската едукација ќе биде вградена во наставната програма, а основен елемент на новата наставна програма по општествени науки (**програми Te Reo Māori и Te Ao Māori) за** ученици од 1-10 одделение (приближно на возраст од 5-15 години)[91]. Оваа ажурирана наставна програма треба да биде достапна за училиштата да ја користат од 2026 година и се планира да стане задолжителна компонента на наставата од 2027 година.

Новата наставна програма ќе усвои степенест пристап во усвојување на содржините поврзани со финансиската едукација:

- Помлади ученици (1 до **6** одделение**, приближно на возраст од 5** до **10/11 години):** Ќе ги покрие основните финансиски вештини како што се идентификување на потребите наспроти желбите, разбирање на банкарски сметки и основите на заработка, трошење и заштеда на пари.
- Постари ученици (7 до **10** одделение**, приближно на возраст од 11/12** до **14/15** години**):** Ќе се надоврзе на овие основи за да ги научи учениците за посложени концепти вклучувајќи буџетирање, инвестиции, камати, даноци и осигурување, со цел да се изградат доживотни финансиски вештини. Имено, концептите за финансиска математика веќе се вклучени во новата наставна програма по математика на Нов Зеланд, која моментално се спроведува.

За поддршка на имплементацијата на оваа нова наставна програма за финансиско образование во Нов Зеланд се развиваат различни алатки и ресурси. Ова е заеднички напор во кој се вклучени Министерството за образование, финансиските организации, банките и добротворните фондови и организации. Клучна иницијатива е новото партнерство меѓу Министерството за образование и Комисијата за пензионирање. Ова партнерство ќе вклучи мапирање на понудите од различни постојни даватели на финансиско образование - како што се Сортед ин скулс/Sorted in Schools (програма од самата комисија за пензионирање), Банкер (Banqer), Манитајм (MoneyTime), Лајф едукејшн траст (Life Education Trust) и Јанг ентерпрајс траст (Young Enterprise Trust) и други даватели на услуги поврзани со финансиското образование. Ова мапирање има за цел да обезбеди дека училиштата имаат пристап до конзистентна поддршка и ресурси усогласени со наставната програма.

of_financial_literacy_programs

90 Улогата на финансиската писменост - ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/blogs/2025/03/the-role-of-financial-literacy.html

91 Трансформирање на финансиското образование во училиштата во Нов Зеланд, https://www.beehive.govt.nz/release/transforming-financial-education-schools

Тековната иницијатива на Нов Зеланд за длабоко вградување на финансиското образование во новата наставна програма за општествени науки (заедно со нејзиното вклучување во наставната програма на Те Ао Маори и финансиската математика) демонстрира како главните циклуси на промени на наставните програми може стратешки да се искористат за да се воведе или значително да се зајакне финансиската писменост на системска, национална основа. Овој пристап осигурува дека финансиското образование станува еден од основните темели на образованиот систем и очекуван дел од учењето на секој ученик, наместо да биде изборна или периферна тема. За Северна Македонија, која моментално поминува низ фаза на реформи на образовниот систем и носење нова образовна стратегија, ова може да претставува погоден момент да се разгледа слична сеопфатна интеграција на финансиската писменост во образовниот систем.

Табела 3.1: Клучни карактеристики на избраните меѓународни програми/пристапи за финансиска писменост и нивна компаративна анализа

| Земја / РегиоН | Име на програма / пристап | Целна возрасна група (прибл.) | Основна содржина / Опфатени теми | Модел за испорака | Дали има поддршка /обука за наставници | Методи на оценување | Клучни јаки страни / уникатни карактеристики | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финска | | Бизнис село („Јас и мојот град“) | 12 години (6-то одделение) | Функциите на општеството, работен век, професии, плати, операции на компанијата, продажба, економски циклус, буџетирање, штедење, банкарство. | Искуствено; минијатурна симулација на градот; интегрирани во наставни предмети од општествените науки. | Обезбедена обука за наставници како дел од модулот. | Активности во училницата, апликации / интервјуа за работа, практична примена во симулација, дигитално следење, размислување, истражувачки студии. | Високо интензивна комуникација, искуствено, силна интеграција на наставната програма, висока стапка на учество, докажани позитивни ефекти. |
| Хрватска | | **Меѓу-предметен курикулум** | **Ученици од основно** | **Пари, вредност, буџетирање, штедење, инвестирање, кредити, долгови, банкарски услуги, финансиски ризици и осигурување** | **Вградено преку различни наставни предмети (математика, општествени науки); проекти, дебати, активности во заедницата** | **Да; обука преку Агенција за образование, државни обуки и поддршка од** | **Проектни задачи, училишни активности, дебати, натпревари итн.** | **Стратешка национална поддршка, интегрираност во наставата, активни методи (дебати, натпревари), меѓусекторска координација, континуирана обука за наставници** |
| Холандија | | **Национален наставен план +** „Wijzer in geldzaken“ | **Ученици од 6–12 години** | **Пари, трошоци, приходи, штедење, долгови, финансиски ризици, влијание на медиуми и инфлуенсери**, онлајн купување | **Интегрирано преку наставни предмети; интерактивни игри, сценарија, неделни настани (на пр.** Week van het Geld) | **Да; преку обуки, вебинари, онлајн платформи и субвенции од државата** | **Нема формално оценување; активности, учество во настани, практична примена** | **Силна државна поддршка, партнерства јавен-приватен сектор, интерактивни алатки, рана возраст, фокус на нови ризици (дигитални), флексибилност за наставниците** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Италија | **Интегрирано преку повеќе предмети во рамки на програмата „Економија за сите во училиште“** (Banca d'Italia) | **Ученици од 6–14 години (1–8 одделение)** | **Пари и трансакции, буџет, приходи и потрошувачка, заштеда, кредит, инвестирање, финансиско планирање, ризици и осигурување** | **Интегрирано преку граѓанско образование, математика и економија; наставни сесии, игри, проекти, бесплатни учебници** | **Да; семинари од** Banca d'Italia, национални упатства, методски обуки | **Потврдена ефективност преку студии;** | **Национална стратегија, усогласеност со OECD/INFE, поддршка од централната банка, прилагодени материјали според возраст, позитивно влијание од програмата е потврдено со истражувања** |
| САД | MoneyTime | 10-14 години | Заработка, штедење, буџетирање, инвестирање, долг, избор на кариера, паметно трошење. | Онлајн, само-водени, гејмифицирани модули. | Не е потребна посебна обука на наставниците (само-насочена); има модули и за родител-дете. | Квизови со автоматско оценување, извештаи за напредок. | Учење засновано на игра, со самостојно темпо, бесплатно за многу училишта во САД. |
| САД | Едутопија - Стратегии за интеграција на наставните програми | Основно | Финансиски речник, управување со пари преку приказни, валути во математиката, улоги во финансиите во заедницата, глобални валути. | Интегриран во постоечки предмети (мајчин јазик, математика, општествени науки). | Имплицира иницијатива на наставникот; не конкретна обука. | неформални; разбирање, вежбање по математика, дискусии. | Практично, го користи постојното време на наставната програма, прилагодливо |
| Канада (Алберта) | JA Јужна Алберта (ние самите, нашите семејства, повеќе од пари, сопствен бизнис) | К-6 (5-12 години) | Варира според одделение: избори, пари, заштеда; потреби / желби, семејни финансии; заработка, трошење, споделување; водење бизнис. | Водени од наставници, често со волонтери од заедницата; симулации. | Водени од наставникот имплицира блискост; волонтерска поддршка. | Не е детално наведено; практична примена во симулации. | Прогресија специфична за возраста, вклученост во заедницата, бесплатно во училиштата. |
| Канада (Онтарио) | Наставна програма по математика во Онтарио - Странд за финансиска писменост | Одделенија 1-8 (6-14 години) | Концепти за пари, финансиски менаџмент, потрошувачки / граѓанска свест (исходи специфични за одделение, на пр., атрибути на монети, буџетирање, интерес). | Интегриран како основна нишка во наставната програма по математика. | Стандардно образование за наставници за реализација на наставните програми. | Применливи стандардни практики за оценување по математика. | Системска, задолжителна интеграција во задолжителен предмет, јасни очекувања на ниво на одделение. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обединето кралство | КАПОУ Примарно - Економска | Одделение 1-6<br><br>(5-11 години) | Потекло на пари, банки, буџетирање, вредност, потреби / желби, задолжување, финансиска сигурност. | Интегриран во тековни наставни предмети; прогресивна наставна програма. | Видеа за | Одделенски квизови, (формативно / сумативно). | Заснована на претплата, структурирана интеграција на предмети поврзани со граѓанско образование, поддршка на наставниците. |
| Обединето кралство | LifeSavers (Фондација Just Finance) | градинка до 6-то одделение (3-11 години) | Лекции за пари засновани на вредности, штедење, трошење. Поврзано со математика, мајчин јазик, драма. | Врз основа на вредности; користи книги со приказни, игри, драма; активности поврзани со наставната програма. | Бесплатна обука за наставници и ресурси. | Не е детално наведено; фокус на формирање навики. | Бесплатни, водени од вредности, врски со повеќе теми, силна база на ресурси. |
| Обединето кралство | MyBnk - Twist | Одделение 3 - 6<br><br>(7-11 години) | Начин на размислување за пари, заработка, избори (потреби / желби), идни цели, заштеда. | Сесии предводени од експерти, собрание, ресурси за наставници / семејство; користи стрипови, интерактивни алатки. | Пакет со ресурси за наставници; видеа за водство од родители / наставници за семејната верзија. | Евалуацијата покажува влијание врз целите на заштедите и разбирањето на последиците. | Експертска испорака, материјали, докази за влијание. |
| Австралија | ASIC's MoneySmart наставна програма | Градинка до 6-то одделение (5 - 12+ години) | Разбирање на монети, потреби / желби, буџетирање, влијание на | Планови за лекции усогласени со наставната програма, дигитални активности (на пр., игра „MoneySmart Town“). | Онлајн модули за наставници од основните училишта. | Имплицирано преку активности и усогласување со наставната програма. | Централизиран центар поддржан од владата, бесплатни, сеопфатни ресурси, професионален развој на наставникот. |
| Нов Зеланд | Нова наставна програма по општествени науки (од 2026 година) | Одделение 1-10 (5-15 години) | *1-6 години:* Потреби / желби, банкарски сметки, заработка, трошење, заштеда.<br><br>*7-10 години:* Буџетирање, инвестиции, камати, даноци, осигурување. | Да се вгради како основен елемент на општествените науки (и Те Ао Маори). | Развиени ресурси со финансиски органи; Понуди на давателите на услуги за мапирање на | Се дефинира со наставна програма. | Системска интеграција во освежување на наставната програма, заеднички развој на ресурси. |

Оваа табела синтетизира различни меѓународни примери, овозможувајќи брза споредба на модели кои би можеле да се усогласат со контекстот, ресурсите и образовните цели на Северна Македонија. Посебно го нагласува начинот на кој различни земји пристапуваат кон испораката на основни наставни содржини, поддршката кон наставниците и употребата на иновативни педагошки методи.

## 3.8 Примери на успешни проекти за финансиска писменост на програмата АФЛАТОУН

**Програмата Афлатоун (Aflatoun)** е глобална образовна иницијатива чија цел е да им овозможи на децата и младите луѓе уште од најрана возраст да развијат социјални и финансиски вештини[92]. Таа иновативно го спојува граѓанското образование со финансиската писменост, поттикнувајќи активно учество, одговорност и економска самостојност.

Афлатоун не е само програма за финансиско образование — таа претставува сеопфатен пристап кон воспитување на одговорни, ангажирани и финансиски писмени граѓани. Со фокус на личниот развој, социјалната инклузија и одржливата иднина, програмата нуди значајна поддршка за градење на поинклузивни и поотпорни заедници.

Клучните карактеристики на програмата вклучуваат:

- Наставни материјали на повеќе од 50 јазици, адаптирани на локалниот културен и образовен контекст;
- Обуки за наставници и локални партнери со цел ефективна имплементација на програмите;
- Глобална мрежа на партнери во над 100 земји, соработка со владини институции, невладини организации, финансиски институтции и училишта;
- Систематски мониторинг и евалуација за мерење на влијанието врз децата и локалните заедници.

### 3.8.1 Индија

Програмата за развој на претприемничкиот начин на размислување (EMDP), иницирана од владата на Андра Прадеш, Индија и спроведена со партнерството на Идијан лернинг фаундејшн (Udhyam Learning Foundation), Афлатоун интернешенел (Aflatoun International) и Рип бенефит (Reap Benefit), покажува значителни придобивки во академските перформанси, претприемничките вештини и самостојноста на учениците од 9-то одделение, особено кај девојчињата.

Според извештајот на Светската банка, истражувањето, спроведено од South Asia Gender Innovation Lab во соработка со истражувачи од водечки институции (University of California San Diego, Johns Hopkins University, New York University Abu Dhabi, Indian Statistical Institute, Northeastern University, Bates White), открива дека оваа нискобуџетна образовна интервенција (само 0.52 американски долари по ученик) значително ја зголемува самостојноста на учениците во однос на образованието, кариерните цели, финансиската писменост и толеранцијата кон ризик[93].

Клучни наоди од овие иницијативи:

- Зголемена самостојност на учениците – учениците покажале повисоко ниво на контрола врз своите академски и кариерни аспирации.

- Подобрени академски перформанси – учениците кои учествувале во програмата имале подобри резултати по англиски јазик и математика.

---

92 https://aflatoun.org/

93 https://aflatoun.org/latest/news/world-bank-study-shows-low-cost-entrepreneurial-education-boosts-confidence-skills-aspirations-and-academic-results-especially-for-girls/

- Родов ефект – програмата покажала најголем ефект кај девојчињата, кои демонстрирале поголема самодоверба во деловни презентации.

- Регионални разлики – во областите со повеќе производствени работни места, учениците покажале поголем интерес за претприемништво.

Во контекст на фактот дека 23.5% од младите во Индија не се опфатени во образовниот процес, не работат ниту пак посетуваат некаква обука, а родовиот јаз во претприемништвото изнесува околу 30%, програмата е значаен чекор кон адресирање на овие предизвици. Истражувањата покажуваат дека постигнување родова еднаквост во учеството на работната сила може да го зголеми БДП на Индија за 23.4%.

Според Руланд Монаш (Roeland Monasch), извршен директор на Афлатоун инернејшнл (Aflatoun International), „Овие резултати го истакнуваат потенцијалот на програмите за социјална и финансиска писменост во развојот на младинските вештини, особено кај девојчињата. Интегрирањето на вакви програми во формалните наставни планови овозможува одржлив модел за надминување на јазот во вештините и намалување на родовите разлики во вработувањето.“

### 3.8.2 Таџикистан

Програмата Афлатин+ (Aflateen+), насочена кон адолесцентки на возраст од 14 до 18 години во Таџикистан[94], покажала значителен позитивен ефект врз:

- Знаењето за ХИВ/СИДА,
- Поддршката за порамноправни родови норми,
- Фреквенцијата на штедење,
- Склоноста кон претприемништво и плановите за кариера.

Сепак, евалуацијата не открила значајни ефекти врз:

- Знаењето за здравјето и исхраната,
- Моќта на социјалните мрежи,
- Реалниот износ на заштедени пари,
- Очекуваната или идеалната возраст за брак и раѓање.

Истражувањето покажува дека програмата има значителен потенцијал за подобрување на финансиската писменост и претприемничките аспирации кај младите девојки.

94 https://aflatoun.org/latest/news/experiemental-evidence-on-the-impact-of-fiancial-literacy-and-reproductive-health-education-for-adolescent-girls-in-tajikistan/

### 3.8.3 Кина

Истражувањето спроведено во Кина, со ученици од 4 и 5 одделение, користи неколку различни методологии за проценка на ефективноста на програмата. Притоа, клучни наоди се[95]:

- Подобрување на финансиското однесување – учениците покажале значителен напредок во редовното штедење, рационалната потрошувачка и социјалната партиципација.

- Хетерогени ефекти – програмата покажала поголем успех кај момчињата и во помалку развиените региони.

- Непредвидени негативни ефекти – забележани се негативни влијанија врз ставовите и развојот на личноста кај учениците.

Истражувањето нагласува дека финансиското образование за деца може да има значителни придобивки, но истовремено бара внимателно структурирање за да се избегнат потенцијални негативни ефекти.

95 The Impact of Financial Education for Children: Evidence from an Experiment in China, Regular Article
Published: 12 March 2023, Volume 33, pages 157–169, (2024

# 4 Резиме на најдобрите меѓународни практики: клучни компоненти на ефективни програми за финансиска писменост

Анализата на успешните меѓународни програми и рамки за финансиска писменост открива неколку заеднички компоненти кои придонесуваат за нивната ефикасност. Овие елементи го опфаќаат дизајнот на наставната програма, педагошките стратегии, двигателите на имплементацијата и пристапите за оценување.

## 4.1 Дизајн на наставна програма: соодветност на возраста, прогресија, интеграциски наспроти самостоен пристап во воведување на финансиското образование

Основна карактеристика на ефективните наставни програми за финансиска писменост е соодветноста на возраста и внимателен прогресивен развој на содржината. Материјалите за учење и концептите мора да бидат прилагодени на когнитивниот развој и животните искуства на учениците во различни фази[96]. За помладите ученици од основните училишта (на пр., на возраст од 6-8 години), ова обично значи фокусирање на конкретни концепти како што се препознавање пари/банкноти, разбирање дека предметите имаат цена, основни потреби наспроти желби и едноставно штедење (на пр. во детска касичка). Како што учениците напредуваат во повисоките одделенија на основното образование (на пример, на возраст од 9-14 години), наставната програма може да воведе поапстрактни и сложени теми како што се буџетирање, концептот на камата, различни начини на плаќање, разбирање на рекламирањето, основните инвестициски идеи и последиците од финансиските одлуки[97]. Водечките рамки како што се Рамката за финансиски компетенции на ОЕЦД/ЕУ, Стандардите на коалицијата Jump$tart и стандардите NFEC, сите се пример за овој прогресивен начин на учење соодветен на возраста на ученикот, кој логично се гради од основно разбирање до пософистицирана финансиска писменост.

Предизвикот за креаторите на наставни програми лежи во идентификувањето на т.н. „Златна зона", односно да се изберат соодветни содржини за секое возрасно ниво. Ова не е толку едноставно да се направи, за да од една страна не се досадуваат постарите деца/ученици, или пак материјалот да биде толку комплексно објаснет за да помладите ученици не го разберат. Ова бара внимателно мапирање на наставната програма, што потенцијално вклучува соработка помеѓу експерти за финансиска писменост и специјалисти за детски развој, за да се осигура дека содржината и нејзината презентација се усогласени тесно со когнитивните капацитети на учениците и разбирањето на реалниот свет во секоја фаза од нивното основно образование.

Во однос на структурата на реализацијата, едукацијата за финансиска писменост може да се спроведе како самостоен предмет или интегриран во различни постојни предмети на наставната програма[98]. Некои земји или програми се одлучуваат за наменски модули или курсеви за финансиска писменост, додека други претпочитаат крос-курикуларен пристап. На

96 https://openscholarship.wustl.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1700&context=csd_research

97 Стандарди за финансиска писменост: Обезбедете врвен квалитет | NFEC, https://www.financialeducatorscouncil.org/financial-literacy-standards/

98 https://www.ato.gov.au/about-ato/research-and-statistics/in-detail/research-for-individuals-and-families/teaching-taxation-and-superannuation-at-school/consumer-and-financial-literacy-education-policy

пример, Финска го интегрира економското знаење, вклучително и финансиската писменост, во својата програма за општествени науки[99]. Австралија ги охрабрува и самостојните и интегрираните пристапи, со концепти за финансиска писменост кои се појавуваат и во математика и во општествените науки[100]. Во Обединетото Кралство, елементите за финансиско образование се наоѓаат во математика, граѓанско образование и други предмети во зависност од државата и училиштето[101]. Во САД, исто така, има примери на интеграција во наставни предмети како математика, мајчин јазик и општествени науки и сл[102].

Изборот помеѓу самостоен или интегриран модел често зависи од фактори како што се постојната структура на националната наставна програма, достапното време за настава и капацитетот и обуката на наставниците. Стратешката интеграција може да биде високо ефективен пат за подобрување на релевантноста на финансиските концепти преку нивно поврзување со други области на учење (на пр., пресметување на трошоците во математиката, дискусија за економските улоги во општествените предмети). Тоа може да биде и поефикасен начин за инкорпорирање на финансиската писменост без преоптоварување на веќе постојните наставни програми. Сепак, успешната интеграција бара насочен редизајн на наставната програма со експлицитна поврзаност со резултатите од учењето за финансиска писменост и обука на наставниците за да се осигура дека овие врски се ефективно воспоставени во училницата. Предизвици во спроведувањето, особено поврзани со подготвеноста на наставниците, може да се појават доколку интеграцијата не е добро поддржана со соодветни ресурси, нагледни педагошки средства, дигитални алатки и слично.

## 4.2 Педагошки стратегии: искуствено учење, решавање проблеми во реалниот свет, гејмификација, дигитална интеграција

Начинот на кој се учи финансиската писменост е исто толку важен како и она што се учи. Најдобрите меѓународни практики силно ги фаворизираат активните педагошки стратегии насочени кон учениците за разлика од пасивните дидактички методи.

Искуственото учење, или „учење преку правење (learning by doing)", постојано се идентификува како клучна компонента на ефективно финансиско образование. Програмите како што е финскиот Yrityskylä, каде што учениците водат минијатурен град или деловните симулации на Junior Achievement, им овозможуваат на учениците директно да се вклучат со финансиските концепти на практичен начин, правејќи ги апстрактните идеи поопипливи и подостапни.

Решавање проблеми и симулации во реалниот свет широко се користат за учењето да биде релевантно и привлечно. Ова може да се движи од активности засновани во училница како планирање буџет за хипотетички настан (на пр. забава или училишна прослава), играње на друштвени игри како Монопол, или вклученост во софистицирани дигитални симулации како играта за управување со пари на MoneyTime. Овие пристапи им овозможуваат на учениците да го применат своето знаење и да ги тестираат своите вештини за донесување одлуки во безбедни, контролирани средини пред да се соочат со финансиски последици од реалниот свет.

Употребата на дигитални алатки, игри и апликации во образованието за финансиска писменост претставува динамичен и растечки тренд, кој значително го трансформира начинот на кој учениците ги стекнуваат финансиските знаења и вештини. Онлајн програми како

99 https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00220485.2022.2038320
100 https://www.education.sa.gov.au/parents-and-families/curriculum-and-learning/financial-literacy/financial-literacy-in-schools-and-preschools
101 https://maps.org.uk/content/dam/maps-corporate/en/publications/research/2024/maps-education-primary-guidance-n.ireland.pdf
102 https://www.edutopia.org/article/financial-literacy-elementary-school/

MoneyTime, едукативни видеа од платформи како BrainPop, како и специјално дизајнирани дигитални системи што овозможуваат симулации – како Yrityskylä во Финска или играта MoneySmart Town развиена од австралиската ASIC – нудат високо интерактивно и ангажирачко искуство за учениците.

Овие алатки овозможуваат одредено ниво на персонализација, прилагодување кон возраста и потребите на учениците, и обезбедуваат флексибилни решенија за интеграција на различни содржини. Тие не само што ја поттикнуваат мотивацијата и практичното учење, туку и го олеснуваат пристапот до финансиската едукација во различни образовни контексти, особено кога наставниците немаат доволно ресурси или време за развој на сопствени материјали.

Овој пристап ја засилува улогата на технологијата како катализатор за иновативно и инклузивно учење и претставува вредна компонента во современите стратегии за финансиска писменост.

Распространетоста на игрите, симулациите и интерактивните дигитални алатки укажува на пораст на пристапите на „разиграно учење“, дури и за сериозни теми како финансиите. Овој тренд веројатно е поттикнат од признавањето дека финансиските концепти често можат да бидат сфатени како сувопарни, сложени или застрашувачки, особено за помладите ученици[103]. Овој вид на педагошки пристап во учењето може значително да го зголемат ангажманот и мотивацијата на учениците, правејќи ги сложените идеи подостапни и попријатни за учење. Ова сугерира дека Северна Македонија треба активно да истражува, развива или приспособува интерактивни педагошки ресурси како дел од својата стратегија за финансиска писменост.

Програмите кои се приспособени на локалната средина и културниот контекст на учениците имаат тенденција да бидат поефективни. На пример, проектот „Фармата на Серен“ во Велс беше специјално развиен за да ги одрази потребите и интересите на руралната заедница. Слично на тоа, користење на познати сценарија како планирање на локална училишна прослава за да се научи буџетирање го прави учењето понепосредно и попримелниво. Ова имплицира дека наставните материјали и наставните примери развиени за учениците од Северна Македонија треба да вклучуваат локална валута (македонски денар), познати економски сценарија, културно релевантни примери и да бидат достапни на наставните јазици кои ги зборуваат и локалните заедници за да се зголеми ангажираноста и практичната применливост на наученото.

## 4.3 Двигатели за поефикасна имплементација: професионален развој на наставниците, ресурси, вклученост на родителите, партнерства

Ефективното спроведување на програмите за финансиска писменост зависи од неколку клучни предуслови. Професионалниот развој на наставниците (TPD) е најважен. Додека некои самонасочени дигитални алатки како MoneyTime може да бараат минимална директна инволвираност од наставниците, пошироката интеграција на финансиската писменост во наставната програма и ефективната употреба на педагошките алатки за активно учење во голема мера зависат од довербата и компетентноста на наставниците[104]. На наставниците им треба не само содржинско познавање на финансиски теми, туку и педагошки вештини приспособени за ефективно да ги подучуваат децата за овие концепти[105]. Успешните меѓународни програми како што се Yrityskylä во Финска, ASIC's MoneySmart во Австралија, како и разните програми во Обединетото Кралство (на пример, Kapow Primary и LifeSavers) сите вклучуваат компоненти

103 https://www.unesco.org/en/articles/bringing-financial-literacy-life-through-sequential-art
104 https://journal.iainlangsa.ac.id/index.php/atfaluna/article/download/5724/2649
105 https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1430456.pdf

на обука или поддршка на наставниците. Довербата на наставникот може да биде значително „тесно грло“ доколку не биде обезбедена; и обратно, добро подготвените и поддржани со соодветни ресурси наставници можат да бидат моќни катализатори за учењето на учениците. Затоа, сеопфатниот и тековен професионален развој на наставниците не е само дополнителен, туку основен предуслов за успешно, широко распространето образование за финансиска писменост, особено ако се усвои интегриран модел на наставна програма.

Пристапот до висококвалитетни, лесно достапни ресурси за настава и учење е уште еден критичен овозможувач за поквалитетна имплементација на финансиското образование. Ова вклучува добро дизајнирани планови/сценарија за часови, материјали за ученички активности, дигитални алатки, игри и водичи за оценување. Централизирани центри како веб-локацијата MoneySmart на ASIC преставуваат убав пример - како наставниците имаат лесен пристап до проверени материјали усогласени со наставната програма.

Вклучување на родителите постојано се наведува како важен фактор за зајакнување на финансиското учење[106]. Кога финансиските концепти научени на училиште се дискутираат и применуваат во домашната средина, нивното влијание се засилува. Учениците кои разговараат за одлуките за штедење или купување со своите родители имаат тенденција да бидат финансиски пописмени. Некои програми, како MoneyTime, вклучуваат специфични модули родител-дете. Иако важноста на родителскиот ангажман е широко прифатена, а некои програми нудат компоненти за да го олеснат, често има помалку детални упатства за тоа како ефективно да се ангажираат родителите во поголем обем, особено оние кои можеби самите имаат ограничена финансиска писменост или доверба. Ова претставува потенцијална област и за користење на иновативен пристап во Северна Македонија, преку развивање насочени стратегии и ресурси за да се оспособат родителите да го поддржат финансиското учење на нивните деца, а со тоа се помага да се премостат потенцијалните меѓугенерациски празнини во финансиското знаење и практика.

Уште еден многу важен фактор за подобро финансиско образование се партнерства со повеќе засегнати страни. Квалитетните партнерства се заедничка карактеристика на успешните и одржливи иницијативи за финансиска писменост. Овие соработки често вклучуваат владини министерства (особено образование и финансии), централни банки, финансиски регулаторни тела, комерцијални банки и други финансиски институции, невладини организации, училишта и организации во заедницата. Ваквите партнерства можат да донесат разновидна експертиза, финансирање, ресурси и поширок дофат на напорите за финансиска едукација. На пример, финансиските институции може да обезбедат експертиза од реалниот свет или да спонзорираат програми, додека невладините организации може да се специјализираат за развој на наставни програми или обука на наставници за одредени целни групи.

### 4.4 Вреднување (оценување на учениците) и евалуација: техники и фокус

Вреднување на финансиската писменост кај децата во основното образование и евалуацијата на ефективноста на програмите бара повеќеслоен пристап што ги надминува традиционалните тестови засновани на знаење. Фокусот треба да биде на мерење не само на она што учениците го знаат, туку и на тоа како размислуваат за финансиските прашања (ставови) и што се способни да направат (вештини и однесувања).

Меѓународната практика сугерира низа на техники за оценување. Системот на евалуација на ОЕЦД за финансиска писменост за 15-годишници, ја нагласува примената на

106 https://www.oecd.org/en/blogs/2025/03/the-role-of-financial-literacy.html

знаењето во ситуации и проблеми од реалниот живот[107]. Додека самата ПИСА е за постара возрасна група, нејзините принципи за оценување на применетите знаења се релевантни и за учениците во основното образование. За учениците во основните училишта, оценувањето може да вклучува квизови (MoneyTime има квизови со автоматско оценување), учење базирано на проекти и симулации од реалниот свет и слично. На пример, Kapow Primary во Обединетото Кралство користи и квизови и „Knowledge catchers" ( алатка за формативно оценување на претходното и стекнатото знаење). Финската програма Yrityskylä користи практична примена во својот симулиран град, рефлексија од страна на учениците, а исто така се потпира на надворешни аналитички студии за да ги оцени резултатите од учењето.

**Фокусот** на евалуацијата на програмите за финансиска писменост треба да бидат холистички, со цел да се измерат влијанијата врз финансиското знаење на учениците, нивните ставови кон парите и финансиските концепти и нивното финансиско однесување[108]. Анализите потврдуваат дека финансиското образование може позитивно да влијае и на знаењето и на однесувањето на младите во текот на нивниот раст и развој[109].

Важноста на формативно оценување за адаптираната настава исто така произлегува од најдобрите практики. Алатки како Kapow Primary's "Knowledge catchers", се користат на почетокот и на крајот на наставните единици за да се измери разбирањето и усвоеното знаење. Општиот принцип на овој вид на оценување е користење на податоците од оценувањето за да се разбере моменталното знаење на учениците, да се идентификуваат сегментите за подобрување и соодветно да се прилагоди наставата. Ова особено е од витално значење за поими поврзани со финансиската писменост, каде што учениците влегуваат во училницата со многу различни нивоа на претходна подготвеност и разбирање врз основа на нивните домашни средини и искуства. Формативното оценување им овозможува на наставниците да ги приспособат своите педагошки пристапи за ефективно да ги задоволат различните потреби на нивните ученици.

107 https://www.oecd.org/en/topics/sub-issues/student-financial-literacy.html
108 https://www.ifo.de/en/cesifo/publications/2018/working-paper/financial-education-schools-meta-analysis-experimental-studies
109 https://gflec.org/metaanalysis/

# 5 Меѓународно признати алатки за мерење на финансиската писменост

Постојат неколку меѓународно признати алатки и рамки за мерење на финансиската писменост, кои сепак примарно се насочени кон постарите ученици и возрасните. Но, нивните принципи за дизајн, области на содржина и методологии за оценување нудат вредни сознанија за развивање соодветни пристапи за оценување на деца/ученици од основно образование на возраст од 6-14 години.

## 5.1 ОЕЦД ПИСА Проценка на финансиската писменост

Програмата на ОЕЦД за меѓународно оценување на ученици ПИСА (PISA) вклучува посебен модул за проценка на финансиската писменост, кој ги мери знаењата и вештините на 15-годишните ученици во однос на нивната способност да се справуваат со реални финансиски ситуации.

Според дефиницијата на PISA, финансиската писменост претставува „знаење и разбирање на финансиските концепти и ризици, како и вештините, мотивацијата и довербата за примена на таквото знаење и разбирање со цел да се донесат ефективни одлуки низ низа финансиски контексти, да се подобри финансиската благосостојба на поединците и општеството и да се овозможи учество во економскиот живот".

Овој модул не се фокусира само на репродукција на факти, туку ја оценува способноста на учениците да ги применат своите знаења и вештини во практични, секојдневни ситуации – како што се буџетирање, штедење, користење банкарски услуги или разбирање на финансиски ризици.

Системот на оценување ги рангира резултатите на учениците во пет нивоа на компетентност, кои опфаќаат широк спектар на финансиски способности – од основно препознавање на финансиски термини и донесување едноставни одлуки за трошење, до анализа на сложени финансиски производи и решавање на нерутински проблеми на највисоките нивоа[110].

Проценката на финансиската писменост на ПИСА поминува низ ригорозен процес на развој за да се обезбеди нејзината валидност, веродостојност и праведливост меѓу земјите. Тестовите се втемелени во концептуална рамка, опширно пилотирани и рафинирани преку меѓународна соработка која вклучува експерти од образованието и финансиите. Ставките во модулот за финансиска писменост на PISA опфаќаат широк спектар на контексти и когнитивни процеси, користејќи разновидни формати – од прашања со повеќекратен избор и конструирани одговори, до интерактивни задачи. Во нивниот дизајн, клучен приоритет е обезбедувањето културна неутралност, со цел да се гарантира фер и валидна проценка на учениците од различни земји и образовни системи.

За разлика од поедноставните прашања за финансиска писменост кај возрасни, задачите на PISA за 15-годишници опфаќаат поширок опсег на содржини – вклучувајќи управување со пари, проценка на финансиски ризици и разбирање на финансиски производи – и бараат примена на знаењата во реални, секојдневни сценарија. Овој пристап овозможува подлабоко разбирање на способноста на учениците да донесуваат информирани и одговорни финансиски одлуки, наместо само да репродуцираат фактички информации.

110 https://www.cambridge.org/core/journals/journal-of-financial-literacy-and-wellbeing/article/assessing-financial-literacy-among-the-young/345E0C586C52E4EF892D5AB87DF8FD4F

Додека ПИСА тестирањето директно ги проценува познавањата за финансии кај 15-годишниците, нејзината рамка и наоди служат како вредна дијагностичка алатка за разбирање на силните и слабите страни на ниво на системот во финансиското образование. Видовите „реални ситуации“ и задачи за решавање проблеми што се користат во прашањата за ПИСА може да инспирира развој на сличен систем за оценување базиран на сценарија и фокусиран на примена за помладите ученици во возрасната група од 6 до 14 години. Северна Македонија, со проучување на рамката за финансиска писменост на ПИСА, може да добие увид во креирање на системи за оценување кои мерат и подлабоко разбирање и практична примена, наместо само површно знаење.

## 5.2 Национален совет на финансиски едукатори - НФЕЦ (NFEC) Тест за финансиска писменост

Националниот совет на финансиски едукатори (NFEC) во САД обезбедува низа тестови за финансиска писменост и ресурси за проценка преку својот Тест центар за финансиска писменост. Овие тестови се нудат како комплементарни алатки за наставниците кои се вклучени во финансиско образование, за поединци кои бараат самооценување, како и за медиумите[111]. Пристапот за тестирање на NFEC има за цел да го измери финансиското знаење во десет клучни области опфатени во нивните стандарди за финансиска писменост, вклучувајќи финансиска психологија, кредити и долгови, буџетирање, приходи и инвестиции, и друго.

Еден од нивните главни системи за оценување е Националниот тест за финансиска способност, тест со 30 прашања првенствено дизајниран за средношколци и за возрасна популација[112]. Овој тест се базира на финансиската способност поделена во три различни области:

1. Мотивација за учење: Проценува дали учесниците разбираат како финансиската писменост влијае на нивниот секојдневен живот и се однесува на личните аспирации (на пример, „Како разбирањето на темите за управување со ризик може да ми помогне во секојдневниот живот?“).
2. Познавање на финансиски теми: Го мери традиционалното финансиско знаење (на пр. „Што е камата?“).
3. Препознавање на првиот чекор: Оценува дали учесниците ги разбираат првичните активности потребни за подобрување на нивната финансиска состојба (на пр. „Како да го започнам процесот на креирање долгорочен финансиски план?“).

NFEC исто така нуди Тест за напредно финансиско образование кој е фокусиран на посложени теми и неколку пократки тестови засновани на теми, вклучително и некои кои би можеле да се прилагодат за помладите ученици доколку се поедностават (на пр., финансиска психологија, заштеди, трошоци и буџетирање). Поважно, NFEC исто така има развиено Стандарди за финансиска писменост за ученици од градинка до 8-мо одделение[113]. Овие стандарди се поделени во возрасни групи и понатаму се разграничуваат според когнитивните нивоа (почетно, средно, напредно) врз основа на педагошките теории. За помладите возрасни групи, рамката NFEC користи „суштински прашања“ за да соодветствува на учењето и развојот на наставната програма.

Традиционалните тестови за финансиска писменост често се концентрираат само на знаење од предметот. Сепак, ученикот може да поседува теоретско знаење (на пр., да знае што е буџет), но да нема внатрешна мотивација да го создаде и користи, или можеби не ги

111 https://www.financialeducatorscouncil.org/financial-literacy-test/
112 https://www.financialeducatorscouncil.org/financial-literacy-test/
113 https://www.financialeducatorscouncil.org/wp-content/uploads/Kids_Financial_Literacy_Standards_PK%E2%80%938th_Grade.pdf

знае практичните први чекори што треба да ги преземе. Оценувањето на овие елементи на финансиската акција може да обезбеди похолистички поглед на развојот на финансиската способност на поединецот и да помогне да се идентификуваат специфичните некогнитивни области каде што на учениците може да им биде потребна дополнителна поддршка или охрабрување. Оваа перспектива е многу релевантна за основното образование, каде што поттикнувањето позитивни ставови кон финансиските концепти и градењето на подготвеност за ангажирање во финансиските задачи се клучни развојни цели. Достапноста на бесплатни ресурси за тестирање и структурирана рамка за стандарди за основното образование ја прави работата на NFEC практична референтна точка, дури и ако алатките за директна проценка за возраста од 6 до 14 години бараат понатамошно прилагодување.

### 5.3 Други релевантни пристапи за проценка и размислувањата на младите поврзани со финансии

Покрај рамките за проценки на ПИСА и NFEC тестовите, се користат и други пристапи за проценка на финансиската писменост кај помладите популации. Многу проценки се развиени од наставници или се добиени од понудувачите на образовни услуги и ресурси. Тие може да вклучуваат традиционални квизови, иако сè повеќе фокусот е на учење базирано на проекти, симулации од реалниот свет и прашања засновани на сценарија кои бараат од учениците да го применат своето знаење. На пример, ресурсите што се наоѓаат на платформи како Teachers Pay Teachers често вклучуваат сумативни тестови на единици кои вклучуваат сценарија за финансиско одлучување и практични задачи за примена за различни образовни нивоа (различно одделение)[114].

Истражувањето за ефективноста на програмите за финансиско образование често користи повеќедимензионална стратегија за оценување, гледајќи во зголемување на финансиското знаење, промени во финансиско однесување и промени во ставовите кон финансиски прашања[115]. Овој поширок поглед ја прифаќа тезата  дека финансиската компетентност е повеќе од само знаење; тоа, исто така, вклучува право на размислување и вклучување во позитивни финансиски практики.

Низата алатки и методологии за оценување што се дискутирани - од меѓународни проценки од големи размери до училишни проекти и анкети за ставови - укажува на потребата за балансирано портфолио на методи за оценување за примарна финансиска писменост во Северна Македонија. Ниту еден инструмент не може да го опфати целиот спектар на финансиски можности. Сеопфатната стратегија би требало да вклучува:

- Формативни проценки во училницата: Тековни проверки за разбирање што се спроведуваат во реално време, со цел да се насочи наставниот процес и да се обезбеди навремена и релевантна повратна информација. Тие вклучуваат набљудувања, дискусии, испрашувања и едноставни задачи, кои ѝ овозможуваат на наставничката практика да се прилагоди според потребите на учениците и да се поттикне подлабоко учење.
- Сумативни проценки во училницата: Квизови на крајот на единицата, мали проекти или прашања засновани на сценарија за да се оцени учењето на учениците за специфични концепти и вештини.
- Проценки засновани на перформанси: Се фокусираат на практични задачи кои бараат од учениците активно да го применат своето знаење во реални или симулирани ситуации. Наместо да се оценува само теоретското разбирање, овие проценки ги ангажираат учениците преку активности како што се креирање едноставен

114 https://www.teacherspayteachers.com/browse?search=financial%20literacy%20assessments

115 https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00220485.2022.2038320

план за штедење за посакуван предмет, учество во симулација на пазарен ден каде што учениците управуваат со виртуелни пари, или анализа на едноставна реклама со цел да се разберат поттикнувачките механизми зад потрошувачките одлуки. Ваквиот пристап овозможува подлабоко учење, развој на критичко размислување и трансфер на знаењето во секојдневниот живот.

- Анкети или размислувања за ставови: Едноставни алатки соодветни за возраста (на пр. прашалници со Ликертова скала за оценување, есејски написи, и сл.) за да се измерат промените во начинот на размислување на учениците кон концепти како што се штедење, трошење, споделување и финансиско планирање.

Ваквиот балансиран пристап кој комбинира различни типови на оценување обезбедува побогата и поизразена слика за напредокот на учениците во сегментот на финансиска писменост, за разлика од класичното базирање на користење само на стандардизирани тестови. Со ваквиот пристап им се овозможува на наставниците и креаторите на политики да го оценат не само стекнувањето знаење, туку и развојот на практични вештини и позитивни финансиски ставови кај учениците.

# 6 Анализа на моменталната состојба со финансиското образование во Република Северна Македонија

Анализите поврзани со моменталната состојба со финансиската едукација кои се правени во нашата земја се однесуваа на следните сегменти:

- Активности на клучните институции од финансискиот сектор за зајакнување на финансиската едукација во земјата поврзани со имплементација на Стратегијата за финансиска едукација и инклузија 2021-2025
- Детектирање на содржини од финансиска писменост во наставните програми во основното образование,
- Детектирање на содржини од финансиска писменост во учебниците за основно образование – јавно достапни на платформата за учебници на Министерството за образование и наука (https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/),
- Анализа на резултатите од теренското истражување во кое се опфатени над 3600 ученици, 1200 наставници и 2300 родители.

## 6.1 Стратегија за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 и улогата на Народната банка (деталната анализа е презентирана во Прилог 2)

**Стратегијата за финансиска едукација и инклузија 2021–2025, како што е дефинирана од Народната банка на Република Северна Македонија, претставува јасна и добро структурирана рамка со јасни цели за зголемување на финансиската писменост кај младите и возрасната популација во нашата земја. НБРСМ има централна улога во практичната реализација и во координација** со и другите финансиски регулатори (Министерство за финансии, Македонска банкарска асоцијација – МБА, Агенција за супервизија на осигурување - АСО, Комисија за хартии од вредност - КХВ, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС) **како и со Бирото за развој на образованието (БРО), Министерството за образование и други образовни институции, обезбедувајќи обуки, едукативни материјали, дигитални алатки и интерактивни активности за учениците и наставниците.**

**Практичните активности** (натпревари за најдобар расказ или цртеж на теми поврзани со финансии), обуките **и симулациите што ги нуди НБРСМ најчесто се во форма на воннаставни или дополнителни активности, наместо да бидат институционализирани во редовната настава.**

**Потребно е да се напомене дека позитивните напори кои финансиските институции ги прават во насока на подобрување на финансиската писменост во земјата многу зависат од мотивацијата и посветеноста на наставниот кадар кој е вклучен во овие активности и треба ново-стекнатото знаење да го пренесе на своите ученици и адекватно да ги мотивира да учествуваат на настаните и натпреварите организирани од финансиските институции.**

**Според податоците на НБРСМ од 2012 години секоја година се распишува Конкурс за деца и млади по повод** Светскиот **ден на штедењето - 31 октомври. Конкурсите се објавуваат на веб страницата на НБРСМ и се однесуваат за** литературна и/или ликовна творба **на различни финансиски теми како на пример: „Што значи за мене осигурувањето на домот и семејството“, „Штедам – мислам на својата иднина“, „Штедење – И јас умеам да штедам“, „Штедам за моите желби, штедам за мојата иднина“, „Да штедиме за нашите желби, да штедиме за нашата иднина“, „Штедењето, парите и финансиските услуги во современата дигитална ера“, итн. Конкурсот е поделен најчесто во три возрасни категории: за ученици од 1 до 5 одделение, ученици од 6-то до 9-то одделение и за ученици од средните училишта.**

**На Натпреварите има масовно учество на ученици од основните и средните училишта. Тка ана пример, на Конкурсот за 2025 година фондот за награди бил 3.000.000,00 денари, при што, на Конкурсот објавен за учениците од основното образование на тема: „ Да штедиме за нашите желби, да штедиме за нашата иднина“ пристигнаа вкупно 565 ученички труда, од кои 94 литературни творби – песни, 104 литературни творби – раскази и 367 ликовни творби – цртежи. На Конкурсот објавен за учениците од средното образование на тема: „Штедењето, парите и финансиските услуги во современата дигитална ера“, биле доставени 53 есеи**[116].

**Од 2018 година, во организација на Македонската банкарска асоцијација**[117] **и во соработка со НБРСМ и Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија се објавува Јавен повик до основните и средните училишта во Република Северна Македонија за учество во меѓународниот натпревар Европски квиз на парите. Квизот е проект на Европската банкарска федерација, фокусиран на финансиската едукација на учениците од 13 до 15 години. Победничкиот тим од нашата земја учествува на финалниот натпревар во Брисел. На финалето во 2025 година, второто место го освоија македонските ученици Марин Христоски и Алексеј Мицкоски од ООУ „ Кире Гавриловски – Јане“ од Прилеп, под менторство на наставничката Соња Јорданоска**[118].

**НБРСМ организира бројни обуки за учениците и наставниците во основните и средните училишта. Притоа, во изминатите десетина години организирани се 478** обуки на различни теми поврзани со финансиите **(како на пример: „Да се запознаеме со Народната банка“, „Вовед во лични финансии“ и сл.)** во кои учествувале **1272** наставници и **19605** ученици[119].

**За да се оствари целосната визија на стратегијата, е потребна поцврста усогласеност меѓу стратегиските документи, наставните програми и учебниците, како и поинтензивна и континуирана поддршка за наставниците за вградување на практични задачи и дигитални ресурси во секојдневната настава. Партнерствата со невладини организации и експерти ја зголемуваат достапноста и квалитетот на обуките и материјалите, што дополнително ја поддржува имплементацијата на стратегијата.**

## 6.2 Анализа на наставните програми за вклученост на елементи на финансиска писменост (деталната анализа е презентирана во Прилог 3)

**Наставните програми во основното образование нудат цврста рамка за развој на финансиска писменост преку интегриран и развојно усогласен пристап. Темите постепено се надградуваат од основни поими за пари до комплексни финансиски концепти. Програмите се во склад со националните стандарди и меѓународните препораки, а фокусот на активно учење и користење на реални примери во наставата ја дава силната страна на програмите.**

**Сепак, нивната успешна примена зависи од квалитетот на учебниците и поддршката која е достапна за наставниците**, и секако, од мотивираноста на наставниците. Иако програмите се многу добро осмислени, не секогаш се рефлектираат соодветно во учебниците, а наставниците немаат доволно структурирани прирачници и специјализирани обуки поврзани со елементи на финансиската едукација.

**Наставните програми за основно образование во Северна Македонија, подготвени од Бирото за развој на образованието (БРО**), вклучуваат значајни елементи на финансиска

116 https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-31102025-1.nspx

117 https://mba.mk/w/mk/european-money-quiz/

118 https://mon.gov.mk/index.php/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/nagradeni-makedonskite-ucenici-koi-osvoija-vtoro-mesto-na-evropskiot-kviz-na-pari-janevska-najavi-unapreduvanje-na-modelot-na-finansiska-edukacija

119 Податоците се добиени од НБРСМ

писменост интегрирани во повеќе предмети. Тие се развојно соодветни, усогласени со националните стандарди и во голема мера кореспондираат со меѓународните рамки (како оние на ОЕЦД/ЕУ). Програмите промовираат активно учење, интердисциплинарен пристап и користење на реални ситуации за да им овозможат на учениците постепено да ги развиваат финансиските компетенции.

**Финансиските содржини се појавуваат во програмите кај следните предмети:**

- **Животни вештини – рационално користење ресурси и активности поврзани со купување.**
- **Општествени науки – поими за приход, трошоци и буџетирање.**
- **Природни науки – рационално користење на ресурси како индиректен аспект на финансиска одговорност.**
- **Математика – работа со пари, проценти, камата, попуст, даноци; реални финансиски пресметки.**
- **Иновации (9-то одделение) – најсеопфатен преглед на теми поврзани со финансиската писменост (подготовка на буџет, приходи/расходи, добивка, изработка на краток бизнис план (бизнис модел канвас)** и сл.)
- **Изборни предмети „Финансиска писменост“, „Финансиско образование“ и „Иновации и претприемништво“ – најструктурирана и детална обработка на финансиски теми (штедење, буџетирање, кредити, осигурување, ризици, инвестирање).**

**Содржините се развиваат постепено според возраста – од игра и препознавање пари во ниските одделенија, до сложени вештини како буџетирање, критичко одлучување и анализа на финансиски понуди во повисоките одделенија. Програмите користат голем број практични активности: играње улоги, симулации на буџети, квизови, анализа на реклами, групни дискусии и проекти.**

**Иако програмите се добри, постои ограничена формална поддршка за наставниците (специјализирани обуки, прирачници) и недостасува централизирана дигитална е-платформа на која ќе се нудат финансиските содржини**. Сепак, наставниците имаат флексибилност да користат физички и дигитални материјали.

**Препораки**

Воведување на систематски и континуиран модел за финансиска писменост во основното образование, структуриран на следниот начин:

1. **Слободна активност** (1-3 одделение): Креирање и имплементација на сеопфатна програма за реализација на активностите, поддржана со прирачник за наставници и работни материјали за ученици. Фокусот на активностите треба да е на раното запознавање со основните концепти (пари, штедење, желби наспроти потреби) преку игра и интеракција.
2. **Слободен изборен предмет** (4-9 одделение): Воведување на Финансиска Писменост како задолжителен изборен предмет со цел продлабочување на знаењата за буџетирање, кредити, инвестиции, даноци и ризици.
3. **Задолжителен предмет** (9-то одделение): Фондот за настава за предметот Иновации за 9-то одделение кој е со еден наставен час неделно, би можело да се прошири на два часа, при што цело едно полугодие треба да се посвети на понапредни елементи на финансиската писменост, кои што би содржеле теми како формирање на буџет за една компанија, пресметка на профит и загуба во работењето,

запознавање и пресметка со определени основни финансиски индикатори, критична точка во работењето, итн.

4. **Зајакната интеграција**: Продолжување и продлабочување на досегашното искуство со интегрирање на финансиски елементи во соодветни наставни предмети (пр. „Парите и каматата“ во Математика, „Потрошувачките права“ во Граѓанско образование, „Буџетот на едно семејство“ во Општество), но со детална разработка наместо само со површно спомнување темите во контекст на предметот.

## 6.3 Анализа на застапеност на елементи од финансиска писменост во учебниците во основното образование (деталната анализа е презентирана во Прилог 4)

**Анализата на учебниците од 1-во до 9-то одделение покажува дека финансиската писменост е многу слабо и недоследно застапена во формалните наставни материјали. Иако наставните програми предвидуваат постепено развивање на финансиски вештини, учебниците не го следат овој развоен континуитет. Во најниските одделенија (I–V) финансиските поими се јавуваат исклучиво инцидентно, како дел од приказни или контекстуални ситуации, без дефиниции, без концептуални објаснувања и без практични задачи. Во VI и VII одделение содржината останува површна, претежно сведена на математички текстуални задачи или литературни спомнувања, без развивање на вистински економски разбирања.**

**Од VIII одделение се појавуваат првите реални можности за подлабока обработка – особено во Географија и Граѓанско образование – но тие потенцијали се користат делумно и недоволно. Единствен предмет што нуди систематско и структурирано изучување на финансиски концепти е Иновации во IX одделение, каде што се обработуваат буџетирање, приходи, трошоци, пазарни поими и финансиско планирање.**

Општата слика укажува на силен јаз меѓу намерите на наставните програми и реализираното преку учебниците. **Учениците најчесто се изложени само на случајно спомнување на финансиски термини, наместо на постепено градење функционални финансиски вештини. За разлика од меѓународните добри практики, кои применуваат активности, симулации и систематско воведување на клучни поими, во нашите учебници ова недостига. Потребата за посистемска интеграција на финансиската писменост е очигледна, како и за подобро искористување на предметите кои природно нудат можности за тоа. Како резултат на ова, младите завршуваат основно образование со многу ограничена финансиска писменост, која е повеќе случајна отколку системски развиена, што може да влијае врз нивната способност да се снаоѓаат во реални финансиски ситуации.**

**Препораки**

**1. Системска ревизија на учебниците**

- **Да се интегрираат објаснети поими за пари, штедење, буџет, камата, инвестирање.**
- **Да се додадат практични вежби во учебниците, или прирачниците** (буџет на семејство, пресметки на заштеда, избор меѓу алтернативни трошоци).

**2. Воведување структурирани финансиски активности од 1 до 5 одделение**

- **Игри со пари, симулации на купување/продавање, штедилници, едноставни буџетски задачи.**

**3. Развој на наставни прирачници за наставниците**

- **Развивање на општ прирачник за изборниот предмет Финансиско образование**.

- **Развивање на посебни модули на прирачници за наставници кои предаваат различни предмети во кои има елементи од финансиска едукација (математика, општество, граѓанско образование, географија, иновации, итн.)**

**4. Подобра интеграција во јазичните предмети**

- **Анализа на реклами и текстови поврзани со трошење, штедење, заштита на потрошувачите, планирање на потребите во семејството, но и лично за ученикот**, неговите потреби **наспорти можности**, и сл.

**5. Оптимално искористување на постојните предмети Географија, Граѓанско образование, Математика, Иновации за нивно зајакнување со содржини од финансии**

- **Географија: економски показатели, глобални пазари, валути.**

- **Граѓанско образование: дефинирање на теми поврзани со даноци, јавни финансии, потрошувачки права.**

- **Математика: вклучување на поголем број на задачи поврзани со финансискиот свет (пресметка на трошоци, споредба на понуди, пресметка на камати, амортизација на опрема, осигурување**, и сл.)

- **Иновации: зајакнување на сегментот со подготовка на буџет за компанија, пресметка на профит и загуба, преглед на основни финансиски показатели и индикатори, итн.**

## 6.4 Анализа на наодите од теренското истражување (деталната анализа е презентирана во Прилог 5)

За потребите на истражувањето од методолошки аспект, примерокот беше селектиран да обезбеди репрезентативност според наставниот јазик, типот на училиште и образовните нивоа. Во училишта каде наставата се одвиваше исклучиво на македонски или албански јазик, беше избрана по една паралелка од 4, 7 и 9 одделение. Во училиштата со мешан наставен јазик беа вклучени по една паралелка на македонски и по една на албански јазик; при изборот се користеа паралелки означени со „а“ или „1“ (на пр., 4а, 7а, 9а или 4-1, 7-1, 9-1).

Во истражувањето учествуваа 68 основни училишта од сите осум региони во државата за да се обезбеди територијална и социо-културна застапеност. Од нив, 35 беа градски, а 33 рурални. Според наставниот јазик, 42 училишта реализираат настава на македонски, 20 на албански јазик, додека 6 од училиштата беа двојазични (наставата се одвива и на македонски и на албански јазик).

Истражувањето се спроведе со on-line прашалник во периодот 20.10.2025 – 27.10.2025 и беше реализирано од страна на Советниците од Бирото за развој на образованието (БРО). Анкетата се спроведуваше во училниците за време на еден наставен час на мобилен телефон или компјутер со скенирање на QR код под контрола на наставник и/или советник од БРО.

### 6.4.1 Анализа од теренското истражување кај учениците

Вкупно беа анкетирани **3,614 ученици** од четврто, седмо и деветто одделение. Во четврто одделение се анкетирани 1236 ученици (49.9% момчиња, 50.1% девојчиња, 71.3% се на возраст од 9 години, додека 25.65% се 8-годишни ученици, 830 Македонци, 406 Албанци). Во седмо одделение се анкетирани 1202 ученици (49.9% момчиња, 50.1% девојчиња, 82.6% се на возраст од 12 години додека 13.2% се 13 годишни деца, 739 Македонци, 463 Албанци). Во деветто одделение се анкетирани: 1166 ученици (49.1% момчиња, 50.9% девојчиња, 80.6% се на возраст од 14 години додека 15.8% се 13 годишни деца, 721 се Македонци, 445 се Албанци).




Учениците од **четврто одделение** покажуваат солидна основна финансиска писменост. Над 75% точност е забележана кај основните аритметички пресметки (на пр. пресметка на кусур) и поими (буџет, штедење, банкарски сметки). Тие рационално споредуваат цени (≈79% точност) и ги разбираат основните принципи на штедење и етика (≈90% знаат дека треба да ги вратат позајмените средства). Сепак, дел од нив (меѓу 50 и 60%) не се снаоѓаат во задачи кои бараат анализа на исплатливост (на пр. избор на поевтино шише сок од две понудени опции) и планирање на џепарлак. Литературата и меѓународните истражувања сугерираат дека ова е очекувано: учениците овде се на најниските когнитивни нивоа (запомнување и разбирање), каде што се најсигурни при одговарањето и донесувањето одлуки.

Учениците од **седмо одделение** покажуваат напредок во точноста на одговорите: 76% точно ја дефинираат концепцијата на буџет, над 90% успешно решаваат едноставни задачи, и мнозинството донесуваат рационални долгорочни одлуки (на пр. избор на поевтин фрижидер или пакет бонбони). Сепак, и тука се манифестираат слабости при комплексни задачи: точноста при пресметување проценти во буџет е само 51%, а на аргументираните одговори често им недостасува длабочина (само ≈30% наведуваат повеќе од една причина). Ова укажува на фактот дека додека на ниво на основни когнитивни нивоа (знаење, разбирање, примена) учениците имаат соодветно знаење и вештини, на повисоките нивоа (анализирање, евалуација) имаат потешкотии во одлучувањето. Наодите во литературата, исто така, ја потврдуваат и оваа состојба: учениците често постигнуваат силни резултати на ниво на „знаење“, но послаби на повисоките когнитивни нивоа на разбирање и примена.

Учениците од **деветто одделение** генерално добро го разбираат поимот буџет (88% и истиот успешно го дефинираат) и моделираат рационално финансиско однесување во пракса (≈75% би презеле соодветни чекори со останати средства, потоа мнозинство препознава евтин телефон, и сл.). Сепак, тие покажуваат значителни потешкотии со напредни квантитативни задачи: само 30% точно пресметуваат каматна стапка. Околу 50–60% од учениците правилно аплицираат проценти, додека една третина не одговара на сложени задачи или комплексни сценарија. И креативните решенија во практичните задачи (на пр. алтернативни начини за штедење) остануваат во малцинство. Овие резултати укажуваат дека на напредни когнитивни

нивоа (анализирање комплексни финансиски информации, решавање нестандардни проблеми) перформансите на учениците се релативно пониски – што соодветствува со наодите на PISA- истражувањата, каде само мал дел од 15-годишниците достигнува највисоките нивоа на знаење и одличност.

**Анализа на финансиска писменост според одделение**




*Таксономија и функционална проценка*

Според ревидираната Блумова таксономија, учењето се организира низ шест когнитивни нивоа: Запомнување, Разбирање, Примена, Анализа, Евалуација и Креација. Добиените резултати укажуваат на јасна хиерархија на постигнувања: учениците во сите одделенија постигнуваат високи резултати на ниските нивоа — што се манифестира преку точни базични пресметки и правилно дефинирање поими — но покажуваат слабости на повисоките нивоа каде што се бара критичко, аналитичко и креативно размислување.

Истражувањата потврдуваат дека младите имаат фактичко знаење за финансиски поими, но често им недостига способност за нивна примена, а когнитивните способности се силно поврзани со нивните постигнувања во финансиската писменост[120], што помага да се објасни зошто понапредните финансиски задачи — кои бараат интеграција на знаењето и повисоки ментални вештини — им предизвикуваат потешкотии на многу ученици.

Препораките од овие резултати за наставата се очигледни: за да се помести учењето кон повисоките нивоа на таксономијата, потребно е да се вклучат активности насочени кон примена, анализа, евалуација и креација — на пример, проблемски задачи, студии на случаи, симулации и проекти кои поттикнуваат трансфер и критичка обработка на знаењето.

**Постигнување на учениците**




120 https://www.cambridge.org/core/journals/journal-of-financial-literacy-and-wellbeing/article/assessing-financial-literacy-among-the-young/345E0C586C52E4EF892D5AB87DF8FD4F

Правејќи паралела со меѓународните PISA-испитувања, само мал дел од учениците достигнуваат највисоки нивоа на финансиска писменост. На пример, во истражувањето PISA 2022[121] околу 13.5% од 15-годишниците во САД беа класифицирани како „врвни реализатори“ (ниво 5), кои покажуваат способност да анализираат сложени финансиски производи и да решаваат комплексни проблеми; при што мнозинството (околу 86.5%) не достигнуваат такво ниво. Нашите наоди се во согласност со оваа слика: само мал дел од учениците во нашата анализа се комфорни со критичка анализа и евалуација на финансиските поими, што укажува на потреба од поинтензивен фокус на развојот на вештини за сложено размислување, проценка и примена на финансиските знаења.

*Препораки за наставата и идни истражувања*

- Интегрирање практични сценарија во наставата кои бараат анализа, проценка и креација — на пример, буџетирање на проект или избор меѓу алтернативни финансиски планови — овој пристап ќе ги поттикне учениците да ја подигнат својата финансиска писменост на повисоки нивоа според Блумовата таксономија и да вежбаат аргументирање и оправдување на своите одлуки.
- За да се намалат когнитивните заблуди и математичките грешки, наставата треба да ги презентира процентите и каматните стапки преку илустративни, контекстуализирани примери; интеграцијата на интерактивни симулации и образовни игри ја подобрува способноста за примена и задржување на концептите.
- Дизајнирање на наставните цели така што постепено ги зголемуваат когнитивните барања со возраста на учениците. На пример, децата од пониските одделенија потребно е најпрво да ги совладаат основните поими и едноставните пресметки, а во повисоките одделенија да се соочат со сложени анализи и аргументирани дебати.
- Поттикнувањето на ученичката иницијатива преку колаборативни проекти и проблемски задачи кои бараат генерирање и евалуација на алтернативни финансиски решенија (на пр., стратегии за штедење без џепарлак; дизајн и оправдување на буџет за настан) ја развива креативната финансиска компетенција и критичкото мислење.
- Систематско идентификување на ученици со потешкотии и примена на диференцирани материјали и формативна повратна информација ќе овозможи трансфер од базично знаење кон повисоки когнитивни нивоа и ќе ја намали нееднаквоста во перформансите на комплексни задачи.

### 6.4.2 Анализа од теренското истражување за родителите и наставниците

Глобалните податоци покажуваат дека финансиската писменост е генерално ниска. Според извештаи, околу половина од возрасните во САД и ЕУ[122] располагаат само со основни финансиски знаења, а речиси една четвртина од испитаниците во ЕУ се соочуваат со многу ниско ниво на финансиска писменост. Во Северна Македонија индексот изнесува само 34%[123], што укажува дека мнозинството граѓани имаат потреба од значително подобрување на нивото на финансиска писменост. Во тој контекст, анализата на податоците од спроведеното истражување нуди вредни сознанија за финансиската култура на две клучни групи — родители и наставници — и ги осветлува заедничките слабости и јазовите меѓу нив.

121 https://www.oecd.org/en/publications/pisa-2022-results-volume-iv_5a849c2a-en.html
122 https://www.weforum.org/stories/2024/04/financial-literacy-money-education/
123 Финансиската писменост во Република Северна Македонија, Здружение на економисти, статистичари и
економетричари СИГМА СТАТ Скопје, Скопје, 2021 година

Во анализата се опфатени значителен број испитаници: **2304 родители (1581 Македонци, 723 Албанци) и 1201 наставник (768 Македонци, 433 Албанци)**. Двете групи се со доминантно женско учество (78.8% од родителите и 73.1% од наставниците), што ја одразува големата улога на жените во воспитниот процес. Од аспект на возрасна структура, родителите и наставниците се најчесто во средната возрасна група (30–49 години), со мал удел млади и постари лица. Разликите во образованието се впечатливи: 33.8% од родителите имаат средно образование, а 35.6% се со високо образование, додека над 90% од наставниците имаат најмалку високо образование. Наставниците често имаат стабилна вработеност (85% се вработени на неопределено, а 15% на определено време), додека помал процент на вработеност се забележува кај родителите (65% од испитаниците се вработени, при што кај Албанската популација процентот на невработеност е нешто поголем - над 50%).

Анкетата се спроведе преку линк (QR код) во рок од една недела во октомври 2025. Линкот беше пратен до сите родители чии деца односно ученици претходно учествуваа во анкетата во училиштата. Анкетата содржеше комбинација од затворени и отворени прашања за финансиско знаење, навики и однесување. Беа анализирани одговорите преку статистичка обработка на затворените прашања и квалитативно кодирање на отворените прашања - одговорите ги групиравме по содржина (на пр. практичност, безбедност, навика) и ги претставуваме во проценти.




Мора да се напомене дека онлајн анкети носат ограничувања, како што се: пристапноста до интернет и самостојното пополнување може да создадат искривување на резултатите . Сепак, примерокот е релативно голем и внимателно дизајниран, па ги одразува општите трендови меѓу родителите.

*Основни финансиски вештини*



И родителите и наставниците покажуваат силни вештини во секојдневната аритметика: речиси сите точно го пресметуваат кусурот (89% од родителите, 91% од наставниците). Сепак, двете групи покажуваат значителен јаз во разбирањето на понапредни финансиски поими. На пример, околу половина од родителите точно пресметува ДДВ и го познава кодот на македонската валута, додека 58% од наставниците наведуваат правилно пресметан износ на ДДВ. Ова укажува дека, иако основното пресметување е задоволително, концепциското знаење за проценти, каматни стапки, валутни кодови и даноци е на ниско ниво во двете групи. Ова се совпаѓа со глобалните трендови за слаб процент во разбирањето на финансискиот ризик и понапредни финансиски концепти.

*Навики за трошење, буџетирање и штедење*




И родителите и наставниците придаваат високо значење на буџетирањето и штедењето. Во сличен процент, и родителите и наставниците наведуваат дека секогаш прават семеен буџет, и ова сугерира дека се дисциплинирани во креирањето на семеен буџет, можеби под притисок на потребите на децата и семејните трошоци.

Двете групи штедат пред сè за непредвидени трошоци (кризи или резервни фондови – 33% од родителите, 36% од наставниците) и за образовни цели (27% родители, 22% наставници), што покажува како семејната сигурност и образованието на децата се заеднички приоритети. Дополнителниот или непланиран приход најчесто се насочува кон штедење или кон задоволување на потребите на децата. За обете категории, доминантен мотив за користење на одреден начин на плаќање е практичноста, а и кешот и картичката се чести опции (43% родителите користат картичка; наставниците доминантно користат картички 65%, а кеш 25%, додека комбинирано, и кеш и картичка користат над 10% од нив).

*Ставови кон ризик и доверба во финансиски институции*

И родителите и наставниците се претежно претпазливи во преземањето ризик при плаќањата и инвестирањето. Само мала група во двете групи е подготвена да инвестира во високо ризични шеми (околу 9–12%), а околу 77–80% отфрлаат криптовалути и „брзи заработки“ како опција. Ова покажува висока скепса и конзервативен став кон високоризични инвестиции. Генералната доверба е кон традиционалниот банкарски сектор: околу 70% од двете групи веруваат дека банките се најсигурно место за заштеда. За споредба, поважни критериуми при отворање штедна сметка се токму камата и довербата во банката. Ова се совпаѓа со трендовите од глобалните анализи дека луѓето генерално не се доволно обучени

да управуваат со активности кои вклучуваат финансиски ризик. Овие податоци ја нагласуваат потребата да се гради поголема свест за ризик и диверзификација, како и потреба од јасна и транспарентна финансиска информација од институциите, бидејќи тековните искуства покажуваат дека само околу половина од испитаниците сметаат дека објавените информации од банките се доволно јасни.

## Пристап кон ризик и доверба во финансиски институции




*Практики за финансиска едукација кај децата*

Родителите и наставниците имаат активна улога во учењето на децата за парите, но се забележуваат интересни разлики. Родителите често иницираат разговори за пари (93% го прават тоа со своите деца), користејќи ги отворениот дијалог и игрите/симулациите (41%) како главни методи за настава. Наставниците, иако ја оценуваат важноста на финансиското образование (на пример, речи си сите, 97%, декларативно даваат поддршка за фондови со кои би им помогнало на ученици во ризик), во практиката разговараат за финансии повремено (63.6%) или ретко (13.6%). Тие често предлагаат формални активности за учење – работилници (25%), базари (22%), симулациски игри (15%) – и сметаат дека за финансиските концепти би бил најдобро да се учи во IV–VI одделение, при што некои ја почнуваат оваа едукација дури од I–III одделение. И двете групи ги истакнуваат клучните поими – штедењето и рационалното трошење, кои се рангирани меѓу најважните концепти (родители 61% го издвојуваат штедењето, наставници 40%; а двете групи го истакнуваат буџетот и каматите). Ова е во согласност со меѓународно признатите наоди што покажуваат дека практичните вежби и интегрирањето на финансиската едукација уште од рана возраст даваат позитивни резултати.




*Сличности во одговорите меѓу родителите и наставниците*

• И двете групи ја оценуваат штедливоста и рационалното трошење како примарни финансиски приоритети, што укажува на широка согласност околу основните финансиски вредности.

• Практичните вештини во секојдневната аритметика — како пресметување кусур и основни операции — се на високо ниво во двете испитувани групи.

• И двете групи покажуваат ниска толеранција кон финансиски ризици и релативна доверба во традиционалните банкарски институции, што укажува на конзервативен пристап кон финансиското однесување.

• И двете групи се согласуваат дека финансиската едукација треба да започне во раното училишно доба и ја издвојуваат примената на практични методи — игри и симулации — како најефикасна педагошка стратегија.

• Инвестирањето е присутно како цел односно поим што треба да го знаат децата, но со помала застапеност.

• И двете групи на испитаници во голем процент купуваат онлајн (родители 80.1%, наставници 91%).




- Најголем дел од двете групи трошат помалку од 2.000 денари месечно за купување онлајн (родители 53.5%, наставници 70%).
- И родителите и наставниците (32%) потврдуваат дека биле измамени при онлајн купување, додека над 20% одговорија дека би можеле да бидат измамени. Тоа покажува дека ризикот од онлајн измами е реален и присутен кај двете групи.
- Иако мнозинството проверуваат безбедност, сепак 15–30% не преземаат никакви мерки во однос на безбедноста при on-line купување.

*Клучни разлики во одговорите меѓу родителите и наставниците*

**Споредба на родители и наставници**

| | Родители | Наставници |
|---|---|---|
| Толеранција кон ризик и финансиски избор | Пониска толеранција кон ризик | Повисока толеранција кон ризик |
| Точни финансиски пресметки | 63.3% | 72.5% |
| Употреба на платежни картички | 43% | 65% |
| Финансиски разговори со деца | Почести и поинтензивни | Поретки |
| Нагласување на финансиски концепти | Штедење | Камата, кредит, депозит, валути, инфлација |
| Претпочитан метод на учење финансиска писменост | Редовни предмети | Изборен предмет и воннаставни активности |
| Онлајн купување | 80.1% | 91% |
| Сума на онлајн трошење | Поголема распределба | Под 2.000 денари |
| Безбедносни мерки при онлајн купување | 70% | 85% |
| Доверба во банки како извор на информации | 50.1% | 57% |
| Доверба во институционални извори | Комбинира со неформални канали | Поголема доверба |
| Перцепција на јасност на информациите од банките | Делумни | Делумни |
| Потпирање на пријатели/роднини за информации | 16.4% | 10% |

Made with Napkin

•

• Повисокото ниво на образование и стабилниот работен статус меѓу наставниците може да влијаат на нивната толеранција кон ризик и на изборот на финансиски активности.

• Наставниците во поголем % (72.5%) прават точни основни финансиски пресметки (пресметале правилно каматата) наспроти родителите (63.3%).

• Повеќе наставници користат платежни картички (65%), додека кај родителите употребата на кеш и картички е изрмнета (43%); ова може да укажува на влијание на дигиталната писменост, генерациските навики и економската стабилност.

- Родителите водат почести и поинтензивни разговори со децата за финансии, додека наставниците го прават тоа ретко, што укажува на повисока фреквенција и длабочина на финансиските дискусии во домашниот контекст.
- Родителите многу повеќе го нагласуваат штедењето (61% наспроти ~40% кај наставниците), како еден од главните поими што нивните деца би требало да го знаат, додека наставниците повеќе споменуваат: камата, кредит, депозит, валути и инфлација, што е поширок концепт на финансиска писменост.
- Родителите сметаат дека содржини од финансиска писменост треба да се учат во редовни предмети (44%), што покажува желба за системска интеграција. Наставниците повеќе ја гледаат финансиската писменост како изборен предмет (38%), што укажува на практична ориентација и можност за специјализирани содржини. Дополните, наставниците повеќе нагласуваат и потреба од воннаставни активности (22%), додека кај родителите тоа е многу помалку застапено.
- Наставниците повеќе се концентрираат во категоријата купување онлајн „под 2.000 денари“ (70%), додека кај родителите има поголема распределба во различни трошочни групи.
- Наставниците повеќе преземаат дополнителни мерки за да се заштитат при онлајн купувања (85%) наспроти родителите (70%).
- Банките се главен извор на информации за финансиски прашања за двете групи, но наставниците имаат поголема доверба во нив (57%, наспроти 50.1%). Интернетот е втор извор на информации со речиси идентични проценти.
- И двете групи зависат од банките и интернетот, но наставниците имаат поголема доверба во институционалните извори, додека родителите повеќе комбинираат со неформални канали.
- Само околу половина од испитаниците сметаат дека банките обезбедуваат доволно јасни информации. Наставниците повеќе чувствуваат дека информациите се „делумни“, што укажува на потреба од подобра комуникација од страна на банките.
- Родителите во поголем процент (16.4%) се потпираат на информации од пријатели/роднини и „друго“ и потенцијално се повеќе изложени на неточни или непроверени информации, за разлика од наставниците (10%).

Истражувањето и анализата покажуваат дека и родителите и наставниците во Северна Македонија поседуваат солидна основа од практични финансиски вештини — буџетирање, штедење и основни пресметки — но заеднички имаат слабости во концепциско знаење, особено при разбирањето на проценти, каматни стапки, даноци и валути. Оваа празнина бара систематско и темелно унапредување. Двете групи се претпазливи и генерално ризико-неутрални, со високо ниво на недоверба кон ризични финансиски инструменти, што укажува на потреба од едукација насочена кон рационална процена на ризикот и бенефитите.

## 6.5 Заклучоци и препораки за зајакнување на финансиската писменост во основното образование

Анализите поврзани со моменталната состојба со финансиската едукација во основното образование беа направени во следните сегменти:

- Активности поврзани со имплементација на „Стратегијата за финансиска едукација и инклузија 2021-2025“
- Содржини од финансиска писменост во наставните програми во основното образование,
- Содржини од финансиска писменост во учебниците за основно образование,
- Анализа на резултатите од теренското истражување во кое беа опфатени

над 3600 ученици, 1200 наставници и 2300 родители.

За унапредување на финансиската писменост во основното образование, се предлагаат следните препораки:

***(1) Препораки за наставниците***

**Интегрирање на елементи од финансиска писменост во редовните наставни практики**

- Вклучување на реални финансиски примери во наставата во предмети како математика, граѓанско општество, географија, мајчин јазик, информатика, итн.
- Користење на изборни предмети за реализација на практични мини-проекти поврзани со финансии: планирање, буџет, инвестиции и др.
- За да се случи непречено ваквата интеграција на иницијатива на наставниците, потребно е тие да се соодветно обучени и да имаат пристап до педагошки алатки кои поддржуваат финансиска едукација.

**Активни и практични воннаставни активности**

- Организирање на базари/саеми во училиштето, симулации на берза, натпревари и работилници со јасни финансиски цели.
- Вклучување на експерти (гости предавачи) од банки и други финансиски институции, како и од бизнис секторот за реална демонстрација на примери поврзани со финансиските поими, термини, практики, и сл.

**Јакнење критичко мислење кај учениците поврзани со финансии**

- Учениците во рамки на редовната настава да се вклучуваат во анализа на банкарски реклами, услови на кредите, трошоци и ризици.
- Спроведување на дебати и кратки студии на случаи за препознавање измами и скриени трошоци поврзани со онлајн купување, маркетинг кампањи и сл.

**Наставникот како промотор за дигитална и финансиска безбедност**

- Наставникот треба да биде и пример кој ќе демонстрира правилно користење картички, лозинки, дво-факторска заштита и безбедни плаќања.
- Поддршка и поука на учениците да проверуваат кредибилност на веб-страници и да избегнуваат измамнички содржини кои се појавуваат на социјалните медиуми.

**Користење на креативни и иновативни методи во наставата**

- Користење на игри поврзани со финансии (гејмификација), финансиски предизвици и дигитални портфолија во наставата.
- Воведување на пристап на практиките на проектен менаџмент (развој на проекти)- како учениците да создаваат апликации, видеа или кампањи за финансиска безбедност.

**Градење училишна култура на финансиска одговорност**

- Во училиштата да се формираат клубови и тимови за претприемништво и развој на финансиска култура каде ќе се развиваат партнерства со локални организации за практична поддршка на активностите.

*(2) Препораки за родителите*

**Редовни разговори за финансии со децата во рамки на семејството**

- Разговорите треба да одат подалеку од основите финансилки теми: треба да се разговара за камата, инфлација, ризик, измами со финансирањето и видови на инвестирање.

- Секоја од горенаведените теми да се поврзат со реални ситуации од семејното секојдневие.

**Практично учење преку семејни активности**

- Потребно е што е можно почесто децата да бидат вклучени во креирањето домашен буџет, месечно планирање трошоци и поставување цели поврзани со штедење, разговори за задоволување на моментална потреба или штедење за идни потреби.

- Притоа, да им се дозволи на децата да носат мали финансиски одлуки за да развијат одговорност спрема одлуката која ја носат.

**Поддршка во користење на квалитетни ресурси**

- Користење на проверени апликации, едукативни игри, видеа и семинари за да се зголеми сопствената (на родителите) и детската финансиска писменост.

- Родителот (ите) да бидат активен пример – да се покаже однесување што ги рефлектира вредностите на штедење и промислено трошење.

**Намалување зависност од неформални и непроверени информации**

- Да се поддржат децата да се потпираат на официјални извори на информации (банки, државни институции, проверени едукативни платформи), а не на секојдневни (промотивни) непроверени постови на социјалните медиуми.

- Да им се објасни на децата зошто неформалните совети добиени од другари или други непознати лица често може да бидат неточни или ризични.

**Едукација за дигитални плаќања и онлајн безбедност**

- Разговарајте со децата за безбедно користење картички, лозинки, онлајн купување и препознавање измами.

- Поттикнете доверба во електронските трансакции преку практични демонстрации со минимален ризик.

*(3) Препораки за финансиските институции*

**Развој на нова Националната стратегија за финансиско образование и финансиска вклученост**

- Со оглед на фактот дека Националната стратегија за финансиско образование и финансиска вклученост (2021-2025) истекува оваа година, потребно е развој на нова стратегија во која би имало поголема и директна соработка со образовниот сектор, особено со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

- Стратегијата да е придружена со акциски план кој би бил и финансиски поткрепен со буџети од државата на централно ниво, општините и финансискиот сектор (банки, осигурителни компании и др.)

**Јасна и транспарентна комуникација**

- Користење недвосмислен јазик, визуелни објаснувања и поедноставени формулари за штедни, кредитни и дигитални производи.
- Елиминирање во комуникацијата со населението на технички жаргон што создава забуна кај клиентите.

**Стандарди за „клучни информации“**

- За секој производ обезбедување краток документ со клучни услови, примери и сценарија со реални вкупни трошоци.
- Користење унифициран формат што клиентите лесно го споредуваат меѓу различни институции.

**Достапни дигитални алатки**

- Обезбедување прецизни калкулатори за камати, рати, вкупни давачки и споредба на финансиски производи.
- Интегрирање во мобилни апликации и веб-страници за брз пристап кон финансиските услуги (обезбедување и континуиран 24/7 пристап до системите за поддршка - прашања и одговори, разговор со диспечер и сл.).

**Кампањи за безбедност и заштита од измами**

- Организирање редовни информативни кампањи за фишинг, лажни продавници, сомнителни трансакции , пирамидални штедилници, брзи кредити и скриени трошоци.
- Воведување на практични водичи и чек-листи за препознавање ризични ситуации.

**Активна улога во финансиската едукација**

- Вклучување во што е можно поголем број на училишни програми, заеднички едукативни иницијативи и јавни предавања за доверба и финансиска инклузија.
- Развивање на системи за поддршка за ранливи групи: советувалишта, онлајн ресурси, обучени оператори за финансиско информирање.
- Финансиска поддршка на активности и проекти за зајакнување на финансиското образование како натпревари, обуки, саеми, и сл. кои се организираат преку училишта, невладини организации, општини и министерства и други институции.

*(4) За образовните институции*

**Институционализирање на финансиската едукација**

- Формално да се вгради финансиската писменост во наставните програми во основното образование, преку активности што се изводливи во македонските училишта: симулации (буџет на семејство, штедење), ученички клубови по финансии и претприемништво, мини-компании поддржани од наставници и локални бизниси.

**Практично ориентирани наставни програми**

- Развивање национално усогласени наставни материјали кои вклучуваат пресметки на проценти, камати, даноци, попусти и инфлација, со примери релевантни за македонскиот контекст: пазарење во локални маркети, превоз, месечни трошоци, мобилни пакети, режиски сметки.

- Изработка на „Прирачник за финансиска писменост" со кратки сценарија, интерактивни задачи и QR-код активности, кои може да ги користат наставниците во тековните активности.

**Дигитална финансиска безбедност како задолжителен модул**

- Воведување кратки, но задолжителни наставни единици за дигитална финансиска безбедност во рамки на редовни предмети: препознавање фишинг пораки, злоупотреби на картички, сомнителни веб-страници, безбедно онлајн купување.

- Развој на бесплатни онлајн микромодули (видеа од 3–5 минути) кои би се интегрирале во националната платформа за е-учење.

**Создавање „финансиски лаборатории" во училиштата**

- Воспоставување мали училишни „финансиски лаборатории" — опремени со компјутери и едноставни симулатор-програми (како калкулатори за камати, буџетски табели, апликации за штедење).

- Вклучување на локални банки и општини како партнери за заеднички работилници и демонстрации.

**Комбиниран модел на учење**

- Финансиската писменост да се интегрира во редовните предмети (математика, граѓанско образование, информатика, иновации), но и да се прошири преку изборни предмети.

- Одлуките за активирање на изборните предмети да ги носат учениците и родителите, а не училиштата по принципот „слободни наставници" (кој наставник нема часови – тој/таа да ги предаваат изборните предмети.

- Изборните предмети да ги држат наставници кои имаат сериозна претходна подготовка поврзана со финансиска писменост (или да се економисти или да имаат поминато неколкудневни обуки поврзани со финансиска писменост од акредитирани институции според правилниците на Бирото за развој на образованието).

- Структурирани вонпаставни активности: финансиски клубови, берзански симулации, проекти за социјално претприемништво, училишни натпревари за буџетирање и штедење, бизнис план натпревари и сл.

- Општините да обезбедат поддршка за организирање локални настани

(саеми, базари и презентации) што го засилуваат практичното учење.

**Развој на финансиска писменост на Факултетите за педагогија**

- Педагошките факултети „продуцираат“ наставен кадар за предучилишна и одделенска настава (до 5-то одделение). Затоа е потребно и на овие факултети да се воведат теми или предмети кои ќе ја зајакната финансиската писменост на наставниот кадар кој ќе предава на ученици на возраст до 10-11 години. Убав пример за ваков пристап дава Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола кој на Педагошкиот факултет го има воведено предметот „Иновации и претприемништво“.

Спроведувањето на овие препораки би придонело и за намалување на воочените јазови и за јакнење на финансиската култура во општеството. Само преку систематско унапредување на писменоста, припадниците на заедницата (родители, наставници и ученици) ќе станат подготвени да носат информирани и одговорни финансиски одлуки.

# 7

## Заклучни согледувања за унапредување на финансиската способност на идните генерации на Северна Македонија

Сеопфатната анализа на меѓународните добри практики по финансиската писменост во основното образование открива глобален консензус за критичната важност на „опремување“ на младите граѓани со финансиски знаења, вештини и одговорни ставови уште од најрана возраст. Земјите со напредни образовни системи се повеќе препознаваат дека финансиската писменост не е само тема од образовната сфера, туку суштинска животна компетентност, клучна за индивидуалната благосостојба, учество во економските текови и општествената стабилност во прогресивно комплексниот финансиски свет.

За Северна Македонија, патувањето кон подобрување на финансиската писменост во нејзините основни училишта е поддржано со национален консензус, особено изразен со Националната стратегија за финансиско образование и финансиска вклученост (2021-2025) и со вредни лекции од минатите иницијативи како што е пилот-проектот за социјално и финансиско образование на децата. Меѓународните искуства детално опишани во овој извештај - од сеопфатните рамки на компетенции развиени од ОЕЦД и ЕУ, до иновативните педагошки пристапи забележани во земји како Финска, Канада, Австралија и Обединетото Кралство - нудат богата база на модели и стратегии кои можат внимателно да се прилагодат на домашниот контекст.

Клучот за успешно воведување на финансиската писменост во основното образование лежи во системски, кохерентен и одржлив пристап. Тоа подразбира развој на јасна, возрастно соодветна и културно релевантна национална рамка за наставна програма, која ќе ги опфати учениците од прво до деветто одделение. Идеално, оваа рамка треба да биде интегрирана во постојните наставни предмети – како што се Животни вештини, Математика, Општество и Иновации – со цел да се обезбеди природна и функционална вклученост на финансиските концепти.

За да биде ефективна, наставната програма мора да се потпира на активни, искуствени и ангажирани педагошки методи, кои го прават учењето за финансиите релевантно, практично и блиско до реалниот живот на децата. Ваквиот пристап не само што ги развива нивните знаења и вештини, туку и ги поттикнува нивната самодоверба, критичко размислување и способност за донесување информирани одлуки во секојдневниот живот.

Основен предуслов за успехот на секоја иницијатива за финансиска едукација е ангажираноста и подготвеноста на наставниците. Тие се клучниот двигател на промената во училницата. Затоа, неопходно е да се воспостави сеопфатна и континуирана програма за професионален развој, внимателно дизајнирана да ги зајакне нивните знаења за содржини од финансиската писменост, да изгради педагошка самодоверба и да развие умешност во користењето на нови наставни материјали и техники за оценување.

Оваа програма мора да биде поддржана со висококвалитетни, лесно достапни ресурси и со урамнотежена стратегија за оценување, која не се фокусира само на усвојувањето на знаењето, туку и на неговата примена во реални ситуации. Ваквиот пристап овозможува развој на здрави ставови и однесувања поврзани со финансиските одлуки, што е суштински чекор кон градење на финансиски одговорни и самостојни граѓани. Понатаму, поттикнувањето на поддржувачки екосистем преку формализирана соработка со повеќе засегнати страни - вклучувајќи ги Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Бирото за развој на образованието, Народната банка, финансиските институции, невладините организации, училиштата и родителите - е од витално значење за искористување на разновидната експертиза и ресурси, обезбедување усогласеност

и максимизирање на влијанието на секој од вклучените релевантни чинители од екосистемот. Континуираното финансирање и посветеноста на тековното следење и евалуација ќе обезбедат одржливост и постојано подобрување на програмата за финансиска писменост.

Спроведувањето на силна и системски поддржана програма за финансиска писменост во основните училишта претставува суштинска и долгорочна инвестиција за иднината на нашата држава. Тоа е инвестиција во човечкиот капитал на нацијата, со потенцијал да ги оспособи идните генерации да донесуваат информирани и одговорни финансиски одлуки, да управуваат ефикасно со сопствените ресурси, и да развијат отпорност кон ризици како прекумерно задолжување, потрошувачки измами и финансиска нестабилност.

Ваквата едукација не само што ги зајакнува индивидуалните капацитети, туку и придонесува кон колективната финансиска сигурност и долгорочниот социо-економски развој на земјата. Таа создава основа за граѓани кои се подготвени да учествуваат активно во економскиот живот, да планираат одржливо и да придонесуваат кон стабилна и инклузивна економија. Северна Македонија може и треба да преземе одлучувачки чекори кон негување на финансиски способно граѓанство, подготвено да се движи низ можностите и предизвиците на економијата на 21-от век и да изгради попросперитетна иднина.

## Користени литературни извори


- All-Party Parliamentary Group on Financial Education for Young People (APPG) (2011). Financial Education and the Curriculum: An Inquiry into the Statutory Status of Personal Finance in England. London: APPG

- Amagir, A., Groot, W., van den Brink, H.M., & Wilschut, A. (2017). A Review of Financial-Literacy Education Programs for Children and Adolescents. Citizenship, Social and Economics Education, 16(1), pp. 56–80.

- Amoah, P. (2016). Financial Decision Making and Behaviour: Insights from Psychological Theories. Journal of Behavioral Finance, 17(1), 40–50.

- Appleyard, L., & Rowlingson, K. (2012). *Financing the Future: Money Advice and Financial Capability. The British Journal of Politics and International Relations*, 15(3), 514–533.

- ASIC, Австралија, https://download.asic.gov.au/media/4153965/greg-medcraft-speech-financial-capability-breakfast-16-february-2017.pdf

- Atkinson, A. & Messy, F.A. (2013). Promoting Financial Inclusion through Financial Education: OECD/INFE Evidence, Policies and Practice. OECD Working Papers on Finance, Insurance and Private Pensions, No. 34. Paris: OECD Publishing

- Business Village - HundrED.org, https://hundred.org/en/innovations/yrityskyla

- Consumer Financial Protection Bureau (CFPB) (2015). Financial Well-being: The Goal of Financial Education. Washington, DC: U.S. Government Printing Office.

- CYFI & EFSE (2017). Financial Capability Assessment Framework. Child and Youth Finance International & European Fund for Southeast Europe.

- EFSE & CYFI (2017). Financial Capability Assessment Framework. European Fund for Southeast Europe (EFSE) & Child and Youth Finance International (CYFI).

- European Banking Authority / European Banking Union (EBA/EBU) (2019/2020). *Financial Education Report 2019/2020*, p. 26.

- European Banking Federation, https://www.ebf.eu/wp-content/uploads/2021/01/EBF-Financial-Literacy-Playbook-for-Europe.pdf

- European Union / OECD (2022). Measuring Financial Literacy and Financial Inclusion in the EU: Policy Guidance and Good Practices. Publications Office of the European Union

- ExcelinEd, https://excelined.org/2025/03/04/financial-literacy-education-in-the-united-states-landscape-analysis-and-next-steps/

- Fernandes, D., Lynch Jr., J. G., & Netemeyer, R. G. (2014). *Financial Literacy, Financial Education, and Downstream Financial Behaviors.* Management Science, 60(8), 1861–1883. https://doi.org/10.1287/mnsc.2013.1849

- Financial Education Resources - OSPI, https://ospi.k12.wa.us/student-success/resources-subject-area/financial-education/financial-education-resources

- Garman, E.T. & Forgue, R.E. (2014). Personal Finance (12th ed.). Boston: Cengage Learning.

- Hasibuan, B.K., Lubis, Y.M., & Sirojuzilam (2018). Financial Literacy and Financial Behavior as a Measure of Financial Satisfaction. Proceedings of the 1st Economics and Business International Conference 2017 (EBIC 2017), Advances in Economics, Business and Management Research, Vol. 46, pp. 502–507.

- Hastings, J. S., Madrian, B. C., & Skimmyhorn, W. L. (2013). Financial Literacy, Financial Education, and Economic Outcomes. Annual Review of Economics, 5, 347–373.

- https://aflatoun.org/

- https://aflatoun.org/latest/news/experiemental-evidence-on-the-impact-of-fiancial-litera-

cy-and-reproductive-health-education-for-adolescent-girls-in-tajikistan/

- https://aflatoun.org/latest/news/world-bank-study-shows-low-cost-entrepreneurial-education-boosts-confidence-skills-aspirations-and-academic-results-especially-for-girls/
- https://alphaarchitect.com/european-financial-literacy/#:~:text=Financial%20literacy%20levels%20vary%20значително,18%25%20have%20a%20low%20level.
- https://alphaarchitect.com/european-financial-literacy/#:~:text=Financial%20literacy%20levels%20vary%20significantly,18%25%20have%20a%20low%20level
- https://economiapertutti.bancaditalia.it/
- https://economiapertutti.bancaditalia.it/percorsi-formativi/scuola/index.html
- https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1430456.pdf
- https://gflec.org/metaanalysis/
- https://journal.iainlangsa.ac.id/index.php/atfaluna/article/download/5724/2649
- https://maps.org.uk/content/dam/maps-corporate/en/publications/research/2024/maps-education-primary-guidance-n.ireland.pdf
- https://mzom.gov.hr/vijesti/6457
- https://narodne-novine.nn.hr/
- https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/netherlands/610-current-debates-and-reforms
- https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs
- https://openscholarship.wustl.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1700&context=csd_research
- https://pogledkrozprozor.wordpress.com/2025/03/31/financijska-pismenost-u-osnovnoj-koli/
- https://www.afi-global.org/wp-content/uploads/2024/10/Financial_competency_matrix-for_learners_2021.pdf
- https://www.ato.gov.au/about-ato/research-and-statistics/in-detail/research-for-individuals-and-families/teaching-taxation-and-superannuation-at-school/consumer-and-financial-literacy-education-policy
- https://www.cambridge.org/core/journals/journal-of-financial-literacy-and-wellbeing/article/assessing-financial-literacy-among-the-young/345E0C586C52E4EF892D5AB87DF8FD4F
- https://www.canada.ca/content/dam/fcac-acfc/documents/programs/financial-literacy/financial-literacy-strategy-2021-2026.pdf
- https://www.comitatoeducazionefinanziaria.gov.it/it/pdf/chi_siamo/strategia_nazionale.pdf
- https://www.education.sa.gov.au/parents-and-families/curriculum-and-learning/financial-literacy/financial-literacy-in-schools-and-preschools
- https://www.edutopia.org/article/financial-literacy-elementary-school/
- https://www.ekonomska-klinika.hr/projekt/financijska-pismenost-osnovnoskolaca/
- https://www.financialeducatorscouncil.org/financial-literacy-test/
- https://www.ifo.de/en/cesifo/publications/2018/working-paper/financial-education-schools-meta-analysis-experimental-studies
- https://www.invalsiopen.it/
- https://www.laep.org/wp-content/uploads/2015/06/JumpStart-Standards.-Book.pdf
- https://www.moneysense.ca/financial-literacy/kids-teens-ontario-financial-literacy-educa-

tion/

- https://www.moneytimekids.com/
- https://www.moneytimekids.com/australian-financial-literacy-for-kids
- https://www.oecd.org/en/about/programmes/pisa.html
- https://www.oecd.org/en/blogs/2025/03/the-role-of-financial-literacy.html
- https://www.schemesupport.co.uk/subjects/financial-education-resources
- https://www.stedopis.hr/tag/financijska-pismenost-za-osnovne-skole/
- https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00220485.2022.203 https://www.teacherspayteachers.com/browse?search=bc%20financial%20literacy
- https://www.teacherspayteachers.com/browse?search=financial%20literacy%20assessments
- https://www.unesco.org/en/articles/bringing-financial-literacy-life-through-sequential-art
- LifeSavers - бесплатно финансиско образование за основни училишта - Just Finance Foundation, https://www.justfinancefoundation.org.uk/lifesavers
- Money Fit by DRS (2021). *A Brief History of Financial Literacy and Education in America*
- MyBnk - Нашата работа - Финансиско образование - Money Twist - Upper KS2, https://www.mybnk.org/our-work/financial-education/money-twist-ks2upmb/
- MyBnk- Семејни пари | EdTech Impact, https://edtechimpact.com/products/mybnk-family-money-twist/
- National Coalition Against Domestic Violence (NCADV) (2017). Economic Abuse Fact Sheet. Denver, CO: NCADV.
- OECD (2005). Improving Financial Literacy: Analysis of Issues and Policies. Paris: Organisation for Economic Co-operation and Development
- OECD (2012). *PISA 2012 Assessment and Analytical Framework: Mathematics, Reading, Science, Problem Solving and Financial Literacy.* OECD Publishing. Lusardi, A., & Mitchell, O. S. (2014). *The Economic Importance of Financial Literacy: Theory and Evidence.* Journal of Economic Literature, 52(1), 5–44. https://doi.org/10.1257/jel.52.1.5
- OECD (2013). OECD/INFE High-level Principles on National Strategies for Financial Education. OECD Publishing.
- OECD (2013). PISA 2012 Assessment and Analytical Framework: Mathematics, Reading, Science, Problem Solving and Financial Literacy. Paris: OECD Publishing.
- OECD/INFE (2011). High-level Principles on Evaluation of Financial Education Programmes.
- OECD/INFE (2020). International Survey of Adult Financial Literacy. Paris: OECD Publishing.
- Outreach Team (2021). What is Child Financial Abuse? Outreach Team.
- Potrich, A. C. G., Vieira, K. M., & Kirch, G. (2015). *Determinants of Financial Literacy: Analysis of the Influence of Socioeconomic and Demographic Variables. Revista Contabilidade & Finanças*, 26(69), 362–377
- Published: 12 March 2023, Volume 33, pages 157–169, (2024)
- Resources Financial Literacy - OntarioMath.Support, https://ontariomath.support/?pg=results&type=subject&lang=EN&subject=FinLit
- Retzmann, T., & Seeber, G. (2016). *Financial Education and Financial Literacy in Europe: A Comparative Evaluation of Current Initiatives.* In: Kaiser, T. & Menkhoff, L. (Eds.), *Financial Literacy and Financial Education.* Springer.

- Rose, J. (2022). The Evolution of Financial Literacy Education in the United States. Journal of Financial Education and Research, 10(2), 45–60
- Schroders Personal Wealth (2020). What is Economic Abuse and How to Spot the Signs? London: Schroders
- Starcek, P., & Trunk, Š. (2013). Financial Education in Schools: Strategies and Best Practices. Procedia - Social and Behavioral Sciences, 92, 1447–1454
- Sudakova, A. (2018). *Financial Literacy in the PISA 2012 Assessment: Overview and Key Findings.* International Journal of Educational Research, 87, 1–12.
- Świecka, B. (2019). Financial Capability – A New Concept in Behavioral Economics. Journal of Management and Financial Sciences, Vol. 35, No. 1, pp. 3–18.
- The Impact of Financial Education for Children: Evidence from an Experiment in China, Regular Article
- UNICEF (2012). Skills and Competencies for Children and Youth. New York: United Nations Children's Fund.
- United Nations (1948). Universal Declaration of Human Rights, Article 23, United Nations General Assembly
- Wagner, J. (2015). Financial Literacy and Financial Education: Theory and Survey Evidence. CESifo Working Paper No. 5050, Munich: CESifo Group.
- wijzeringeldzaken.nl
- Wire (2020). Financial Abuse: Recognising the Signs. UK: Wire.
- Xiao, J. J. (2008). Applying Behavioral Theories to Financial Counseling and Education. In J. J
- Young Enterprise/Young Money, https://www.young-enterprise.org.uk/teachers-hub/resources/page/3
- Yrityskylä - JA Finland - Nuorten yrittäjyys ja talous NYT, https://nuortennyt.fi/en/yrityskyla/
- Австралиски курс за финансиска писменост за деца - MoneyTime, https://www.moneytimekids.com/australia-financial-literacy-for-children
- Важноста на финансиската писменост во училиштата: опремување на учениците од Сингапур со основни животни вештини за управување со пари - Educare туторство, https://www.educaretutoring.sg/post/the-importance-of-financial-literacy-in-schools
- Вештини за финансиска писменост: Разбирање на свеста за штедење на учениците од основните училишта, https://www.researchgate.net/publication/390651421_Financial_Literacy_Skills_Understanding_Primary_School_Students›_Saving_Awareness
- Дигитална финансиска писменост и задоволство од животот: докази од Јужна Кореја, https://www.mdpi.com/2076-328X/15/1/94
- Донесување на животна финансиска писменост преку секвенцијална уметност - УНЕСКО, https://www.unesco.org/en/articles/bringing-financial-literacy-life-through-sequential-art
- Европска банкарска федерација, https://www.ebf.eu/wp-content/uploads/2021/01/EBF-Financial-Literacy-Playbook-for-Europe.pdf
- Ефектите од финансиското образование засновано на игри. https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00220485.2022.2038320
- JA Јужна Алберта - Финансиска писменост, https://jasab.ca/programs/our-programs.html
- Млади, пари и однесување: влијанието на програмите за финансиска писменост, https://www.researchgate.net/publication/385221219_Youth_money_and_behavior_the_impact_of_financial_literacy_programs
- Наставна програма за финансиска писменост за домашно училиште | САД и Австралија

— MoneyTime | Онлајн курс за финансиска писменост за деца, https://www.moneytimekids.com/for-homeschool

- Образование за финансиска писменост во Соединетите Држави ... - ExcelinEd, https://excelined.org/2025/03/04/financial-literacy-education-in-the-united-states-landscape-analysis-and-next-steps/

- Политика за едукација за потрошувачи и финансиска писменост | Австралија, https://www.ato.gov.au/about-ato/research-and-statistics/in-detail/research-for-individuals-and-families/teaching-taxation-and-superannuation-at-school/consumer-and-financial-literacy-education-policy

- Рамка за финансиски компетенции за деца и млади во Европската унија | ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/publications/financial-competence-framework-for-children-and-youth-in-the-european-union_bf059471-en.html

- Ресурси за финансиско образование, https://www.schemesupport.co.uk/subjects/financial-education-resources

- Ритам на учење прилагоден според сопствените можности и потреби на ученикот.

- Стандарди за финансиска писменост: Обезбедете врвен квалитет | NFEC, https://www.financialeducatorscouncil.org/financial-literacy-standards/

- Трансформирање на финансиското образование во училиштата во Нов Зеланд, https://www.beehive.govt.nz/release/transforming-financial-education-schools

- Улогата на финансиската писменост - ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/blogs/2025/03/the-role-of-financial-literacy.html

- Упатство за финансиско образование за основните училишта во Северна Ирска https://maps.org.uk/content/dam/maps-corporate/en/publications/research/2024/maps-education-primary-guidance-n.ireland.pdf

- Упатство за финансиско образование за основните училишта во Шкотска – ноември 2020 година, https://maps.org.uk/content/dam/maps-corporate/en/work-with-us/maps-financial-education-guidance-for-primary-schools-in-scotland-november-2020.pdf

- Учење на вашите деца за финансиска писменост - RBC Wealth Management, https://www.rbcwealthmanagement.com/en-ca/insights/teaching-your-kids-about-financial-literacy

- Федерација на потрошувачи на Австралија, https://consumersfederation.org.au/asic-digital-activities-help-primary-students-get-cash-savvy/

- Финансирање на образованието | УНЕСКО, https://www.unesco.org/en/education-policies/financing

- Финансиска писменост – помагање на граѓаните да направат паметни финансиски избори - Светска банка, https://www.worldbank.org/en/news/opinion/2018/06/21/financial-literacy-helping-citizens-make-smart-financial-choices

- Финансиска писменост во основно училиште | Едутопија, https://www.edutopia.org/article/financial-literacy-elementary-school/

- Финансиска писменост во училиштата и предучилишните установи - Одделение за образование | Јужна Австралија, https://www.education.sa.gov.au/parents-and-families/curriculum-and-learning/financial-literacy/financial-literacy-in-schools-and-preschools

- Финансиско образование - ОЕЦД, https://www.oecd.org/en/topics/financial-education.html

- Финансиското образование во училиштата - Библиотека на Домот на лордовите, https://lordslibrary.parliament.uk/financial-education-in-schools/

- Формирање на финансиска писменост кај учениците во основното образование - ERIC, https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1364364.pdf

## ПРИЛОГ 1. Терминологија поврзана со финансиската писменост

Финансиска едукација - Финансиската едукација претставува процес преку кој потрошувачите и инвеститорите го **подобруваат своето разбирање за финансиските производи, концепти и ризици**. Оваа едукација, преку размена на информации, инструкции и објективни совети, им овозможува на индивидуите да развијат **вештини и самодоверба** за донесување информирани избори, проценка на финансиските можности и ризици, како и **ефективно управување со нивната финансиска благосостојба**[124].

Финансиска писменост - Финансиската писменост подразбира **знаење, разбирање и примена на финансиските концепти и ризици**, како и **мотивираност и доверба за донесување информирани финансиски одлуки**. Оваа писменост му овозможува на поединецот активно учество во економскиот живот, подобрување на неговата финансиска благосостојба и управување со финансиските предизвици[125]. Дополнително, „финансиската писменост денес е важна вештина како читање, пишување и математика, која секој треба да ја совлада за да функционира во комплексниот финансиски свет“[126].

Финансиска способност - Финансиската способност има **индивидуални и структурни компоненти**, комбинирајќи ја **способноста на една личност да дејствува со можноста да дејствува**. Финансиската способност се заснова на **финансиско знаење, вештини и пристап до соодветни финансиски услуги** за подобрување на социјалната и економската благосостојба[127]. Според други извори, финансиската способност претставува **способност за применување финансиско знаење со цел постигнување финансиски цели и подобрување на финансиската благосостојба**[128].

Финансиско однесување - Финансиското однесување се однесува на начинот на кој **поединец или домаќинство управува со финансиските ресурси**, вклучително **штедење, буџетирање, планирање, осигурување и инвестиции**. Тоа се манифестира преку управувањето со **готовината, долговите, заштедите и трошоците**[129]. Истражувањата покажуваат дека **некои видови однесување**, како **неуспех да се штедат пари или одложување на плаќањето на сметките**, можат **негативно да влијаат на финансиската благосостојба**[130]. Целта на финансиската едукација е да поттикне **позитивни финансиски навики**, мотивирајќи ги луѓето **да носат информирани финансиски одлуки**[131].

---

124 OECD (2005). Improving Financial Literacy: Analysis of Issues and Policies. Paris: Organisation for Economic Co-operation and Development

125 OECD (2013). PISA 2012 Assessment and Analytical Framework: Mathematics, Reading, Science, Problem Solving and Financial Literacy. Paris: OECD Publishing.

126 Wagner, J. (2015). Financial Literacy and Financial Education: Theory and Survey Evidence. CESifo Working Paper No. 5050, Munich: CESifo Group.

127 EFSE & CYFI (2017). Financial Capability Assessment Framework. European Fund for Southeast Europe (EFSE) & Child and Youth Finance International (CYFI).

128 Świecka, B. (2019). Financial Capability – A New Concept in Behavioral Economics. Journal of Management and Financial Sciences, Vol. 35, No. 1, pp. 3–18.

129 Hasibuan, B.K., Lubis, Y.M., & Sirojuzilam (2018). Financial Literacy and Financial Behavior as a Measure of Financial Satisfaction. Proceedings of the 1st Economics and Business International Conference 2017 (EBIC 2017), Advances in Economics, Business and Management Research, Vol. 46, pp. 502–507.

130 OECD/INFE (2020). International Survey of Adult Financial Literacy. Paris: OECD Publishing.

131 Amagir, A., Groot, W., van den Brink, H.M., & Wilschut, A. (2017). A Review of Financial-Literacy Education Programs for Children and Adolescents. Citizenship, Social and Economics Education, 16(1), pp. 56–80.

Финансиско претпријатие - Финансиските претпријатија се **клучен дел од финансиската едукација**, бидејќи ја развиваат **способноста за управување со бизнис, финансии и претприемнички ризик**. Според UNICEF, **вештините во претприемништвото** вклучуваат **деловно планирање, развој на производи, финансиски менаџмент, маркетинг, тимска работа и решавање на проблеми**. Главната цел е **не само да се обучат идни претприемачи**, туку и **да се создадат претприемнички способни млади луѓе**, кои можат да ги **искористат локални можности за приход и социјална промена**[132].

Финансиско вклучување - Финансиското вклучување подразбира **достапност до финансиски услуги**, кои се **употребливи, безбедни и доверливи**[133]. Според OECD тоа ги опфаќа **регулираните финансиски производи**, како **штедење, кредитирање, осигурување и пензиски системи**, овозможувајќи **економска и социјална вклученост**. Финансиското образование е **клучен фактор за проширување на употребата на финансиските услуги**, поддржувајќи **финансиска благосостојба**[134].

Финансиска благосостојба - Финансиската благосостојба се дефинира како **способноста на едно лице да ги исполни своите тековни и идни финансиски обврски**, да се **чувствува сигурно во својата финансиска иднина** и да **прави избори што овозможуваат квалитетен живот**[135].

Економска и финансиска злоупотреба - **Економската злоупотреба** вклучува **контрола врз финансиските ресурси**, ограничување на пристапот до пари, спречување на жртвата да работи или да се образува, со цел **создавање финансиска зависност како форма на контрола**[136]. Разликата меѓу **економска и финансиска злоупотреба** е суптилна, но економската злоупотреба е **поширок концепт што опфаќа повеќе аспекти** на финансиска контрола[137]. Според Wire, финансиската злоупотреба може да се смета за **форма на семејно насилство**, вклучувајќи **контрола на трошоците, задржување финансиски средства или исклучување на жртвата од финансиските одлуки**[138].

Финансиска злоупотреба на деца - Финансиската злоупотреба на деца се однесува на **употреба на финансиски средства за злоупотреба и искористување на малолетници**, што може да вклучува **кражба на парите на децата или злоупотреба на нивните лични податоци за економска корист**[139].

Финансиска сигурност - Финансиската сигурност претставува **чувство на удобност дека вашите финансиски ресурси се доволни за покривање на потребите и желбите**[140].

---

132 UNICEF (2012). Skills and Competencies for Children and Youth. New York: United Nations Children's Fund.
133 CYFI & EFSE (2017). Financial Capability Assessment Framework. Child and Youth Finance International & European Fund for Southeast Europe.
134 Atkinson, A. & Messy, F.A. (2013). Promoting Financial Inclusion through Financial Education: OECD/INFE Evidence, Policies and Practice. OECD Working Papers on Finance, Insurance and Private Pensions, No. 34. Paris: OECD Publishing
135 Consumer Financial Protection Bureau (CFPB) (2015). Financial Well-being: The Goal of Financial Education. Washington, DC: U.S. Government Printing Office.
136 National Coalition Against Domestic Violence (NCADV) (2017). Economic Abuse Fact Sheet. Denver, CO: NCADV.
137 Schroders Personal Wealth (2020). What is Economic Abuse and How to Spot the Signs? London: Schroders
138 Wire (2020). Financial Abuse: Recognising the Signs. UK: Wire.
139 Outreach Team (2021). What is Child Financial Abuse? Outreach Team.
140 Garman, E.T. & Forgue, R.E. (2014). Personal Finance (12th ed.). Boston: Cengage Learning.

Финансиска одговорност - Финансиската одговорност подразбира **осмислено управување со личните финансии и носење мудри одлуки за идната финансиска благосостојба**[141].

Финансиски успех - Финансискиот успех се дефинира како **постигнување на финансиски можности што се посакувани, планирани или во развој, во согласност со целите на поединецот**[142].

141 Ibid

142 Ibid

## ПРИЛОГ 2. Стратегија за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 и улогата на Народната банка

Стратегијата за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 претставува солидна рамка за унапредување на финансиската писменост кај младите и возрасните. Народната банка ја игра главната улога во практичната реализација, особено преку соработка со БРО и училиштата. Сепак, анализата покажува дека иако наставните програми ги предвидуваат потребните компетенции, учебниците во основното образование сè уште ја третираат темата површно, а иницијативата и активностите поврзани со стратегијата се поддржани главно од ограничен број на проактивните наставници.

Националната стратегија за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 година претставува системски обид за подобрување на финансиската писменост кај населението во Северна Македонија, со акцент на младите, ранливите групи и возрасното население. Главните цели се насочени кон развивање на способноста за разбирање на финансиските поими и управување со личните финансии, носење информирани одлуки при користење на финансиски услуги и јакнење на довербата во финансискиот систем[143].

Во стратегијата се издвојуваат повеќе клучни сегменти (релевантни за ова истражување):

1. **Финансиска едукација на младите.** Народната банка и другите финансиски регулатори (Министерство за финансии, Македонска банкарска асоцијација – МБА, Агенција за супервизија на осигурување - АСО, Комисија за хартии од вредност - КХВ, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС) организираат предавања, натпревари и настани насочени кон ученици од основни, средни и високи училишта[144]. На пример, во 2022 година се одржани 115 предавања со над 4.300 учесници. Паралелно, натпреварот „Европски квиз на парите“, стимулира практична примена на стекнатите знаења[145]. На овој натпревар учениците од нашата земја имаат остварено забележителен успех (на пример во 2025 година, е освоено второто место на Европскиот квиз на пари од страна на македонскиот тим, составен од учениците Марин Христоски и Алексеј Мицкоски од ООУ „Кире Гавриловски – Јане“ од Прилеп, под менторство на наставничката Соња Јорданоска)[146].

2. **Интеграција во формалното образование.** Стратегијата предвидува системско воведување на финансиската едукација во наставните планови, било преку нов предмет, било преку интеграција во постоечки предмети (математика, општество, претприемништво)[147]. Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО) имаат клучна улога во овој процес.

3. **Едукативни материјали и јавни настани.** Подготвени се брошури, игри, прирачници и онлајн ресурси на разбирлив јазик, а редовно се одбележуваат „Глобалната недела на парите“ и „Деновите на финансиската

143 Комисија за хартии од вредност (КХВ), Стратегија за финансиска едукација и инклузија 2021–2025, sec.gov.mk

144 Извештаи за активности на Народната банка, pari.com.mk.

145 Македонска берза и Портал „Банкарство“, извештаи за „Европски квиз на парите“, bankarstvo.mk

146 https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-01072025.nspx

147 Агенција за супервизија на осигурување (АСО), Кодекс на добри практики за финансиска едукација, aso.mk.

писменост“. НБРМ во изминатите три години го поддржува и националниот тим во учество на Меѓународната економска олимпијада[148].

4. **Фокус на возрасни и ранливи групи.** Стратегијата нагласува дефинирање на целни групи (жени, невработени, лица со низок доход) и развој на прилагодени обуки за нив, како предуслов за финансиска инклузија.

5. **Институционална координација**

Координациското тело за финансиска едукација и инклузија ја следи имплементацијата на Стратегијата, со активно учество на сите финансиски регулатори, како и на приватниот сектор и граѓанското општество.

## Улогата на Народната банка (НБРСМ)

Народната банка има централна улога во спроведувањето на стратегијата и во унапредувањето на финансиската писменост кај младите. Согласно Стратегијата, НБРСМ активно соработува со БРО и училиштата преку[149]:

- **Ревизија на наставни програми** (математика, општество, етика) и изработка на едукативни материјали.
- **Организација на предавања и обуки за наставници**, како и симулации на монетарна политика.
- **Развивање дигитални алатки и квизови** за ученици и млади.
- **Поддршка на училишни проекти** за штедење, буџетирање и одговорно трошење.

Со ваквите активности, НБРСМ ја проширува примената на стратегијата и придонесува за постепено интегрирање на финансиската писменост во образованието.

Активности на Народната банка во доменот на финансиската едукација[150]

Согледувајќи ја потребата од стратегиска рамка во доменот на финансиската едукација и инклузија, под водство на Народната банка, во јули 2021 година финансиските регулатори ја донесоа првата национална Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021 – 2025 година. Стратегијата е донесена во рамките на спроведувањето на првата фаза од Регионалниот проект за финансиска писменост на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) и нејзината Меѓународна мрежа за финансиска едукација (ИНФЕ), спроведена со поддршка на Министерството за финансии на Холандија. Стратегијата вклучува активности за финансиска едукација и финансиска инклузија, како и за заштита на потрошувачите. Со досегашното спроведување на Стратегијата се овозможи зајакната координација и соработка помеѓу финансиските регулатори, приватниот финансиски сектор и граѓанските здруженија, како и систематски пристап на сите вклучени субјекти заради зајакнување на финансиската писменост, финансиската инклузија и обезбедување соодветна заштита на потрошувачите. Во доменот на предвидени активности за финансиска едукација, во точка 4.1.5. од Стратегијата е наведена заложбата: Натамошни активности за изучување на финансиската едукација во образовниот процес, преку посебен предмет или вклучување одделни сегменти во постојните предмети (што и во постојните услови е делумно присутно) во основното и средното образование. На листата на консултирани соработници околу Стратегијата е наведено и Бирото за развој на образованието.

Во согласност со Стратегијата, донесени се Кодексот на добри практики и Основните

148 https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-08072025.nspx

149 Народна банка на РСМ, Едукативни материјали и дигитални алатки

150 Податоците се добиени од НБРМ

компетенции на финансиската едукација, преку кои се обезбедуваат квалитетни едукативни програми, посветен и коректен пристап од страна на сите вклучени субјекти во процесот на едукација, вклучително и од приватниот и граѓанскиот сектор. Во рамките на проектот со ИНФЕ-ОЕЦД, извршено е мерење на финансиската писменост на населението и на малите и средните фирми.

Народната банка постојано презема многубројни активности за унапредување на финансиската писменост на населението. Активностите се главно насочени кон учениците од основното и средното образование и специјализирани предавања на конкретни економски теми за студенти (отворена можност за пријава на интерес за предавање), а во последните години се преземени и едукативни активности за возрасното население, за учениците со попреченост, за жените и за пензионерите.

Редовни настани и средби:

- Глобална недела на парите;
- Светски ден на штедењето;
- Денови на финансиска писменост;
- Работни средби со приватниот и граѓанскиот сектор за имплементација на Стратегијата;
- Европски квиз на парите (носител: МБА) - во изминатите седум години учество на ова европско натпреварување кое вообичаено се одржува во Брисел (Белгија), во конкуренција на ученици на возраст 13-15 години од другите европски земји, нашите претставници имаат освоено три пати второ место и еднаш трето место во Европа;
- Подготовка за Меѓународна економска олимпијада (од 2023 година).

Во периодот 2013 – 2025 година, преку активностите за унапредување на финансиската писменост, од страна на Народната банка биле организирани и опфатени:

- број на одржани предавања – 660;
- број на опфатени наставници – 1.300;
- број на опфатени ученици – 25.300;
- опфатени теми за предавања/обуки: Да се запознаеме со Народната банка, Вовед во лични финансии, Современи начини на плаќања, Монетарна политика и други специјализирани предавања за студенти.

Изработени се голем број едукативни материјали во печатена и електронска форма, едукативна компјутерска игра, видеоматеријали, квизови, инфографики, објави на социјалните мрежи и др.

Публикации:

- Паметно управување со парите - Водич за лични финансии;
- Поимник на термини од централнобанкарското и банкарското работење.

Серијали на едукативни видеа и материјали:

- Со Народната банка во светот на финансиите;
- ФинФит видеа;
- Едукативни текстови Економија за секого.

Едукативни брошури:

- „Запознајте ја Народната банка на Република Северна Македонија“,
- „Безбедност при користењето дигитални финансиски производи и услуги“,
- „Насоки за поголемо вклучување на лицата со попреченост како потрошувачи во банкарскиот сектор“ и брошурата на Брајово писмо, наменета

за лицата со оштетен вид „Права на лицата со оштетен вид како потрошувачи на финансиските услуги“,

- „Платежна сметка со основни функции“.

На листата на субјекти вклучени во имплементацијата на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија, покрај Народната банка и другите финансиски регулатори (Министерство за финансии, Агенција за супервизиј-За на осигурувањето, Комисија за хартии од вредност, Агенција за капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС), се наоѓаат и здруженија/асоцијации на приватните финансиски субејкти, како и 16 граѓански здруженија со активности во доменот на финансиска едукација. Сите субјекти на своите интернет страници имаат објави за нивните активности за финансиска едукација.

## Споредбена анализа: стратегија, програми и учебници

Иако стратегијата и поддршката од институциите се добро позиционирани, постои јаз помеѓу визијата на стратегијата и практичната имплементација во наставните материјали.

- **Наставните програми** (МОН и БРО) предвидуваат интеграција на финансиски теми (штедење, буџетирање, инвестирање).
- **Учебниците**, сепак, содржат само ограничени примери (поими како „пари“, „денари“, „паричник“), без систематска обработка на финансиски концепти и практични задачи.
- **Практичните активности** што ги спроведува НБРСМ (симулации, проекти, дигитални игри) не се институционално интегрирани во редовната настава, туку остануваат во форма на дополнителни или вонннаставни активности[151].

Иако НБРСМ нуди богата поддршка, стратегија, материјали и обуки, учебниците во основното образование во Македонија сè уште ја следат финансиската писменост само површно. Термините „пари“, „денари“ и „паричник“ се спомнати, но без систематско објаснување, без практични задачи за буџетирање, штедење или управување со кредити. Наставните програми се јасни и имаат цели и компетенции, но учебниците сè уште не ги трансформираат овие цели во редовна настава. За да се постигне вистинска финансиска писменост, потребна е поинтегрирана работа на учебниците и посеопфатна поддршка за наставниците да ги применат практичните и дигиталните алатки во училницата.

Овие детектирани разлики укажуваат на потребата од засилена **усогласеност меѓу стратегијата и наставните материјали**. Со други зборови, македонскиот модел за финансиска едукација се одликува со силна институционална поддршка, но слаба имплементација директно во учебниците.

151 https://www.nbrm.mk/tema_finansiska_pismenost.nspx

Табела 1: **Корелациска табела на активностите предвидени со Стратегијата за финансиска едукација и инклузија 2021–2025 и постојните учебници за основно образование**

| Активност на НБРСМ | Усогласеност со наставни програми (БРО) | Примена во учебници | Коментари / Критика |
|---|---|---|---|
| Национална стратегија за финансиска едукација | Јасно е поставена потребата за интеграција на финансиска едукација во предмети како Математика, Општество, Етика, Иновации | Во учебниците за I–V одд. се спомнуваат термини како „пари“, „денари“, „паричник“, но без систематска обработка на финансиски поими. Во учебникот Иновации во IX-то одделение, има цело поглавје за буџетирање | Стратегијата постои, но учебниците не го следат целосно планот – поимите се само контекстуални, со неколку исклучоци |
| Соработка со БРО: ревизија на програми и обуки за наставници | Наставните програми за финансиска писменост (IV–VI и VII–IX одд.) дефинираат цели, очекувани знаења и практични активности | Ограничено – учебниците имаат примери за „пазар“ или „паричник“, но нема активности за буџетирање, штедење, инвестирање | Добра иницијатива, но реалната примена во учебниците е минимална, освен во учебникот Иновации за 9-то одделение каде има посебни поглавја за: (1) поим за пари; (2) поим за финансии и финансирање; (3) приход, расход и добивка; (4) буџет и буџетирање |
| Денови на финансиска писменост: настани, тури, симулации | Одговара на практични блокови од наставните програми за активни методи и симулации | Се рефлектира само индиректно – во учебниците нема настава со симулации | Наставниците мораат сами да го воведат практичниот дел. Само ограничен број на заинтересирани наставници се вклучени во активностите |
| Едукативни материјали и дигитални алатки | Програмите препорачуваат интерактивни материјали и дигитални помагала | Учебниците не вклучуваат дигитални алатки или прирачници; Се препорачува користење на дигитални алатки надвор од учебниците | Материјалите постојат, но нивното користење не е интегрирано во формалниот текст на учебникот. Користењето на ваквите материјали се сведува на проактивноста и заинтересираноста на наставникот |
| Партнерства со училишта и наставници: мини-проекти, дискусии | Наставните програми поттикнуваат | Во учебниците нема опис на вакви активности; постојат само поединечни примери во споменати спорадично во рамки на друг наратив | Иницијативата е ефективна на локално ниво, но системски не е имплементирана на ниво на цела држава |

# ПРИЛОГ 3. Анализа на наставните програми што содржат елементи на финансиска писменост во основното образование во Република Северна Македонија

Наставните програми за основно образование, подготвени од Бирото за развој на образованието (БРО), претставуваат добро структуриран и сеопфатен рамковен документ кои содржат и елементи на финансиското образование. Тие формулираат јасни образовни цели, ги дефинираат суштинските компетенции што треба да ги развијат учениците и се развојно усогласени со нивната возраст и когнитивни способности. Активното учење, интердисциплинарниот пристап и практичните примери придонесуваат наставниот процес да биде интерактивен, релевантен и поврзан со секојдневниот живот на учениците.

Програмите се усогласени со националните образовни стандарди и во голема мера кореспондираат со меѓународните рамки за финансиска писменост, како оние предложени од ОЕЦД.

За да се обезбеди целосна и реална слика за нивната примена, неопходно е паралелно со наставните програми да се анализираат и учебниците, со цел да се утврди во која мера и на кој начин ја рефлектираат програмската рамка и ги содржат предвидените цели и компетенции.

Во наставните програми за основно образование финансиските теми се интегрирани преку повеќе предмети и содржини, како дел од општо-педагошкиот концепт за развој на граѓанските и животните вештини. Така, во рамки на предметот *Животни вештини* (I–III и IV–VI одд., по старата програма од 09.04.2008 година), на пример, се вклучуваат практични активности поврзани со рационално користење на ресурси во домот и училиште (заштеда на енергија, вода и сл.)[152]. Иако конкретни термини како „пари“, „кредити“ или „даноци“ ретко се спомнуваат, во практичните задачи често се наоѓаат мотиви како фрлање паричка при донесување одлуки или примери на ситуации при купување / пазарење, што ги запознава учениците со практични аспекти на работа со парите. Така, овие практични работилници за учениците во погорните одделенија содржат сцени и улоги (на пр. „продавач–купувач“) во кои учениците учат за вредноста на производите, сметка во маркет и слично. Ова го потврдува и концептот дека финансиската писменост и претприемништвото треба да се наметнат преку задолжителните предмети во рамките на основното образование.

Од друга страна, во рамките на предметите од областа на општествените науки (на пр. „Општество“ од I–IV одд. и *Историја и општество* за повисоките одделенија), темите вообичаено се фокусираат на улогата на различни институции и професии (социјални служби, полиции, образование, здравство, итн.), но и тие ги опфаќаат начелата на работење во општеството. На пример, учениците се запознаваат со поими како приход (лични пари, плата), трошоци (сметки, купување на продукти) и заеднички услуги (јавни добра), што остава простор за дискусија за буџетирање во семејството и функционирање на државата. Иако наставната програма за Општество не ги користи термините „данок“ или „кредит“ , таа ги поттикнува дискусиите за тоа како секојдневните потреби (купување храна, облека, итн.) се финансираат преку пари и буџетирање. Овој пристап е во согласност со измените во Концепцијата за основно образование, според која финансиската писменост е вградена низ повеќе предмети.[153]

Во природните науки (на пр. *Природни науки* за I–VI одделение и *Физика*, *Хемија*, *Биологија* за повисоките одделенија) се промовира управувањето со природните и енергетските ресурси. Наставните теми за животна средина, обновливи извори, рециклирање

152 bro.gov.mk

153 Решение за изменување и дополнување на Концепцијата за основно образование бр.08-3980/1 од 3.3.2021

и рационална потрошувачка во домашните услови индиректно ги охрабруваат учениците да размислуваат за рационално трошење средства (на пр. за осветлување или греење во домовите) и креирање заштеди во домашниот буџет.

Сумирајќи, формалните наставни програми за основно образование до VI одделение содржат повеќе елементи поврзани со финансиско образование, од воведно запознавање со пари и купување (во животни вештини), преку дискусија за семеен буџет (во општествени науки), до одговорно користење на ресурси (во природни науки), иако термини како „кредити“ и „даноци“ по правило не се спомнуваат. Во секој случај, сите овие содржини се дел од интегрираниот пристап за развој на финансиски компетенции во рамки на основното образование[154]. Во овие документи се наведуваат детални резултати од учење (ученички способности) и очекувани знаења, вештини и ставови. Така, на пример, во наставната програма по математика за I одделение е предвидено ученикот „да пресметува како да се плати точна сума до 20 денари со користење на монети и банкноти“.

Како друг позитивен пример може да се истакне наставната програма по математика за VI одделение која експлицитно вклучува: (**IIA.3)** Решавање проблеми со проценти, вклучувајќи примери со лични и домашни финансии: камата, попуст, добивка, загуба и данок и (**IIIA.5**) Примена на размер во контексти од секојдневниот живот, вклучително и финансиски ситуации; овие компетенции ја зајакнуваат способноста на учениците да разберат и користат математички концепти во финансиски контекст.

Истовремено, наставните програми на Бирото за развој на образованието за основното образование за дел од изборните предмети нудат јасно дефинирани цели и очекувани компетенции во областа на финансиската писменост, особено во рамките на изборните предмети **„Финансиска писменост“** (IV–VI одделение) и **„Финансиско образование“** (VII–IX одделение) како и Иновации и претприемништво. Изборните предмети, пак, имаат рамковни цели поврзани со економско и личното управување на финансиите, при што учениците учат да планираат буџет и да штедат за идни цели, во контекст на теми како „поставување приоритети“ и „суштината на парите“[155]. Овие цели се усогласени со националните стандарди и опфаќаат т.н. трансверзални вештини – регулирање на семејниот буџет, рационално трошење и остварување на поставени цели[156]. Програмата Иновации и претприемништво содржи широк спектар на компетенции релевантни за финансиска писменост а предложените содржини ја прошируваат финансиската писменост на ниво на економско размислување, претприемачки дух и проектен менаџмент.

### Клучни теми и компетенции

Програмите во целина опфаќаат голем дел од суштинските теми на финансиската писменост. Во предметот **Математика (I–III одд.)** се воведува концептот на пари и трансакции: учениците учат да ги препознаваат вредноста на монетите и банкнотите и како да пресметуваат точна сума при плаќање (I одд. – до 20 денари, II одд. – до 100 денари, III одд. – до 1000 денари)[157].

Изборниот предмет **Финансиска писменост (IV–VI одд.)** обработува теми како штедење, трошење, инвестирање, банкарски услуги и буџетирање. На пример, тематскиот блок „Штедење, трошење, инвестирање и донирање“ ги разгледува концептите на потреби

154 Животни вештини IV-VI одделение (07-3059/1 од 09.04.2008 година) – Биро за развој на образованието
155 БРО, Наставна програма „Финансиска писменост“(IV–VI одд.), ibid.
156 БРО, Наставна програма „Финансиско образование“ (VII–IX одд.), ibid
157 БРО, Наставни програми по математика за I–III одделение, ibid.

и желби, приоритети во трошењето и различни видови трошоци[158]. Друг блок „Банки и нивни услуги“ се однесува на депозитите, кредитите и девизните курсеви[159], а „Планирање и буџетирање“ предвидува изготвување на личен буџет[160].

Во изборниот предмет **Финансиско образование (VII–IX одд.)**, учениците се оспособуваат да планираат буџет за сегашни и идни потреби[161], да носат рационални потрошувачки одлуки, да ги идентификуваат ризиците поврзани со електронско плаќање и да го разберат значењето на осигурувањето[162]. Исто така, се разгледува улогата на кариерата во фукнција на финансиската независност на личноста и потребата од оданочување како основа за обезбедување на подобри јавни услуги кон граѓаните.[163]

Наставните програми во основното образование опфаќаат голем дел од препорачаните теми за финансиска писменост и постепено ги надградуваат знаењата и вештините на учениците (планирање буџет и приходи/трошоци, штедење и инвестиции, управување со кредити и осигурување, парична вредност на предметите, основни знаења за банки и валута, како и теми поврзани со даноци и јавни финансии).

## Возраст и развојно ниво

Содржината на програмите е соодветно адаптирана според возраста на учениците. Во најниските одделенија (I–III) акцент се става на практични активности – на пример, игри во кои децата играат улоги на продавач и купувач[164]. Во IV–VI одделение, сложеноста расте преку разбирање на концептите за штедење и трошоци[165]. Во VII–IX одделение учениците се подготвуваат за посложени теми како планирање буџет, кредитирање, инвестирање и критичко проценување на медиумските пораки[166].

- I–III одделение. На најниското ниво учениците преку конкретни активности (игра во продавница, пресметка на пари со вистински монети) ги стекнуваат основните математички и практични поими за парите.
- IV–VI одделение. Сложеноста се зголемува: преку приказни и практични примери децата ги разбираат поимите штедење, трошење и разликување потреби од желби.
- VII–IX одделение. Учениците се оспособуваат за апстрактни финансиски вештини – буџетирање, споредување квалитет/цена и планирање. Тие учат и критички да ги проценат понудите на пазарот и медиумскиот притисок за трошење.

Применетите примери и сценарија се усогласени со когнитивните нивоа: игра на улоги (продавница), симулации на банкарски активности, креирање на сопствени банкноти, како и дебати за долгови и осигурување. На пример, во I одделение се вежба пресметување на 17 денари со различни комбинации на монети, додека во VII одделение се планира семеен буџет и се дискутираат теми како кредитен долг и инвестирање[167].

158 БРО, „Финансиска писменост“– тематски блок „Штедење, трошење, инвестирање и донирање“, ibid.
159 БРО, „Финансиска писменост“– тематски блок „Банки и нивни услуги“, ibid.
160 БРО, „Финансиска писменост“–тематски блок „Планирање и буџетирање“, ibid.
161 БРО, Наставна програма „Финансиско образование“ – буџетирање, ibid
162 Ibid. – електронско плаќање и осигурување
163 Ibid. – улога на кариера и даноци
164 БРО, Наставна програма по математика (I–III одд.), ibid.
165 БРО, Наставна програма „Финансиска писменост“ (IV–VI одд.), ibid
166 БРО, Наставна програма „Финансиско образование“(VII–IX одд.), ibid.
167 Биро за развој на образованието, Наставни програми по финансиска писменост (VII–IX одд.),

### Критичко размислување и одлучување

Наставните програми ја охрабруваат праксата на поставување прашања и водење дебати. Учениците учат да прават разлика меѓу потреби и желби, да ги подредуваат трошоците според приоритет и да предвидуваат последици од своите финансиски одлуки. На пример, темата „Одговорен потрошувач"ги мотивира учениците сами да ги идентификуваат притисоците од реклами и трендови и да дискутираат како да се избегне неразумно трошење[168]. Темите за финансиски ризици и безбедно користење дигитални услуги (на пример интернет-банкарство) им помагаат на учениците да станат свесни за потенцијални измами и за значењето на осигурувањето[169]. Овие примери покажуваат дека наставата не е сведена само на пренесување информации, туку активно ги поттикнува аналитичките способности на учениците – тие разгледуваат сценарија и предлагаат логични решенија[170].

### Реални примери и практични задачи

Наставните програми содржат бројни активности со практичен контекст: играње улоги, симулации на семејни буџети, квизови, дискусии за реклами и практични задачи за заштеда[171]. Тие содржат бројни активности засновани врз реални животни ситуации. Учениците играат улоги на продавач и купувач, претвораат пари на ситни монети и решаваат задачи за домашен буџет кои базираат на секојдневни реалини состојби – на пример, семејство со ограничен приход треба да ги распореди своите потреби за нормално живеење[172].

Се користат квизови и групни дискусии за критичко толкување на реклами, како и истражувања за штедење во секојдневни ситуации (на пример, рационална употреба на електрична енергија)[173]. За добивање поим за банкарски услуги, учениците дизајнираат сопствени банкноти или следат предавање од гостин–работник во банка.

Содржината е поврзана со секојдневието: купување во маркет, плаќање сметки и други реални ситуации. Наставникот најчесто има улога на посредник и насочувач, додека учениците самостојно истражуваат, дебатираат и презентираат решенија[174]. Исто така се употребуваат дигитални алатки како **Mentimeter** и **Kahoot** за квизови при учење за приоритети (потреби/желби)[175].

### Усогласеност со стандарди

Сите програми се усогласени со националните образовни стандарди[176]; на пример, наставната програма по математика експлицитно наведува референтни цели засновани

---

168 Биро за развој на образованието, Наставна програма по финансиска писменост (IV–VI одд.)

169 Биро за развој на образованието, Наставна програма по финансиско образование (VII–IX одд.)

170 Наставни програми (математика, финансиска писменост и финансиско образование)

171 БРО, Наставни програми по математика и финансиска писменост, ibid

172 Биро за развој на образованието, Наставни програми по финансиска писменост (основно образование)

173 Биро за развој на образованието, Наставни програми по финансиска писменост (основно образование)

174 Биро за развој на образованието, Наставни програми по математика и финансиска писменост.

175 Биро за развој на образованието, Наставни програми по математика и финансиска писменост

176 БРО, Наставни програми – национални стандарди, ibid

врз националните стандарди[177]. Фокусот на финансиското образование кореспондира со националните цели за техничко-претприемничко образование и личен развој.

Иако во документите не е директно наведена референца на **OECD/INFE рамките**, содржината се поклопува со меѓународните препораки за финансиска едукација[178] како што се темите за буџетирање, дигитална заштита и финансиска одговорност. Така, наставната програма за финансиска писменост намерно опфаќа содржини за заштита на дигиталниот идентитет и управување со финансиските ризици, што е споредливо со OECD/INFE рамките за тинејџери[179]. Дополнително, програмите содржат и ставови усогласени со меѓународни очекувања: учениците учат дека ресурсите се ограничени и дека личната благосостојба зависи од буџетирање и целно трошење.

## Методи на настава

Програмите експлицитно промовираат активно учење преку работилници, симулации, игри, case-студии (студија на случаи) и дигитални алатки. Се поттикнува критичко размислување и одлучување – учениците дискутираат, анализираат и презентираат решенија[180].

Освен конвенционалните вежби, тие поттикнуваат користење на работилници, симулации и игри. Во наставата по математика се применуваат интерактивни табли, слики и физички предмети/алатки, вклучително и пресметки со нумерички платна и играчки[181]. Наставата по финансиска писменост вклучува сценарија и проекти: учениците распределуваат ограничен приход за купување, дебатираат за произволни трошења и разгледуваат лажни пораки поврзани со заработка[182].

Се користат и игри (квизови, „крал на монетите“ и слично) и студии на случај, како што е одредување налог за размена при конверзија на пари[183]. Овие активности отвораат простор за креативност и истражување, при што се зајакнува критичкото размислување. На пример, учениците споредуваат алтернативи при купување (анализа на цена и квалитет) и ја оправдуваат потребата од осигурување и плаќање даноци[184].

## Интердисциплинарност

Финансиското образование е интегрирано со повеќе предмети – математика, граѓанско образование и личен развој, иновации[185]. Финансиското образование е јасно поврзано со математика (графици и суми), со граѓанско општество (улогата на државата и даноците), со личен развој (лични цели и одговорност) и иновации (подготовка на буџет за базичен бизнис план). Наставните програми поттикнуваат поврзување на знаењата од различни предмети: на пример, разбирањето на процентите и каматите е дел од математика, додека концептот на данок се разгледува со граѓанско образование. Самите наставници во задачите се упатени да го поврзат финансиското учење со општествените науки и граѓанското образование – што

177 Биро за развој на образованието, Наставна програма по математика (I–IX одд.).
178 OECD/INFE, *Core Competencies Framework on Financial Literacy for Youth*, 2018.
179 Биро за развој на образованието, Наставна програма по финансиска писменост (VII–IX одд.)
180 БРО, Наставни програми – методи на настава.
181 Биро за развој на образованието, Наставна програма по математика (I–III одд.)
182 Биро за развој на образованието, Наставна програма по финансиска писменост (IV–VI одд.),
183 Исто
184 Биро за развој на образованието, Наставна програма по финансиско образование (VII–IX одд.).
185 БРО, Наставни програми – интердисциплинарност.

ќе поттикне интегрално учење. Идејата е дека кога учениците, на пр., пресметуваат буџет во математика, тие во граѓанско учат како даноците се дел од буџетот на државата. Имајќи ги предвид сите содржини, може да се заклучи дека програмите нудат атмосфера каде што личноста, математиката, иновациите (креативноста) и општествени вештини се спојуваат.

## Поддршка за наставници

Иако на веб-страницата на БРО не се достапни специјализирани програми за обука на наставници во финансиска писменост, постојат методски прирачници за сродни предмети, како и иницијативи на Народната банка, другите финансиски институции и дел од невладините организации[186].

Генерално, постојат методски прирачници и обуки за новите наставни програми по математика и општествени науки (како на пример обуката за VII одделение наведена на сајтот)[187], но нема нешто што директно би се однесувало на финансиската писменост. Сепак, позитивен показател е што во наставната програма се дава список на материјали (компјутери, дигитални алатки) кои наставниците можат да ги користат. На пример, во програмата по математика за I одделение е наведена „табла со броеви до сто“ и апликативни игри[188]. За финансиското образование, достапни се примероци на практични активности во самите програми, што служи како практичен прирачник за наставниците[189]. На национално ниво, постојат иницијативи од Народната банка и невладини организации за обука по финансиска писменост[190], но такви информации не се прикажани директно на веб-страницата на БРО. Континуирана поддршка (на пример вебинари или експертски совети) не е очигледно наведена во јавните документи.

## Ресурси и алатки

Наставните програми упатуваат на користење на физички материјали (монети, касички, табли), дигитални игри и апликации, но не е развиен дигитален прирачник или национална е-училница[191].

Програмите спомнуваат употреба на дневник/касичка за штедење, конзуларни табели (приходи/трошоци), дигитални игри и апликации за илустрирање на финансиски концепти. На пример, математика препорачува дигитални игри (Домина, „Не лути се човече“и сл.) како стимулација. Во Финасиската писменост се спомнуваат алатки како whiteboard и многу физички материјали (коцки, монети – како наставни помагала во продавница). Иако сите овие се бесплатни или се веќе достапни материјали во училиштата, сепак, не е наведено постоење официјален електронски прирачник или е-училница. Ниту пак е наведена формална програма за вклучување на финансиски алатки како задолжителни ресурси. Па така, наставниците се слободни да користат широк опсег на материјали – онака како што програмата наведува – што може да вклучи и дигитални алатки по нивна иницијатива. На крај, сепак клучен е наставникот и неговата иницијатива да користи соодветни ресурси со кои ќе им ја направи предметната проблематика поблиска и поинтересна на учениците.

---

186 Народна банка на Република Северна Македонија, Програми за финансиска едукација, 2022

187 Биро за развој на образованието, Наставни програми и обуки за VII одделение.

188 Биро за развој на образованието, Наставна програма по математика за I одделение

189 Биро за развој на образованието, Наставни програми по финансиска писменост и финансиско образование

190 Народна банка на РСМ, *Програми и иницијативи за финансиска писменост*, nbrm.mk

191 БРО, Наставни програми – ресурси и алатки.

## Примери

***Наставна програма „Финансиско образование“***

Програмата „Финансиско образование“ претставува прва систематска иницијатива за воведување на финансиска писменост како слободно изборен предмет. Таа ја поставува финансиската писменост како централна компетенција, со јасно дефинирани исходи на учење:

- **Пари и трансакции:** Учениците учат да разликуваат помеѓу готовински и безготовински пари, како и да објаснат процес на трансакции.
- **Планирање и управување:** Исходите VII-А.12 и VII-А.13 бараат од учениците да ги разберат поимите „штедење“ и „позајмување“, како и да планираат рационално трошење.
- **Ризик и награда:** Учениците треба да ја разберат поврзаноста помеѓу финансиските одлуки и нивните последици, на пример ризиците при задолжување.
- **Финансиски пејзаж:** Програмата ги запознава учениците со улогата на финансиските институции и нивните услуги.

Оваа програма е конципирана како **функционален и практичен предмет**: наставните активности се предложени во форма на симулации, студии на случај, игри со улоги и дискусии, што овозможува активна партиципација на учениците и применливост во реални животни ситуации.

***Наставна програма „Иновации и претприемништво“***

Иако примарната цел на оваа програма е да ги развие претприемачките компетенции на учениците, таа содржи значајни елементи поврзани со финансиската писменост.

- **Пари и трансакции:** Исходот VII-А.7 предвидува учениците да одредат цена на производите, вклучувајќи ги заработката, трошоците и давачките.
- **Планирање и управување:** Исходот VII-А.13 налага рационално и економично распределување на парите, а VII-А.5 и VII-А.6 промовираат планирање на ресурси во процесот на изработка на производ.
- **Финансиски пејзаж:** Програмата го истакнува значењето на одговорното користење на ограничените ресурси (VII-Б.5).

Во споредба со „Финансиско образование“, оваа програма се одликува со фактот дека финансиските поими се интегрирани во пошироки активности поврзани со иновации, маркетинг, тимска работа и креативно решавање на проблеми.

**Табела 1: Компаративна анализа на програмите *„Финансиско образование“* и *„Иновации и претприемништво“***

| **Домени на финансиска писменост** | **Финансиско образование** | **Иновации и претприемништво** |
|---|---|---|
| Пари и трансакции | Систематски и детално обработени | Интегрирани во ценовни и пазарни активности |
| Планирање и управување | Централен фокус: буџетирање, штедење, позајмување | Делумно интегрирано преку планирање на производни активности |
| Ризик и награда | Експлицитно присутен (задолжување, камата) | Индиректно, преку претприемачки ризик |
| Финансиски пејзаж | Учениците се запознаваат со финансиски институции | Општи поими за одговорно користење ресурси |

Анализата укажува дека „Финансиско образование“ е **суштинска програма** за стекнување на базични финансиски компетенции, додека „Иновации и претприемништво“ е **дополнителен контекст** кој овозможува практична примена на тие компетенции во реални сценарија.

## Недостатоци и препораки

И покрај значајниот напредок, анализата идентификува неколку области за подобрување:

- **Длабинско покривање на инвестиции и штедење:** Потребни се активности што опфаќаат споредба на различни штедни производи, каматни стапки и симулации на раст на заштеда со тек на време.
- **Дигитална финансиска писменост:** И двете програми минимално го покриваат е-пазарувањето, дигиталните трансакции и безбедноста на личните финансиски податоци.
- **Финансиска етика:** Потребно е дополнително внимание на теми како фер трговија, социјално одговорно инвестирање и одржливост во потрошувачката.

Програмата „Финансиско образование“ го поставува темелот за развој на функционална финансиска писменост кај учениците, додека „Иновации и претприемништво“ обезбедува контекст за практична примена на стекнатите знаења. Комбинацијата на овие две програми создава **интегриран образовен модел** кој не само што ги оспособува младите за рационално управување со финансии, туку ги поттикнува и кон претприемачко размислување, креативност и одговорност во економскиот живот.

# ПРИЛОГ 4. Анализа на застапеност на елементи од финансиска писменост во учебниците во основното образование[192]

## Прво до петто одделение




Иако наставните програми формално ги препознаваат и постепено градат финансиските компетенции, учебниците не обезбедуваат соодветен материјал за нивна примена. Резултатот од ова е дека учениците се запознаваат со терминот „пари“ инцидентно и контекстуално, без систематско учење за финансиски концепти, што создава ризик да се остане на површно разбирање на основни економски поими.

Прегледот на учебниците укажува дека поимите поврзани со финансиска писменост (пари, денари, кредит, задолжување) се појавуваат ретко и најчесто инцидентно, во форма на наративи или описи на секојдневни ситуации – посета на пазар[193], изгубен паричник[194], историска референца[195] или археолошки опис[196]. Ниту еден од овие случаи не нуди формална лекција за основни финансиски концепти како буџет, штедење, камата или инвестирање.

192 Појаснување: Анализата е илустративна и е направена на учебниците кои се јавно достапни на платформата е-учебници. На ова платформа за време на анализата недостасуваа многу учебници со што и анализата е делумна.
193 Природни науки, II одделение, пример „Зелен пазар“
194 Историја и општество, IV одделение, пример „Марко и паричникот“
195 Историја и општество, V одделение, „хартиени пари“
196 Историја и општество, V одделение, археолошки артефакти

**Постои јасен јаз меѓу наставните програми и реализацијата во учебниците.** Наставните програми за I–III одделение предвидуваат практично запознавање со пари, за IV–VI воведуваат поими како штедење и трошење, а VII–IX одделение се фокусира на апстрактни вештини како буџетирање, споредување цена/квалитет и планирање. Во учебниците, сепак, овие компетенции не се систематски обработени. Тие се споменуваат само како контекстуални примери без објаснување, што не овозможува учениците да развијат функционална финансиска писменост.

Овој недостаток станува уште поочигледен кога нашите учебници се споредат со примери од меѓународни добри практики. На пример, во Финска и Естонија учебниците за основно образование интегрираат финансиска писменост преку структурирани активности, сценарија и задачи со конкретни математички пресметки и примери на буџетирање, штедење и одговорно трошење. Таму јасно се дефинирани поимите и се гради континуитет од практично кон апстрактно учење, што во Македонија е предвидено во наставните програми, но не се реализира во учебниците.

**Второ одделение – Природни науки:**

Во учебникот по природни науки за второ одделение, во лекцијата посветена на животната средина се опишува посета на „зелен пазар" каде учениците купуваат овошје и зеленчук за неделата што претстои. Иако е употребен глаголот „купуваат" и индиректно се навестува присуството на „пари", не се објаснуваат поимите ниту се разработуваат финансиски теми. Терминот „денари" не е изрично дефиниран; сцената е употребена исклучиво за илустрирање на секојдневна ситуација, без обид да се направи финансиско толкување.

**Четврто одделение – Историја и општество:**

Во учебникот „Историја и општество" за 4. одделение, поимите „пари" и „паричник" се појавуваат во рамките на наративи кои поттикнуваат морална дебата. На пример, Марко нашол паричник со документи и пари и одлучил да ги искористи. Иако сцената отвора дискусија за вредности како чесност и одговорност, финансиската компонента останува неразвиена. Во друга ситуација се споменува дека ученичката Мира дала 50 денари за зачленување во училишната библиотека. И во двата случаи зборот „пари" се јавува во секојдневни ситуации, без систематско објаснување или концептуализација.

**Петто одделение – Историја и општество:**

Учебникот за 5. одделение повторно обработува теми каде „пари" се јавуваат во дијалози или како историски факт. На пример, учениците дебатираат дали е прифатливо да се лаже за пари при купување билети за кино. Во друг пример се нагласува дека Кинезите ги измислиле „хартиените пари" што е важен историски податок, но останува на ниво на факт без економско појаснување. Изразот „пари" се наведува меѓу археолошките артефакти. Но, повторно, нивната функција и карактеристики не се разработуваат.

Ова несогласување покажува дека наставната програма формално ја препознава важноста на финансиската писменост, но учебниците не обезбедуваат соодветна поддршка за систематско развивање на овие вештини. Со тоа, ризикот е учениците да останат на ниво на случајно препознавање на терминот „пари" без да развијат суштинска финансиска компетентност.

Табела 2: Појавата на клучните зборови поврзани со финансиска писменост во учебниците за основно образование (до 5-то одделение)

| Одделение | Предмет | Клучен збор/ поим | Контекст | Објаснет/само споменат |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Природни науки | пари | Купување овошје и зеленчук на зелен пазар | Само споменат |
| 4 | Историја и општество | пари | Марко пронаоѓа паричник со пари | Само споменат |
| 4 | Историја и општество | денари | Мира користи 50 денари како заштита | Само споменат |
| 5 | Историја и општество | пари | Дискусија за купување билети за кино | Само споменат |
| 5 | Историја и општество | хартиени пари | Историски податок за Кина | Само споменат |
| 5 | Историја и општество | пари | Материјални артефакти во музеј | Само споменат |

Заклучок:

- Учебниците ги спомнуваат финансиските поими инцидентно и контекстуално, без јасни објанувања за буџет, штедење, камати или инвестирање.
- Наставните програми предвидуваат постепено градење на финансиски компетенции од I до IX одделение, но учебниците не го следат овој континуитет.
- Во споредба со меѓународни практики (Финска, Естонија), каде учебниците интегрираат структурирани активности и задачи со јасно дефинирани поими и континуитет, во Македонија се среќава само фрагментарно користење на термини.
- Резултатот е површно разбирање на финансиските концепти и ризик од недоволно развиена финансиска писменост кај учениците.

## Шесто до деветто одделение

**Учебникот по македонски јазик за 6-то одделение не содржи наставни содржини кои систематски ја обработуваат финансиската писменост. Спомнувањето на „пари“ е исклучиво во наративен/литературен контекст и не дава никаква економска едукација или објаснување на поимот. Зборот „пари“** се појавува на едно место, во форма на фраза, односно во контекст на дел од текст каде лик вели „имам многу пари“ (употребено како литературен пример, без економско објаснување).

Учебникот по математика за 6-то одделение има **практични задачи** кои индиректно ги воведуваат учениците во концептите на:

- Пресметка на вкупни трошоци,
- Размена на пари (купи/продади),
- Едноставни операции со денари и цени.

Сепак, **не се објаснети поимите** „трошок“, „пари“ или „денари“ во економска смисла, ниту се разработени концепти како буџетирање, штедење или финансиско планирање. Присутни се само како контекст за математички пресметки. Па така, з**борот „трошоци“** се појавува неколку пати во задачи за текстуални проблеми, каде учениците пресметуваат колку чини нешто (на пример „трошокот за патување“ или „вкупни трошоци“). **Зборот „пари“** се користи во повеќе текстуални задачи (на пример „Ана има 120 денари и сака да купи...“). **Зборот „денари“** се користи на повеќе места како валута во математички примери.

**Учебникот Природни науки за 6 одделение** единствено допира финансиски аспект во контекст на заштеда на ресурси (струја, вода) = заштеда на пари, и поттикнување на рационално користење на ресурси.

Најчесто финансиските поими се **спомнати само индиректно** и нема систематско објаснување на економски или финансиски термини.

Табела 3: Примери од спомнување на финансиските поими во учебниците

| Предмет | Клучен збор/поим | Контекст | Објаснет/само споменат |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Пари | Се појавува во литерарен пример каде лик вели „имам многу пари" (како дел од наратив) | Само споменат |
| Математика | Пари | Текстуални задачи каде учениците пресметуваат колку пари им остануваат, купуваат производи итн. | Само споменат, користено за математички пресметки |
| Математика | Денари | Се користи како валута во задачи (пр. „Ана има 120 денари...") | Само споменат |
| Математика | Трошоци | Се појавува во задачи за пресметка на вкупни трошоци (пр. трошоци за патување) | Само споменат, без дефиниција |
| Природни науки | Пари | Делот за енергија и ресурси – „со намалена потрошувачка на струја заштедуваме пари" | Само споменат |
| Природни науки | штедење (индиректно) | Спомната во контекст на „заштеда на енергија" (еколошка/финансиска придобивка) | Индиректно споменато, не дефинирано како финансиски поим |

**Во учебникот по Македонски јазик - VII одделение, с**е јавуваат само два финансиски поими – „пари" и „денари" – во наративен или дескриптивен контекст, без економска или функционална елаборација. Не постои систематско воведување на концепти како буџетирање, штедење или финансиско планирање.

**Учебникот по Албански јазик - VII одделение,** содржи повеќе потенцијални точки за интеграција – литературни текстови со мотиви на богатство и сиромаштија, економски термини во лексички вежби и културно-историски содржини кои можат да послужат за воведување на концепти за инвестиции и економијата на знаењето[197].

Табела 4: Компаративен приказ на спомнатите финансиски поими во учебниците Македонски јазик и Албански јазик за 7 одделение

| Клучен поим | Македонски јазик VII | Албански јазик VII | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Пари / Денари | ✓ Споменато во литерарен контекст („пари во раце", „плати со денари") – без економска анализа | ✓ Споменато индиректно преку приказни за богатство/сиромаштија („qypi me flori") | Недостасува систематско објаснување за вредноста и функциите на парите |
| Буџет / Буџетирање | ✕ Не | ✕ Не | Може да се воведе преку творечки задачи („направи план за трошоци за екскурзија") |

197 Ibid., литературен текст „Qypi me flori".

| | | | |
|---|---|---|---|
| Штедење | ✕ Не | ✓ Индиректно преку приказната „qypi me flori“ (можност за дискусија) | Потребна е наставна активност за практична пресметка на заштеда |
| Приходи / Трошоци | ✕ Не | ✕ Не | Може да се интегрира преку задачи за споредба на месечни приходи/ трошоци |
| Кредити / Каматна стапка | ✕ Не | ✕ Не | Нема никаква експозиција, би можело да се воведе на поедноставен начин |
| Инвестиции | ✕ Не | ✓ Индиректно – преку културно-историски делови за развој на книгопечатството | Погоден контекст за разговор за вложувања во образование |
| Финансиско планирање | ✕ Не | ✕ Не | Може да се развие како проектна активност |

Учебникот по Географија **- VIII** одделение нуди значаен потенцијал за развивање финансиска писменост преку теми кои се однесуваат на **стопанството, индустријата, трговијата и туризмот**. Во содржините се обработуваат:

- **Структурата на стопанството** (услужни дејности, индустрија, земјоделство) и нивната улога во економскиот развој.
- **Меѓународна трговија** – примери за извоз и увоз на стоки (на пр. Бугарија извезува земјоделски производи, а увезува индустриски стоки), што им овозможува на учениците да ги разберат поимите производ, пазар и размена.
- **Регионални економски центри и странски инвестиции**, на пр. автомобилската индустрија во Словачка, со што се отвора можност за дискусија за економски политики, странски капитал и локален развој.
- **Туризмот како стопанска гранка** и неговиот економски импакт – потенцијал за анализирање на поврзаноста меѓу природни ресурси, инфраструктура и економски раст.

Овие содржини, иако не се експлицитно поврзани со финансиско образование, овозможуваат интердисциплинарен пристап – наставниците може да воведат задачи за пресметка на економски показатели (на пр. удел на индустријата во Бруто домашниот производ) или дискусија за одржлив економски развој.

Учебникот по Граѓанско образование **- VIII** одделение, директно обработува теми релевантни за **финансиската едукација и економските права**:

- Објаснување на **буџетот, даноците, државните заеми и кредитите, банкарството** како клучни области под надлежност на Министерството за финансии, што е директна врска со јавните финансии.
- **Социјални и економски права** – право на работа, здравствена заштита, пристап до образование и сопствен дом, што ги учи учениците на важноста на економската рамноправност и пристапот до ресурси.
- Развивање свест за **учество во донесување одлуки**, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на јавните буџети и политики – преку активности како дебати, изработка на предлози и симулации на демократски процеси.

Учебниците за IX-то одделение нудат солидна основа за интеграција на финансиска писменост, особено преку предметите Иновации и Граѓанско образование. Со внимателна адаптација и интердисциплинарен пристап, може да се постигне развој на практични финансиски вештини кај учениците, во согласност со националните и меѓународни образовни стандарди.

Во анализата на овие учебници е применета тематска анализа по клучни зборови: „буџет(ирање)“, „штедење“, „трошоци“, „приходи“, „инвестиции“, „пари“, „кредити“, „долг“, „каматна стапка“, „финансиско планирање“, „денари“, „менувачници“.

Табела 5: Компаративен приказ на потенцијал за проширување на финансиски теми во учебниците за **9** одделение

| **Предмет** | **Присутност на финансиски теми** | **Потенцијал за проширување** |
|---|---|---|
| Граѓанско образование | (ограничено) | Буџетирање, потрошувачки права, јавни финансии |
| Географија | (индиректно) | Економски активности, глобализација, инвестиции |
| Математика | (ограничено) | Пресметки за изработка на буџет, користење на проценти за пресметки на каматни стапки, амортизација на опрема и сл. |
| Македонски јазик | (посредно) | Аргументација, реклами, деловна комуникација |
| Иновации | (висок потенцијал) | Бизнис план, буџет, пазар, финансиско моделирање, основни финансиски индикатори |

Финансиската писменост претставува суштинска животна вештина која им овозможува на младите генерации да носат информирани одлуки во врска со користење на пари, планирање на трошоци и долгорочни финансиски цели. Таа е клучен предуслов за економска инклузија и активно граѓанско учество во современите општества[198]. Анализата на наставните програми и учебници во основното образование открива значајни можности за систематска интеграција на финансиската едукација преку различни предмети, особено математика, граѓанско образование, географија, македонски јазик и иновации и претприемништво. Некои од предлозите за поголема застапеност на елементи од финансиска писменост во соодветните предмети се:

### *Математика*

Поголема итеграцијата на финансиската писменост во наставата по математика треба да се постигне преку зголемен број на практични задачи поврзани со секојдневниот живот – пресметка на заштеди, камати, буџетирање и споредба на цени. Наставниците треба да користат повеќе реални примери за да им помогнат на учениците да ја разберат вредноста на парите и одговорното трошење. На тој начин, математиката станува поинтересна и поприменлива во реалниот живот.

198 OECD (2016). OECD/INFE International Survey of Adult Financial Literacy Competencies. Paris: OECD Publishing.

***Граѓанско образование***

Во рамки на темите за јавни финансии, учебниците содржат основни поими како „државниот буџет се состои од приходи и расходи". Овој сегмент може да се прошири со активности кои ги приближуваат концептите на личен и семеен буџет, штедење и одговорно финансиско однесување кај учениците. Дополнително, темите за **права и одговорности на граѓаните** нудат можност за воведување на економски и потрошувачки права, пристап до финансиски услуги и обврски поврзани со плаќање на даноци и придонеси[199].

***Географија***

При обработка на темите за глобализација и економски развој, каде се нагласува улогата на странските инвестиции, може да се вметнат симулации на валутна конверзија и компаративна анализа на трошоци по региони. Ова ќе овозможи учениците да развијат разбирање за економските последици на глобалните процеси и нивното влијание врз животниот стандард[200].

***Македонски јазик***

Наставните содржини за медиумска и јазична писменост, каде се анализираат реклами, овозможуваат развивање на критичка свест за потрошувачките навики, е-трговија, импулсивното купување и важноста на штедењето. Пишувањето аргументирани текстови, со теми како „Дали младите треба да учат за управување со пари во училиштата?", може да ја зајакне способноста на учениците за критичко размислување и финансиско планирање. Дополнително, во креативните задачи (расказ или описен текст), може да се предложат сценарија поврзани со поставување финансиски цели и штедење, што ги поттикнува учениците на развивање на самодисциплина и одговорност[201].

***Иновации***

Учебникот „Иновации IX" се издвојува како најрелевантен во однос на финансиската писменост. Во него систематски се обработуваат поими како **буџет**, **приходи и трошоци**, **штедење**, **финансиско планирање** и **пресметка на добивка**, преку практични задачи и проектна работа. Учениците развиваат сопствен бизнис план, прават пазарна анализа, ја пресметуваат цената на производот, ги анализираат приходите и трошоците и донесуваат заклучоци за профитабилноста. Дополнителна вредност претставуваат темите за **одржливост и социјално претприемништво**, кои ја воведуваат логиката на долгорочно финансиско планирање, реинвестирање и општествена одговорност[202].

---

199 European Commission (2023). Financial competence framework for children and youth in the European Union. Brussels: EU Publications Office.

200 World Bank (2022). Global Findex Database 2021: Financial Inclusion, Digital Payments, and Resilience in the Age of COVID-19. Washington, DC: World Bank.

201 Mandell, L. & Klein, L.S. (2009). The Impact of Financial Literacy Education on Subsequent Financial Behavior. Journal of Financial Counseling and Planning, 20(1), 15–24.

202 National Bank of the Republic of North Macedonia (2021). National Strategy for Financial Education and Financial Inclusion (2021–2025). Skopje: NBRNM.

### Примери за интеграција на финансиска писменост во наставните материјали

- ***Учебници и нивната релевантност***

| Учебник | Наод | Забелешка |
|---|---|---|
| **Иновации – IX одделение** | Најрелевантен учебник за финансиска писменост – содржи систематско објаснување на поимите буџет, трошоци, приходи, штедење и финансиско планирање. | Учениците прават буџет, пресметуваат добивка, штедат и планираат ресурси. |
| **Граѓанско образование – IX одделение** | Нема пронајдено содржини за буџет, пари, трошоци или штедење. | Темите се насочени на демократија и учество во заедницата, без финансиски аспекти. |
| **Албански јазик и литература – IX одделение** | Нема поими поврзани со финансиска писменост. | Содржините се фокусирани на литература, граматика и анализа на текстови. |

- ***Клучни поими и примери од учебникот „Иновации во IX одделение“[203]***

| Клучен поим | Конкретен пример / Цитат | Забелешка |
|---|---|---|
| **Буџет** | „Буџет е план за тоа како ќе ги трошите парите. Тоа е листа на приходи и трошоци која ви помага да знаете дали ќе имате доволно пари за сите ваши потреби.“ | Објаснето е зошто буџетот е важен за контрола на расходите. |
| **Приходи и трошоци** | „Приходи се сите пари што ги добивате – на пример од родителите, стипендии, подароци, работа. Трошоци се сите пари што ги трошите – за храна, облека, превоз, забава.“ | Учениците прават табела со свои приходи и трошоци. |
| **Штедење** | „Доколку одвоите мал дел од приходите секој месец, ќе заштедите пари кои подоцна можете да ги искористите за нешто поголемо.“ | Пример: ученик штеди за велосипед и пресметува колку месеци му се потребни. |
| **Финансиско планирање** | Задача: „Направете план како ќе го потрошите џепарлакот од 1.500 денари за еден месец. Размислете колку ќе оставите за заштеда.“ | Симулација на буџетирање и управување со ресурси. |
| **Пресметка на добивка** | „Ако имате приход од продажба на лимонада од 1.000 денари, а трошоци за материјал од 400 денари, вашата добивка е 600 денари.“ | Воведува формула: приходи – трошоци = добивка. |

- ***Позитивни примери за интеграција на финансиска писменост во учебникот „Иновации во IX одделение“***

| Тема | Пример од учебник | Поврзаност со финансиска писменост | Можности за проширување |
|---|---|---|---|
| **Претприемништво и бизнис идеи** | „Учениците треба да развијат сопствена идеја за производ или услуга и да ја претстават преку бизнис план.“ | Пресметка на трошоци, приходи и профит. | Додавање задачи за буџетирање и проценка на ризик. |
| **Бизнис план и презентација** | „Учениците треба да подготват презентација со цена, трошоци и очекувани приходи.“ | Основи на финансиско планирање. | Вклучување на кредити, каматни стапки, ROI (повраток на инвестиција). |

203 https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Inovacii%20IX%20cela%20Sep%202020.pdf

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Иновациски процес и пазарна анализа** | „Учениците истражуваат пазарни потреби и конкуренција.“ | Разбирање на пазар и потрошувачи. | Додавање активности за споредба на цени и анализа на трошоци. |
| **Тимска работа и распределба на ресурси** | „Секој член на тимот има задача – од истражување до финансиско моделирање.“ | Учење за одговорност и управување со ресурси. | Симулација на буџет за тимски проект. |
| **Одржливост и социјално претприемништво** | „Проектите треба да бидат финансиски одржливи и корисни за заедницата.“ | Разбирање на одржлив буџет и долгорочно планирање. | Додавање примери за реинвестирање и штедење. |

- **Предлог-активности за проширување на содржини од финансиска писменост во наставните теми**

| **Наставна тема** | **Конкретен предлог** |
|---|---|
| **Реклама и медиумска писменост** | Анализа на реклами: како влијаат на потрошувачките навики, дискусија за импулсивно купување и важноста на штедење. |
| **Деловна комуникација – формално писмо** | Учениците пишуваат писмо до банка за отворање штедна сметка или жалба за неиспорачан производ. |
| **Аргументиран текст** | Дебата: „Дали младите треба да учат за управување со пари во училиштата?“ со истражување на буџетирање, кредити и штедење. |
| **Креативно пишување** | Расказ: „Ученикот кој штеди за велосипед“ со поими како цел за штедење, трошоци и дисциплина. |

## ПРИЛОГ 5. Анкетни истражувања

### Опис на примерокот

За потребите на истражувањето, примерокот беше така избран за да се обезбеди репрезентативност во однос на наставниот јазик, типот на училиште и образовните нивоа. Во основните училишта каде наставата се реализираше исклучиво на македонски или албански јазик, беа избрани по една паралелка од 4-то, 7-мо и 9-то одделение. Во мешаните училишта според наставен јазик, беа вклучени по една паралелка на македонски и една на албански јазик, при што се избираа паралелки означени како „а“ или „1“ (на пр., 4а, 7а, 9а или 4-1, 7-1, 9-1).

Во примерокот беа вклучени:

- **Одделенските раководители на избраните паралелки**
- **Сите предметни наставници кои предаваа во истите паралелки**

Прашалникот се пополнуваше во исто време и во иста просторија, со цел да се обезбеди конзистентност и контекстуална усогласеност на одговорите. Одделенскиот раководител и координаторот за предметна настава имаа задача да го споделат линкот од прашалникот со родителите на учениците од избраните паралелки. Во руралните средини, се очекуваше одзивот да варира, но сметавме дека и во овие средини родителите ќе се вклучат во процесот.

Во истражувањето учествуваа вкупно 68 основни училишта од сите осум плански региони во државата, со цел да се обезбеди територијална и социо-културна застапеност. Од нив, 35 беа градски, а 33 рурални училишта. Според наставниот јазик, 42 училишта реализираа настава на македонски јазик, 20 на албански, а 6 училишта беа двојазични, односно наставата се изведуваше и на македонски и на албански јазик. Овој дистрибутивен пристап овозможи увид во различните образовни практики и услови во зависност од јазичниот и географскиот контекст. Истражувањето се спроведе во периодот од 20.10.2025 до 27.10.2025 година од страна на Советниците од Бирото за развој на образованието.

### Анализа на податоци од анкетата со ученици од четврто одделение

***Демографски податоци***

- **Вкупно анкетирани: 1236 ученици**
- **Полова распределба: 49.9% момчиња, 50.1% девојчиња**
- **Возраст: 71.3% се на возраст од 9 години додека 25.65% се 8-годишни ученици**

*Прашања и точност на одговорите*

**1. Ана има 100 денари. Купува чоколадо од 35 денари. Колку пари ќе ѝ останат?**

- **Точен одговор: 65 денари**
- **Точност: 75.9% од учениците одговориле точно**

**2. Што претставува штедење?**

- **Точност: 77.95% одговориле точно**

**3. Марко сака да купи тетратка. Во една книжарница чини 50 денари, во друга 45 денари. Што е најпаметно да направи Марко?**

- **Точност: 78.6% одговориле дека треба да ја купи во втората книжарница**

**4. Кое шише сок е поисплатливо? Шише А: 1 литар = 60 денари или Шише Б: 2 литри = 100 денари**

Одговори:

- 51.4% избрале Шише Б (поисплатливо)
- 42.35% избрале Шише А
- 4.6% сметаат дека е исто

**5. Играчка чини 600 денари. Штедиш по 100 денари неделно. За колку недели би можел да ја купиш играчката?**

- **Точност: 84% одговориле точно (6 недели)**
- **Некои ученици мислат дека ќе им треба помалку време**
- **Дел покажуваат креативност и размислуваат за алтернативни сценарија**

**6. За што служат штедната книшка или банкарската сметка?**

- 89.96% одговориле: „За да се чуваат парите на сигурно место"

**7. Каде е најбезбедно да се чуваат пари?**

- 87.75% одговориле: „Во банка"
- 8.2% одговориле: „Во **џеп**"

**8. Ако позајмиш пари од другарче, што треба да направиш?**

- 90.5% одговориле: „Да му вратиш точно колку си позајмил"
- 5.4% рекле: „Да му вратиш помалку"

**9. Прашање за планирање на џепарлак.**

Сценарио: Секоја недела добиваш 200 денари. Сакаш да купиш списание од 100 денари и да штедиш за велосипед од 1000 денари.

Стратегии на штедење кои ги користат учениците:

- 27%: Штедење 6 недели – покажува трпение и планирање
- 18%: Рамномерна поделба – 100 денари за списание, 100 за велосипед
- 15%: Не одговориле/Дале нејасни одговори
- 8%: Штедење без јасна стратегија
- 3%: Креативни решенија – штедење во банка, под перница, дневно штедење, откажување **од едното за да се купи другото**




*Заклучоци за знаење, компетенции и вештини кај учениците од 4-то одделение*

Основно финансиско знаење

- **Над 75% од учениците точно одговараат на прашања поврзани со пресметка на кусур, споредба на цени и избор на поисплатлива опција.**
- 89.96% знаат дека банкарска сметка служи за безбедно чување пари.
- 90.5% разбираат дека заем треба да се врати точно (за учениците од 4-то одделение не беа анализирани термините како камата, зголемена сума за враќање доколку сеземе позајмица и сл.).

Ова укажува на добро разбирање на основни финансиски поими: пари, штедење, трошоци, заем, вредност за пари.

Компетенции за одлучување и споредба

- 78.6% избираат поевтина тетратка – покажуваат способност за рационално споредување.
- **Во прашањето со шишињата сок, 51.4% од испитаниците ја избираат поисплатливата варијанта, но 42.35% не – што укажува на потреба од дополнително вежбање на споредбени пресметки по литар/вредност.**

***Заклучок:***

Учениците имаат основна логика и критичко размислување, но некои задачи бараат подлабоко разбирање на вредноста и количината.

Учениците од четврто одделение покажуваат солидна основа во финансиска писменост, со:

- **релативно високо ниво на разбирање на пари и штедење**
- **добри вештини за пресметки и споредба на величини**
- **развиена логика и практично размислување**




Сепак, има простор за подобрување во:

- **споредба на вредност по количина (пример: цена по литар)**
- **развивање на стратегии за долгорочно штедење**
- **поддршка на ученици при нејасни или неточни одговори**

Треба да се има предвид дека тестирањето беше организирано во контролирана средина со наставник кој делумно или по потреба и барање од страна на некои од учениците, ги насочуваше учениците во одговарањето (појаснување на некои термини, дополнителни објаснувања, и сл.). Наставниците немаа право да го посочат точниот одговор.

За очекување е дека доколку учениците одговараа целосно самостојно и во реална средина без поддршка (во училишен двор, во продавница или во маалото каде што живеат), степенот на грешни одговори да биде поголем.

## Анализа на податоци од анкетата со ученици од седмо одделение

*Демографски податоци*

- **Вкупно анкетирани: 1212 ученици (739 на македонски и 463 на албански јазик)**
- **Полова распределба: 49.9% момчиња, 50.1% девојчиња**
- **Возраст: 82.6% се на возраст од 12 години додека 13.2% се 13 годишни деца**

*Прашања и точност на одговорите*

1. Што е буџет?

- 76.2% План за тоа како да се потрошат **изаштедат парите во одреден период**
- 11.85% Начин на кој банката одлучува колку **пари да ни даде**
- 7.5% Список на сите работи што сакаме да **ги купиме, без ограничување**
- 4.3% Табела со сите цени во продавницата.

2. Што значи да се штедат пари? (отворено прашање)

- ≈ 45% → штедење = избегнување непотребни трошоци
- ≈ 35–40% → штедење = собирање пари за конкретна цел
- ≈ 15% → штедење = сигурност/иднина
- ≈ 10–13% → „не знам“ или кратки/нејасни

Најчесто учениците/учесниците ја разбираат штедачката навика како контрола на потрошувачката. Второ по честота е штедење за конкретна цел (телефон, облека, факултет, иднина). Помал дел ја гледаат како сигурност и одговорност. Мал процент одговори се „не знам“ или се во групата на премногу кратки одговори.

3. Ако штедиш по 100 денари неделно, колку пари ќе имаш по 4 недели?

- 91.3 % одговориле точно, односно 400 денари.

4. Зошто е важно да правиме разлика помеѓу желбите и потребите**? (отворено прашање)**

Учениците најчесто ја разбираат разликата како практична поделба меѓу неопходното и посакуваното, а дел ја поврзуваат со финансиска дисциплина и морална одговорност.

- 40% одговори ја даваат основната дефиниција: желба е нешто што сакаме, потреба е нешто што мораме да имаме.
- 30% нагласуваат дека потребите се приоритетни и задолжителни, додека желбите можат да почекаат.
- 20% ја гледаат разликата од финансиска и морална перспектива – штедење, буџет, одговорно трошење.
- 10% се „не знам“ или нејасни одговори.




5. Замисли дека имаш 500 денари. Сакаш да купиш книга која чини 300 денари. Исто така, сакаш да си купиш сладолед за 50 денари. (1) Колку пари ќе ти останат по купувањето? (2) Можеш ли да ставиш нешто во касичката од тоа што ти останало? (отворено прашање)

- **Најголем дел (70%) правилно пресметале дека остануваат 150 денари и рекле дека може да се заштедат.**
- 15% погрешиле во пресметката (200, 250, 300, 450 денари).
- 15% дале алтернативни идеи или не дале јасен одговор.

Толкување на второто прашање

- **Да, можам да ставам во касичка → Ова е најчестиот одговор. Огромно мнозинство (околу 80%) рекле дека можат да ги стават парите што им останале во касичката за штедење**.
- **Да, но делумно 10% → Некои рекле дека ќе стават само дел (пример: 50 денари, 100 денари), а остатокот ќе го потрошат или сочуваат за друго.**

- **Алтернативни одговори, околу 5% → рекле дека би ги дале на родителите, на сиромашни или би купиле нешто друго со тие пари**.
- **Не/нејасно → 5% рекле „не знам“ или „не можам“.**

6. Во продавница има две понуди за бонбони: Кесичка А е од 50 гр. и чини 30 денари. Кесичка Б е од 100 гр. и чини 50 денари. Која кесичка е поисплатливо да се купи и зошто? (отворено прашање).

- **Најголем дел (65%) правилно заклучија дека Кесичка Б е поисплатлива, бидејќи нуди повеќе грамажа за пониска цена по грам и заштеда од 10 денари.**
- 20% сметаат дека А е поисплатлива поради пониската апсолутна цена и аргументот за штедење.
- 10% дадоа мешани или лични аргументи, а 5% не одговорија јасно.

Доколку се анализира колку од учениците објасниле зошто го дали таквиот одговор, може да се заклучи дека околу 70% не само што избрале кесичка, туку и дале аргумент. Најчести објаснувања се:

- **Кесичка Б е поисплатлива бидејќи за 100гр плаќаш 50 денари, а со А би платил 60.**
- **Цената по грам е пониска кај Б (0.5 ден/гр наспроти 0.6 ден/гр кај А).**
- **За малку повеќе пари добиваш дупло повеќе бонбони.**
- **Кесичка А е поевтина и затоа е подобра ако сакаш да заштедиш или ако не ти требаат многу бонбони.**

Не објасниле, само избрале → Приближно 25% одговори се едноставни: „Кесичка Б“ или „Кесичка А“ без дополнително образложение.

Нејасни / „не знам“ → Мал дел (околу 5%) рекле „не знам“ или дале одговор што не се однесува на прашањето.

7. **Во семејството месечно се трошат:**

- 30% од приходите за храна
- 20% од приходите за сметки
- 20% од приходите за транспорт
- 30% од приходите за забава

8. **Ако семејниот приход е 20.000 денари, колку пари одат за храна?**

- **Точно (6.000 денари) одговориле само околу 51% од учениците.**

9. Твоите родители планираат да купат нов фрижидер. Едниот е поевтин, но троши повеќе струја. Другиот е поскап, но троши помалку струја. Кој би го избрал и зошто? (отворено прашање)

- **Најголем дел (75–80%) правилно аргументираа дека поскапиот фрижидер е поисплатлив, бидејќи долгорочно штеди струја и пари.**
- 10–12% избраа поевтиниот поради моменталната цена.
- 5% дадоа мешани одговори, а 5% не одговорија јасно.

Избор: Поскапиот фрижидер (со објаснување): Големо мнозинство (околу 75–80%) од учениците го избраа поскапиот фрижидер.

Објаснувања:

- **Троши помалку струја → долгорочно сметките кои ги плаќа смејството се пониски.**
- **Иако е поскап на почеток, еднаш се плаќа, а секој месец се штеди.**
- **Поскапиот фрижитер е поквалитетен и трае подолго.**
- „Подобро е да платиш повеќе еднаш, отколку секој месец да плаќаш висока сметка“.

Избор: Поевтиниот фрижидер (со објаснување)

- **Околу 10–12% одговори рекоа дека би го избрале поевтиниот фрижидер.**

Објаснувања:

- **Поевтин е во апсолутна цена → веднаш се штедат пари.**
- **Некои од учениците велат дека сакаат да им останат повеќе пари сега, иако подоцна сметките ќе бидат поголеми.**

10. Дали е побезбедно парите да се чуваат дома или во банка? Напиши најмалку две причини зошто мислиш така (отворено прашање).

- **Мнозинството ученици** (70–75%) сметаат дека во банка е побезбедно, со аргументи за заштита, сигурност и камата.
- 15–20% **од учениците сметаат дека дома е побезбедно, со аргументи за скриеност и достапност.**
- 5% предложија комбинирано решение, а 5% не одговорија јасно.
- **Само околу една третина навеле најмалку две причини, што покажува дека повеќето ученици даваат кратки одговори без детално образложение.**

Во банка е побезбедно (наведени причини):

- **Банката има обезбедување, камери, аларми, сефови → многу потешко е да се украдат.**
- **Парите не можат да се изгубат во случај на пожар, поплава или несреќа.**
- **Во банка може да се добие камата → парите растат со време.**
- **Во банка е потешко да се потрошат импулсивно, па се штеди повеќе.**

Дома е побезбедно:

- **Само семејството знае каде се парите → скриени места.**
- **Некои не веруваат во банките (може да се ограбат, да се изгубат, да земаат провизија).**
- **Дома парите се веднаш достапни, без процедури.**

Комбинирано (дел дома, дел во банка):

- **Дел дома за брза потреба, дел во банка за сигурност.**
- **Баланс меѓу достапност и безбедност.**

11. Ако твој пријател потроши повеќе отколку што има и не може да врати долг, што би му препорачал? (отворено прашање).

- **Најчести препораки: штедење и рационално трошење (35%) и работа/заработка (25%).**
- **Средно чести: помош од семејство или пријатели (по 10%), превентивни совети (10%).**
- **Ретки одговори**: кредит од банка (5%).
- **Мал дел: нејасни или „не знам“ одговори** (5%).

Систематизација на сите одговори сумирани по категории и претставени во проценти.

| Категорија | Опис | % одговори (приближно) |
|---|---|---|
| **Штедење и рационално трошење** | Да штеди пари, да троши помалку, да прави буџет, да враќа дел по дел | **35%** |
| **Работа и заработка** | Да најде работа, да работи повеќе, да заработи чесно | **25%** |
| **Помош од семејство/ возрасни** | Да побара пари или совет од родители, семејство | **10%** |
| **Помош од пријатели** | Да му позајмат другари, да му помогнат со заем | **10%** |
| **Банка / кредит** | Да земе кредит, да користи банкарски услуги | **5%** |
| **Совет за иднина / превенција** | Да не зема борч, да внимава друг пат, да учи од грешките | **10%** |
| **Нејасни / „не знам“** | Одговори без јасна препорака | **5%** |

12. Организираш роденденска забава со буџет од 2.500 денари. Направи план колку ќе потрошиш на: торта, пијалоци**, украси, игри, и објасни како можеш да заштедиш дел од парите.**

- **Најчести одговори (35%) беа целосни планови со точна распределба на буџетот.**
- **30% од учениците одговорија делумно, без сите категории.**
- 20% дадоа објаснување како да заштедат (домашна торта, сопствени украси, игри без трошок).
- **15% од учениците дадоа нејасни или беа без конкретен одговор.**

Просечни суми по категории (од целосните планови):

- Торта: 700–1000 денари (најчесто најголем дел од буџетот)
- Пијалоци: 300–500 денари
- Украси: 200–500 денари
- Игри: 200–400 денари
- Заштеда: 400–700 денари (често спомната како остаток или со намалување на трошоци)




13. Замисли дека сакаш да купиш нова топка која чини 1.200 денари. Имаш 3 месеци за да ги заштедиш тие пари. (1) Напиши колку пари ќе штедиш секој месец. (2) Што би направил/а ако на крајот ти недостасуваат уште малку пари?

- Најголем дел (70%) одговориле целосно на двете прашања.
- 15% од учениците одговориле делумно на прашањата.
- 10% дале дополнителни идеи за заштеда или дале алтернативи одговори.
- 5% дале нејасни одговори или немало конкретен одговор.

Најчестиот тип на одговор е: „Секој месец ќе штедам по 400 денари... ако ми недостасуваат ќе побарам од родителите или ќе продолжам да штедам уште еден месец.“

- Учениците најчесто ја користат логиката на делба (1200 ÷ 3 = 400).
- Дел од нив даваат алтернативни решенија (поевтина топка, работа, попуст).

Целосниот одговор (и на двете прашања) вклучува типични реченици:

- „Секој месец ќе штедам по 400 денари. Ако ми недостасуваат ќе побарам од родителите.“
- „Ќе штедам по 500 денари месечно, а ако ми недостасуваат пари ќе продолжам уште еден месец да штедам.“
- „Секој месец ќе собирам по 400 денари, ако ми недостигаат ќе позајмам од другар и ќе му вратам.“
- „Првиот месец 500, вториот 500, третиот 200. Ако ми недостигаат ќе ги прашам мама и тато.“

Делумно одговориле (само едно од прашањата)

- „Ќе штедам по 400 денари секој месец.“
- „Ќе побарам од родителите ако ми недостигаат пари.“
- „По 300 денари месечно.“
- „Ќе позајмам од другар.“

Објаснувања од учениците кои се однесуваат на заштеда / алтернативи:

- „Ќе купам поевтина топка ако немам доволно.“
- „Ќе продолжам уште еден месец да штедам.“
- „Ќе работам нешто за да заработам дополнително.“
- „Ќе барам попуст или ќе ја купан топката кога ќе биде на акција.“
- „Ќе користам старата топка ако не соберам доволно.“

**Категории на одговори**

| Категорија | Опис | Типични реченици | % одговори (приближно) |
|---|---|---|---|
| **Целосно одговориле** | Дале конкретна сума за секој месец и објасниле што ќе направат ако недостигаат пари | „Секој месец ќе штедам по 400 денари. Ако ми недостасуваат ќе побарам од родителите.“ „Првиот месец 500, вториот 500, третиот 200. Ако ми недостигаат ќе прашам мама и тато.“ „Ќе штедам по 500 денари месечно, ако ми фалат ќе продолжам уште еден месец.“ | **60–70%** |
| **Делумно одговориле** | Спомнале само колку ќе штедат месечно или само што би направиле ако недостигаат пари | „Ќе штедам по 400 денари секој месец.“ „Ќе побарам од родителите ако ми недостасуваат пари.“ „По 300 денари месечно.“ | **15–20%** |
| | Дале креативни идеи за штедење или алтернативи | „Ќе купам поевтина топка ако немам доволно.“ „Ќе продолжам уште еден месец да штедам.“ „Ќе работам нешто за да заработам дополнително.“ „Ќе барам попуст или акција.“ | **10–15%** |
| **Нејасни / „не знам“** | Одговори без врска или со „не знам“ | „Не знам.“ „Седи.“ | **5–10%** |

Анализа на податоци од анкетата со ученици од деветто одделение

*Демографски податоци*

- Вкупно анкетирани: 1166 ученици (721 на македонски и 445 на албански јазик)
- Полова распределба: 49.1% момчиња, 50.9% девојчиња
- Возраст: 80.6% се на возраст од 14 години, додека 15.8% се 13 годишни деца

*Прашања и точност на одговорите*

1. Што претставува буџет?
   - 88.4% - План за трошоци и приходи
   - 4.5% - Банковен документ
   - 3.6% - Вид на кредит
   - 3.3% - Начин на мерење на инфлација

2. Што е каматна стапка? (отворено прашање)
   - 30% одговориле точно (речиси точно) и ја дефинирале каматната стапка.
   - 25% делумно точно, со ограничено или непотполно објаснување.
   - 20% погрешно ја дефинирале каматната стапка (мешање со други поими).
   - 25% не одговориле или рекле „не знам“.

**3.** Замисли дека си заштедил 10.000 денари во банка. Банката ти нуди годишна каматна стапка од 2%. Колку пари ќе имаш по една година, ако не се пресметуваат даноци и дополнителни трошоци?

- 50%, одговориле точно, односно 200 денари повеќе
- 50% одговориле погрешно, од кои 18% избрале *„12.000 денари поради инфлацијата“*.




**4.** Зошто е важно да се прави разлика меѓу „желби“ и „потреби“ при трошењето на пари? (отворено прашање)

- Повеќето (55–60%) ученици дале точни и целосни одговори, со јасна разлика меѓу желби и потреби.
- 20% делумно точно, со кратки или непотполни објаснувања.
- 5% погрешно или неповрзано.
- 15–20% воопшто не одговориле (само „не знам“ или празни).

Сумиарнататабела од одговорите на прашањето е ддадена подолу:

| **Категорија** | **Опис** | **Типични примери** | **% одговори (приближно)** |
|---|---|---|---|
| **Точно и целосно објаснување** | Учениците јасно објаснуваат дека потребите се неопходни (храна, сметки, облека), а желбите се нешта што сакаме, но не се неопходни. Важно е да се прави разлика за да се управува паметно со парите, да се избегнат непотребни трошоци и долгови. | „Потребите се нешта без кои не можеме да живееме — како храна, вода, облека“ „Желбите можат да почекаат, потребите мора да се задоволат веднаш“ „Разликувањето помага да се планира буџетот и да се избегнат непотребни трошоци“ | **55–60%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Делумно точно** | Одговори што ја допираат идејата, но се кратки или сенепотполни. | „За да се заштедат пари"<br>„Да не ги потрошиме сите пари во една недела"<br>„Потребите се поважни од желбите" | **20%** |
| **Погрешно / Неповрзано** | Одговори што ја мешаат темата со нешто друго или не ја објаснуваат суштината. | „Камата"<br>„Со желби ги бериме парите, со потреби ги трошиме."<br>„Едно е желба, друго е реалноста" | **5%** |
| **Не одговориле / 'Не знам'** | Одговори како „не знам", празни или со симболи. | „Не знам."<br>„..."<br>„/" | **15–20%** |

**5.** Ана месечно добива 1.200 денари џепарлак. Сака да заштеди за слушалки (3.600 денари). Ако секој месец штеди по 400 денари, за колку месеци ќе може да ги купи?

- 66.7%, одговориле точно, односно за 9 месеци.
- 33.3% одговориле погрешно.

**6.** Имаш 500 денари и сакаш да купиш подарок од 400 денари. Колку ќе ти останат? Што би направил/а со остатокот? (отворено прашање)

- Голем дел (75–80%) од учениците одговориле целосно и точно – дека ќе им останат 100 денари и објасниле како би ги искористиле.
- Околу 10% одговориле делумно (само на едно од прашањата).
- Околу 10–15% не одговориле или дале неповрзан одговор.

**Категории на одговори**

| Категорија | Опис | Типични примери | **% одговори (приближно)** |
|---|---|---|---|
| **Точно – одговориле на двете прашања** | Учениците кажале дека ќе им останат 100 денари и објасниле што ќе направат со нив (штедење, купување храна, пијалак, дополнителен подарок, донација, инвестиција итн.). | „Ќе ми останат 100 денари и ќе ги заштедам"<br>„Ќе ми останат 100 денари и ќе купам чоколадо"<br>„Ќе ми останат 100 денари и ќе ги ставам во каса" | ≈75–80% |
| **Делумно – одговориле само на едно прашање** | Кажале само колку ќе остане (100 денари), но не кажале што би направиле со нив. Или обратно – кажале што би направиле, но не ја навеле сумата. | „Ќе ми останат 100 денари"<br>„Ќе ги чувам" | ≈10% |
| **Не одговориле** / 'Не знам' / Неповрзано | Одговори како „не знам", празни, симболи или неповрзани реченици. | „Не знам"<br>„/"<br>„...." | ≈10–15% |

**7.** Луна има две понуди за мобилен телефон: Понуда А: 10 рати × 1.200 денари. Понуда Б: еднократно плаќање 11.000 денари. **Која понуда е поповолна и зошто? (отворено прашање)**

- Повеќето ученици (≈55%) ја избрале Понуда Б како поповолна, бидејќи е поевтина за 1.000 денари.
- Околу 25% ја избрале Понуда А, нагласувајќи ја практичноста на плаќање на рати.
- 10% сметаат дека плаќањето ќе зависи од моменталната финансиска состојба.
- 10% не одговориле или дале неповрзан одговор.

**Категории на одговори**

| Категорија | Опис | Примери | **% одговори (приближно)** |
|---|---|---|---|
| **Понуда Б – поевтино (рационално објаснување)** | Учениците пресметале дека Понуда Б е поевтина за 1.000 денари и затоа е поповолна. | „Понуда Б е поповолна, затоа што ќе се плати 1.000 денари помалку“ „Еднократното плаќање е поевтино – 11.000 наспроти 12.000“ | ≈55% |
| **Понуда А – полесно плаќање на рати** | Учениците сметаат дека Понуда А е поповолна бидејќи е полесно да се плаќа месечно по 1.200 денари, иако е поскапо. | „Понуда А бидејќи е на рати и не мора сите пари одедна да се исплатат“ „Полесно е да плаќаш 1.200 месечно отколку одеднаш да се дадат 11.000 “ | ≈25% |
| **Зависно од ситуацијата** | Некои одговори велат дека зависи од буџетот – ако има пари подобро е Б, ако нема тогаш А. | „Зависи од ситуацијата – ако може да си дозволи, подобро е Б, ако не, тогаш подобра е опцијата А.“ | ≈10% |
| **Не знам / неповрзано** | Ученици кои одговориле „не знам“, празно или неповрзано. | „Не знам.“ „Naznam.“ „///“ | ≈10% |

**8.** Во семејниот буџет, родителите трошат:

- 30% од приходите за храна
- 20% од приходите за кирија за станот
- 10% од приходите за сметки
- 20% од приходите за транспорт
- 20% од приходите за забава

**9. Ако семејниот приход е 30.000 денари, колку изнесуваат трошоците за транспорт?**

- На ова прашање точно одговориле 56.3% од учениците.

**10.** Дали е подобро да штедиш пари во банка или дома **– да ги чуваш „под перница“? Напиши најмалку две причини зошто мислиш така. (отворено прашање)**

- Околу 60% сметаат дека е подобро да се штеди во банка – поради сигурност и камата.
- 20% сметаат дека е подобро дома – поради достапност и контрола.
- 10% велат дека зависи од ситуацијата или комбинираат (дел дома, дел во банка).
- 10% не одговориле или дале неповрзан одговор.

**Категории на одговори**

| Категорија | Опис | Примери | % одговори (приближно) |
|---|---|---|---|
| **Во банка – поради безбедност и камата** | Најголем дел од учениците сметаат дека е подобро да се штеди во банка бидејќи парите се побезбедни (заштита од кражба, пожар, губење) и можат да носат камата. | „Во банка бидејќи парите се побезбедни.“ „Во банка добиваш камата.“ „Во банка не можеш лесно да ги потрошиш.“ | **≈60%** |
| **Дома – поради достапност и контрола** | Некои ученици сметаат дека е подобро да се чуваат дома бидејќи се секогаш при рака, не се плаќаат провизии и можат веднаш да се користат. | „Под перница е подобро бидејќи ги имаш при рака.“ „Во банка земаат процент, дома никој не ти зема.“ | **≈20%** |
| **Зависи од ситуацијата / комбинирано** | Некои одговори велат дека зависи од условите – ако имаш голема сума подобро е во банка, ако е мала може дома. Некои предлагаат половина дома, половина во банка. | „Пола дома, пола во банка.“ „Зависи од возраста и сумата.“ | **≈10%** |
| **Не знам / неповрзано** | Одговори како „не знам“, празни, симболи или неповрзани реченици. | „Neznam.“ „....“ „///“ | **≈10%** |

**11.** При избор на кредит, на што треба најмногу да внимаваш?

- 75% - На каматната стапка, рокот наотплата и вкупната сума што ќе јавраќаш
- 11.9% - На тоа колку брзо можеш да ги подигнеш парите
- 9.3% - На бојата на картичката и подарокот што ќе го добиеш
- 3.8% - На реклами и попусти

**12.** Замисли дека вашето училиште планира излет за целата генерација од 100 ученици. Цената за организација на излетот е 120.000 денари. (отворено прашање)

**(1) Колку пари треба да плати секој ученик ако сите учествуваат еднакво во трошоците?**

**(2) Ако некои ученици не можат да платат, кои други начини би можеле да се искористат за да се соберат потребните средства? Наведи барем два предлога.**

На првото прашање, точен одговор (1.200 денари) дале околу 50–55% од учениците. Неточни одговори има околу 30–35%. Не одговориле/„не знам“: околу 15–20%.

Дале барем еден предлог: околу 60–70%. Дале два или повеќе предлози (како што бара задачата): околу 30–35%. Не одговориле / „не знам“: околу 30–40%.

Најчести предлози:

- Хуманитарен базар/панаѓур/продажба: колачи, ракотворби, приредби, концерти, спортски турнири.
- Донации/солидарна доплата: секој ученик да додаде симболично (+10–20 денари) за оние што немаат; помош од родители, наставници, родителски совет.
- Спонзорства/општина/локални бизниси: барање финансиска поддршка (CSR, грантови).
- Училишен буџет/фонд: делумно покривање на трошоци.
- Плаќање на рати: поделба на 1.200 на 2–3 месечни уплати.
- Помалку соодветни идеи: кредити/„камата“, исклучување („да не оди“), нереални износи.

**13.** Замисли дека имаш 1.000 денари за една недела. Направи мини-буџет и распредели ги парите во три категории:

**– потреби (храна, превоз...),**
**– желби (кино, слатки, игри...),**
**– штедење.**

**(1). Напиши колку пари би ставил во секоја категорија и објасни зошто. (отворено прашање)**

**(2). Од целиот буџет што го замисли (од прашањето 12а), колку пари би ти останале за штедење?**

Поголемиот дел од учениците ја разбрале задачата и дале три категории со логична распределба.

Најчестата формула е 500/300/200, што е речиси идентично со светски познатото правило 50/30/20 за буџетирање.




Сепак, има значаен дел (~1/3) кои или не одговориле целосно, или ставиле нелогични суми.

Соодветни одговори (целосна распределба, околу 65% од сите ученици):

- Учениците ги навеле сите три категории со конкретни суми.
- Најчести комбинации:
- 500/300/200 (потреби/желби/штедење) → најчесто повторуваната формула.
- 600/200/200 → повеќе за храна, помалку за забава.
- 400/300/300 → балансирано меѓу забава и штедење.
- Овие одговори се соодветни, бидејќи ја следат задачата и даваат објаснување.

Делумно соодветни одговори (околу 20% од учениците)

- Учениците навеле само две категории (на пр. потреби + штедење, без желби). Или навеле три категории, но со небалансирани суми (на пр. сите 1.000 само во една категорија). На пример, „700 за храна, 300 за желби, 0 за штедење“ „1.000 само за храна“, „800 за храна, 200 за штедење, 0 за желби“ .
- Несоодветни / невалидни одговори дале околу 10–15% од учениците
- Нелогични суми (на пр. 10.000 евра, 3.000 денари).
- Одговори без категории или само со зборови („само храна“, „само штедење“).

**(2). Од целиот буџет што го замисли (од прашањето 12а), колку пари би ти останале за штедење?**

- Најчеста вредност: 200 денари = 20% од буџетот (1/4 од учениците).
- Втора најчеста: 300 денари = 30% од буџетот (околу 18%).
- Мали суми (10–15%) → ≈ 27% одговори.
- Нема штедење (0%) → ≈ 15%.
- Екстремни вредности (100%+ од буџетот) → ≈ 2% и се несоодветни.

# Анализа на податоци од анкетата со родителите

***Демографски податоци***

- Вкупно анкетирани:
  2304 родители (1581 Македонци и 723 Албанци)
- Полова распределба: 78.8% жени, 21.2% мажи

Возраст:

- под 30 години (3.3%)
- 30- 39 години (40.2%)
- 40- 49 години (50%)
- над 50 години (6.5%)

Образование:

- Основно (20.9%)
- Средно (33.8%)
- Високо (35.6%)
- Постдипломски (9.7%)

Работен статус:

- Вработени, 65,4% (82.5% Македонци, 48.4% Албанци)
- Невработени, 33,6 (16.6% Македонци, 50.6% Албанци)
- Пензионери 1%

Број на деца во основно образование:

- Едно дете (41.5%)
- Две деца (43.8%)
- Три и повеќе деца (14.7%)



**Демографски податоци на анкетирани родители**

***Прашања и точност на одговорите***

**1. Кој е официјалниот код за валутата на Македонија?**

Точно одговориле 54.7%

**2. Купувате училишен прибор кој чини 1.450 денари. Плаќате со 2.000 денари. Колку кусур ќе добиете?**

Точно одговориле 89.2%

**3. Кога купувате нешто, како најчесто плаќате - со кеш или со картичка? Зошто? (отворено прашање).**

- Картичката е најчесто користена (43%), но кешот е многу блиску (41%) – што покажува дека двете форми се речиси рамноправни.
- 12% одговори велат „и двете“ или „зависи“, што укажува на флексибилност според ситуацијата.
- Најчестото објаснување е практичноста („полесно, побрзо“) – тоа е главниот фактор за избор.

**Најчести објаснувања**

При анализата на сите објаснувања, најчесто повторувани мотиви се:

Практичност / Полесно / Побрзо

- „Со картичка бидејќи е полесно и побрзо“
- „Кеш затоа што ми е поедноставно“
- Ова е најчестиот аргумент (се јавува во над 40% од објаснувачките одговори).

Сигурност / Безбедност

- „Со картичка бидејќи е побезбедно“
- „Кеш затоа што е посигурно“

Контрола / Прегледност на трошоци

- „Со картичка имам подобар увид во трансакциите“
- „Кеш затоа што имам поголема контрола врз финансиската состојба“

Навика / Условеност од околности

- „Кеш, од навика“
- „И двете, зависи дали има POS терминал“
- „Не сум вработен/а, немам картичка“

**4. Погледнете ја ова фискална сметка. Колку е вкупниот износ на ДДВ? (Се покажува фискална сметка, отворено прашање).**

- Повеќе од половина (52%) одговориле точно.
- Најчестата грешка е мешање со вкупниот промет.

**5. Дали правите семеен буџет?**

- Да, секогаш (53.3%)
- Понекогаш (39.4%)
- Никогаш (7.3%)

**6. За што најчесто штедите?**

- За непредвидени трошоци/ситуации (32.8%)
- За образование (лично или за децата) (27%)
- За патувања или одмори (15,4%)
- Не успеваме да штедиме (15,7%)
- Друго (9.1%)

**7. Имате дополнителен приход од 5.000 МКД овој месец. Како би ги искористиле? (отворено прашање).**

- Најголем дел (39%) би ги заштедиле – што покажува силна ориентација кон сигурност и непредвидени ситуации.
- Децата се втор приоритет (32%), што ја нагласува важноста на образованието и грижата за семејството.
- Основните потреби (23%) – храна и сметки – остануваат критични во контекст на високата инфлација и ограничени приходи.
- Не одговориле (6%).

Мнозинството одговори се кратки („Ќе ги заштедам“, „За децата“, „За храна“), но голем дел даваат и конкретни детали (на пр. „Ќе купам зимска облека за децата“, „Ќе ги ставам на штедна книшка“, „Ќе платам сметки за струја“).

**8. Вашето дете сака да оди на училишна екскурзија која чини 5.000 денари, но тоа би значело да се откажете од вашата месечна заштеда. Како би постапиле во оваа ситуација?**

- Ќе ја искористам заштедата –екскурзијата е важна за неговотоискуство и социјализација (67,1%)
- Ќе му објаснам на детето дека оваа година не можеме да си го дозволиме тоа (17.6%)
- Ќе се обидам да најдам дополнителен приход или поддршка за да не ја допирам заштедата (15.3%)

**9. Ако банката нуди годишна каматна стапка од 3% на депозит, колкава камата би се остварила од вложени 10.000 денари по една година (без даноци и дополнителни трошоци)?**

- Точно одговориле 63.3%.

**10. Дали би инвестирале во опција со висок профит, но и висок ризик?**

- Да (8.7%)
- Не (53.1%)
- Можеби (38.2%)

**11. Сценарио: Ви нудат инвестиција со 15% годишен принос, но без гаранција. Имате 10.000 МКД. Што правите?**

- Инвестирате сѐ (6.6%)
- Делумно инвестирате (30.5%)
- Не инвестирате (51.1%)
- Друго (11.8%)

**12. Пријател ви нуди „брза заработка" преку криптовалути, но не ви дава детали. Дали би вложиле?**

- Да (3.4%)
- Не (79.5%)
- Само по дополнителна проверка (17.1%)

**13. Каде сметате дека е најсигурно да ги чувате вашите заштеди?**

- Во банка (69%)
- Дома (кеш) (20.7%)
- Кај роднини (0.8%)
- Во инвестициски фонд (9.5%)

**14. Од каде најчесто добивате информации поврзани со финансиски услуги?**

- Од банка (50.1%)
- Од интернет/медиуми (28.7%)
- Од пријатели/роднини (6.6%)
- Имам свој финансиски советник (5%)
- Друго (9.8%)

**15. Ако сакате да отворите штедна сметка за вашето дете, кои фактори би ги земале предвид?**

- Банката да има убаво уредени простории и љубезни вработените (9%)
- Висината на каматната стапка, сигурноста на банката (50.1%)
- Можноста да се подигнат парите во секој момент, без надоместок (24%)
- Близината на банката – да биде лесно достапна (5.6%)
- Флексибилноста (11.3%)

**16. Дали разговарате со вашето дете за пари/трошоци?**

- Да, секогаш (49.9%)
- Повремено (43.8%)
- Не, никогаш (6.3%)

**17. Според вас, од кое одделение треба децата да почнат да учат за парите?**

- I - III одделение (35.7%)
- IV - VI одделение (35%)
- VII - IX одделение (18.7%)
- Во средно образование (5.6%)
- На факултет (2.2%)
- Децата не треба да учат за парите (2.8%)

**18. Кој е најважниот финансиски поим што сакате вашето дете да го знае? (отворено прашање)**

- Штедење е апсолутно најчестиот поим (61%) – родителите го гледаат како основа за финансиска писменост и сигурност.
- Вредност и рационално трошење (14%) – акцент на тоа да се цени трудот и да не се трошат залудно.
- Буџетирање (9%) – важноста на планирање, евиденција и управување со приходи и расходи.
- Заработка (7%) – да се знае дека парите доаѓаат со труд и чесна работа.
- Инвестирање (6%) – помалку застапено, но значајно за иднината и финансиска независност.

**19. Опишете ситуација кога сте го научиле вашето дете нешто важно за парите. (отворено прашање)**

- Игра / симулација на купување (≈41%). Најчесто родителите опишуваат ситуации преку игра: „игра пазарење“, „касиер-купувач“, симулации во маркет. Ова покажува дека децата најлесно учат преку практична игра и имитација на реални ситуации.
- Часови / едукација на тема финансии (≈28%). Дел од родителите споменуваат формално учење: часови за финансии, објаснување на финансиски поими. Ова укажува на потреба од структурирана едукација.
- Семејни вежби / домаќинство (≈18%). Родителите наведуваат активности дома: заедничко планирање на буџет, семејни вежби. Ова ја нагласува улогата на семејството како примарна средина за финансиско воспитување.
- Математички задачи со пари (≈10%). Некои родители користат математика поврзана со пари: пресметки, задачи каде финансии се комбинираат со математика. Ова ја поврзува финансиската писменост со академските вештини.
- Несоодветни / неважечки одговори (≈3%). Мал дел од одговорите се случајни или неважечки („гфд“).

**20. Предложете семејна или училишна активност што би му помогнала на вашето дете да стане финансиски写 писмено. (отворено прашање).**

- Најчесто се споменуваат игри и симулации (28%) – децата учат преку игра, пазарење, Монопол.
- Веднаш потоа е штедење и буџетирање (24%) – касички, џепарлак, планирање.
- Училишни активности (21%) се третата најчеста идеја – нови предмети, работилници, базари.
- Практични искуства (16%) и разговори дома (7%) се исто важни, но помалку застапени.
- Инвестирање и напредни концепти се спомнати ретко (4%).
- Околу 7% одговори се празни или „не знам“.

**21. Дали сметате дека содржини од финансиска писменост треба да се учат во рамки на редовните предмети, слободните изборни предмети, или воннаставни активности? (отворено прашање)**

- Во редовните предмети ≈ 44%
- Во изборни / дополнителни ≈ 24%
- Во сите форми / комбинација ≈ 18%
- Не треба / не гледаат потреба ≈ 9%
- Несфатливо ≈ 5%

**22. Дали некогаш сте купиле производ или услуга преку интернет?**

- Да (80.1%)
- Не (19.9%)

**23. Ако да, колку пари отприлика трошите месечно за купувања преку интернет?**

- Помалку од 2.000 денари (53.5%)
- Од 2.000 - 5.000 денари (20.2%)
- Од 5.000 - 15.000 денари (3.3%)
- Над 15.000 денари (1.4%)
- Не купувам преку интернет (21.6%)

**24. Ако да, дали преземате дополнителни мерки за да проверите дали веб-страницата е безбедна пред да платите?**

- Да (70%)
- Не (30%)

**25. Дали сметате дека некогаш сте биле измамени преку интернет?**

- Да (30.6%)
- Не (48.5%)
- Можеби, не сум сигурен/а (20.9%)

**26. Дали некогаш сте вложиле пари во нешто за што ви ветиле брза и голема заработка**

- Да: 10%

**27. Дали некогаш сте земале „брз кредит"?**

- Да: 8.1%

**28. Дали сметате дека банката или финансиската институција ви обезбедува доволно јасни и достапни информации за вашите права и обврски пред да користите финансиски производи или услуги (како што се кредити, штедни сметки, осигурување)?**

- Да (46%)
- Не (20%)
- Делумно (34%)

## Анализа на податоци од анкетата со наставници

***Демографски податоци***

- Вкупно анкетирани: 1201 наставници (768 Македонци и 433 Албанци)
- Полова распределба: 73.1% жени, 26.9% мажи

Возраст:

- под 30 години (13%)
- 30- 39 години (28%)
- 40- 49 години (35%)
- над 50 години (24%)

Образование:

- Високо (90.4%)
- Постдипломски (9.6%)

Работен статус:

- На неопределено  85%
- На определено 15%

Предметна област:

***Прашања и точност на одговорите***

**1. Кој е официјалниот код за валутата на Македонија?**
Точно одговориле 54.7%

**2. Купувате училишен прибор кој чини 1.450 денари. Плаќате со 2.000 денари. Колку кусур ќе добиете?**
Точно одговориле 91%

**3. Кога купувате нешто, како најчесто плаќате - со кеш или со картичка? З**ошто? (отворено прашање).

- Со картичка → околу 65%
- Со кеш (готовина) → околу 25%
- Комбинирано (и кеш и картичка, зависи од ситуација/сума) → околу 10%




Најчести објаснувања
При анализата на сите објаснувања, најчесто повторувани мотиви се:

- Картичката доминира како најчест избор – луѓето ја преферираат бидејќи е полесна, побрза, попрактична и побезбедна.
- Кешот е втор избор – најчесто поради навика, чувство за сигурност и подобра контрола врз трошоците, како и недостиг на POS терминали.
- Комбинираното плаќање е резервирано за оние што сакаат флексибилност според ситуацијата или сумата.

**4. Погледнете ја ова фискална сметка. Колку е вкупниот износ на ДДВ? (Се покажува фискална сметка, отворено прашање).**

- Повеќе од половина (58%) од наставниците одговориле точно.
- Најчестата грешка е мешање со вкупниот промет.

**5. Дали правите семеен буџет?**

- Да, секогаш (59%)
- Понекогаш (35%)
- Никогаш (6%)

**6. За што најчесто штедите?**

- За непредвидени трошоци/ситуации (36%)
- За образование (лично или за децата) (22%)
- За патувања или одмори (21%)
- Не успеваме да штедиме (20%)
- Друго (1%)

**7. Имате дополнителен приход од 5.000 МКД овој месец. Како би ги искористиле? (отворено прашање).**

- Заштеда / штедење / банка / девизи / инвестирање
- Најчестиот одговор. Наставниците велат дека би ги тргнале на страна, би ги ставиле во банка, би ги конвертирале во евра или би инвестирале. Процент: ~55%
- Семејство и деца (образование, потреби, подароци, лекови, семеен буџет)
- Втор најчест избор. Парите би се насочиле кон децата, нивното образование, лекови, гардероба или семејни ручеци. Процент: ~18%
- Патување / одмор / прошетка / рекреација
- Популарна категорија – користење на приходот за патување, одмор или прошетка. Процент: ~12%
- Секојдневни трошоци / храна / сметки / долгови / автомобил
- Практичен избор – покривање на сметки, храна, гориво, кредити или сервис на автомобил. Процент: ~10%
- Лични потреби / шопинг / гардероба / книги / козметика / хоби
- Помал дел би ги искористиле за лични задоволства: гардероба, козметика, книги, парфем, спортски активности. Процент: ~5%

**8. Вашето училиште организира екскурзија, но дел од учениците немаат финансиски можности да учествуваат. Дали сметате дека училиштето треба да воспостави фонд за поддршка на ученици од социјално ранливи категории?**

Околу 97% сметаат дека училиштето треба да воспостави фонд за поддршка на ученици од социјално ранливи категории.

**9. Ако банката нуди годишна каматна стапка од 3% на депозит, колкава камата би се остварила од вложени 10.000 денари по една година (без даноци и дополнителни трошоци)?**

Точно одговориле 72.5%.

**10. Дали би инвестирале во опција со висок профит, но и висок ризик?**

- Да (12%)
- Не (50%)
- Можеби (38%)

**11. Сценарио: Ви нудат инвестиција со 15% годишен принос, но без гаранција. Имате 10.000 МКД. Што правите?**

- Инвестирате сè (8%)
- Делумно инвестирате (33%)
- Не инвестирате (50%)
- Друго (9%)

**12. Пријател ви нуди „брза заработка“ преку криптовалути, но не ви дава детали. Дали би вложиле?**

- Да (2.4%)
- Не (77.6%)
- Само по дополнителна проверка (20%)

**13. Каде сметате дека е најсигурно да ги чувате вашите заштеди?**

- Во банка (70%)
- Дома (кеш) (16.3%)
- Кај роднини (0.1%)
- Во инвестициски фонд (13.6%)

**14. Од каде најчесто добивате информации поврзани со финансиски услуги?**

- Од банка (57%)
- Од интернет/медиуми (27.5%)

- Од пријатели/роднини (4%)
- Имам свој финансиски советник (5%)
- Друго (6.5%)

**15. Ако сакате да отворите штедна сметка за вашето дете, кои фактори би ги земале предвид?**

- Банката да има убаво уреденипростории и љубезни вработените (10%)
- Висината на каматната стапка, сигурноста на банката.. (45%)
- Можноста да се подигнат парите во секој момент, без надоместок.. (30%)
- Близината на банката – да биде лесно достапна.. (5%)
- Флексибилноста (10%)

**16. Дали разговарате со учениците за пари/трошоци?**

- Да, секогаш (13.6%)
- Повремено (63.6%)
- Не, никогаш (22.8%)

**17. Според вас, од кое одделение треба децата да почнат да учат за парите?**

- I - III одделение (30%)
- IV - VI одделение (40%)
- VII - IX одделение (23%)
- Во средно образование (5%)
- На факултет (1%)
- Децата не треба да учат за парите (1%)

**18. Кои се најважните финансиски поими што сметате дека учениците треба да ги знаат?** (отворено прашање)

Најчестите теми што учениците треба да ги знаат се: штедење, буџет, приходи и расходи, камата/кредит, валута/инфлација, инвестиции и даноци.

- Штедење / заштеда - Најчесто споменуван поим – скоро секој втор одговор го наведува штедењето како основа на финансиската писменост. Процент: ~40%
- Буџет / приходи и расходи / планирање - Многу одговори се насочени кон разбирање на буџетот, приходите, трошоците и рационално планирање. Процент: ~20%
- Камата / каматна стапка / кредит / депозит - Основни банкарски поими: камата, кредити, задолжување, депозити. Процент: ~15%
- Пари / валута / вредност / инфлација / проценти - Основни концепти за пари, валути, девизни курсеви, инфлација и проценти. Процент: ~10%
- Инвестиции / профит / загуба / ризик / берза / фондови - Некои одговори споменуваат инвестирање, профит, загуба, акции, фондови и ризици. Процент: ~10%
- Други поими (данок, ДДВ, кусур, попуст, картички, банкарска сметка, финансиска стабилност, хуманост). Ретки, но важни поими за секојдневно и напредно финансиско знаење. Процент: ~5%

**19. Опишете конкретна ситуација од наставната практика во која ги подучувавте учениците за донесување финансиска одлука. (отворено прашање)**

- Штедење / рационално трошење - Најчесто споменувана практика – учениците се учат да штедат, да не трошат на непотребни работи, да прават разлика меѓу потреби и желби, да чуваат пари од џепарлак или подароци. Процент: ~35%
- Буџетирање / планирање на приходи и расходи - Учениците прават личен или семеен буџет, со фиктивна плата или реални трошоци; учат да распределуваат средства за храна, прибор, екскурзии и да поставуваат приоритети. Процент: ~20%
- Купување и споредување цени (училишен прибор, облека, храна,

екскурзии, роденденски забави) - Практични примери: избор на поевтин производ, споредување квалитет и цена, купување прибор или облека, одлуки при екскурзии или забави. Процент: ~18%

- Математички задачи (проценти, камата, добивка/загуба) - Преку математика: пресметки на проценти, каматни стапки, заработка и загуба, задачи со пари, Excel табели. Процент: ~12%
- Екскурзии / активности со ограничен буџет - Учениците учат да планираат трошоци за екскурзија, да одлучат како да го потрошат џепарлакот за сите денови, да споредуваат понуди. Процент: ~8%
- Инвестиции / ризик / берза / криптовалути - Ретки, но интересни примери – дискусии за инвестирање, ризик, фондови, криптовалути, отворање мал бизнис. Процент: ~5%
- Други (донации, хуманитарни акции, семејни финансии, инфлација, осигурување) - Поединечни ситуации со поширок контекст – собирање средства за другарче, хуманитарни акции, семејни буџети, инфлација. Процент: ~2%

**20. Предложете училишна активност што би им помогнала на учениците да станат финансиски писмени. (отворено прашање)**

- Работилници / предавања / обука - Најчесто предложени – организирање работилници со наставници, родители или стручни лица (банкарски службеници, финансиски советници). Вклучуваат презентации, дискусии, практични задачи и симулации. Процент: ~25%
- Базари / продажни акции - Учениците создаваат производи (рачно изработки, храна, креативни проекти) и ги продаваат на училишни базари. Преку тоа учат за цени, трошоци, добивка, штедење и рационално трошење. Процент: ~22%
- Буџетирање / планови за штедење - Изработка на личен, семеен или класен буџет; планови за штедење за екскурзии, училишен материјал или хуманитарни цели. Вклучува и Excel табели, графикони и пресметки. Процент: ~18%
- Симулации / играње улоги (банка, продавница, монопол) - Учениците играат улоги како банкари, инвеститори, продавачи и купувачи. Симулации на банка, продавница или игри како монопол прилагоден за нивната возраст. Процент: ~15%
- Математички задачи / практични пресметки - Решавање задачи со проценти, камата, девизи, курсеви, добивка и загуба. Вежби со банкноти, задачи за намалување/зголемување на цени. Процент: ~10%
- Хуманитарни акции / фондови - Собирање средства за другарче во неволја, за библиотека или за училишни потреби. Формирање класни фондови и училишни каси за заеднички цели. Процент: ~7%
- Други (филмови, истражувања, спорт, креативни активности) - Ретки, но интересни идеи – гледање филмови за сиромаштија, истражувања со родители, спортски активности со финансиски теми. Процент: ~3%

**21. Дали сметате дека содржини од финансиска писменост треба да се учат во рамки на редовните предмети, слободните изборни предмети, или вonнаставни активности? (отворено прашање)**

- Слободни изборни предмети - Најчесто споменувани – финансиската писменост како посебен изборен предмет или интегрирана во постоечките изборни (економија, иновации, претприемништво). Процент: ~38%
- Редовни предмети (математика, иновации, граѓанско образование, информатика, физика, јазици) - Многу одговори предлагаат финансиската писменост да се интегрира во наставните содржини на редовните предмети. Процент: ~27%
- Еден од одговорите беше:
- „Мислам дека финансиската писменост треба да се вклучи во редовните предмети, како математика, општество и граѓанско образование, бидејќи тие природно овозможуваат обработка на теми поврзани со пари и одговорно однесување. Исто така, може да се збогати и преку воннаставни активности, како училишни проекти,

работилници и игри со финансиски симулации."

- Вонннаставни активности - Дел од одговорите сметаат дека најдобро е преку практични активности надвор од наставата: базари, посети на банки, квизови, натпревари, работилници. Процент: ~22%
- Комбиниран пристап (во сите формати) - Некои учесници велат дека треба да се учи во сите рамки – редовни, изборни и воннаставни. Процент: ~8%
- Неодредени / несигурни („не знам", „не треба") - Мал дел одговори не даваат конкретен став или сметаат дека не е потребно во основно образование. Процент: ~5%

**22. Дали некогаш сте купиле производ или услуга преку интернет?**

- Да (91.%)
- Не (9%)

**23. Ако да, колку пари отприлика трошите месечно за купувања преку интернет?**

- Помалку од 2.000 денари (70%)
- Од 2.000 - 5.000 денари (25%)
- Од 5.000 - 15.000 денари (3%)
- Над 15.000 денари (2%)

**24. Дали презимате дополнителни мерки за да проверите дали веб-страницата е безбедна пред да платите?**

- Да (85%)
- Не (15%)

**25. Дали сметате дека некогаш сте биле измамени преку интернет?**

- Да (32%)
- Не (46%)
- Можеби, не сум сигурен/а (22%)

**26. Дали некогаш сте вложиле пари во нешто за што ви ветиле брза и голема заработка**

- Да: 12%

**27. Дали некогаш сте земале „брз кредит"?**

- Да: 10%

**28. Дали сметате дека банката или финансиската институција ви обезбедува доволно јасни и достапни информации за вашите права и обврски пред да користите финансиски производи или услуги (како што се кредити, штедни сметки, осигурување)?**

Да (43%) Не (17%) Делумно (41%)

